# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## ОБРАЗОВАНИЕ СО КОВИД И ЗА ИДНИНА



FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

БРОЈ 8
12|2020




Во време на криза од невидени размери и економски предизвици кои го зафатија цел свет, се отворија низа прашања и за иднината на македонската економија. За таа цел, од почетокот на кризата, па до денес, група на економисти, социолози, инженери, банкари, поранешни и актуелни министри работеа на поставување на "големата слика" за македонската економија. Препораките укажуваат на низа можности за градење на подобра иднина доколку се применат соодветни стратегии и модели, кои ќе одговорат на прашањето "Каде сакаме да се видиме на среден и долг рок?".

Публикацијата можете да ја преземете на линкот:
http://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/16896.pdf

# Предизвици

СПИСАНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА

## ОБРАЗОВАНИЕ СО КОВИД И ЗА ИДНИНА

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ИМПРЕСУМ

**ПРЕДИЗВИЦИ** - списание за општествени прашања

**ТРИМЕСЕЧНИК** - излегува четири пати годишно (март/јуни/септември/декември)

ГОДИНА II
БРОЈ 8
ДЕКЕМВРИ 2020
бесплатен примерок

**ИЗДАВА**
ФРИДРИХ ЕБЕРТ ФОНДАЦИЈА – СКОПЈЕ



**РЕДАКЦИЈА:**
Манчо Митевски (главен уредник)
м-р Нита Старова (заменик главен уредник)
Огнен Малески
д-р Ванчо Узунов
д-р Ана Чупеска
м-р Лура Положани



**ЛЕКТОР:**
Инда Костова Савиќ

**ГРАФИЧКИ УРЕДНИК:**
Ели Гроздановска, КОНТУРА

**ПЕЧАТИ:**
КОНТУРА

**ТИРАЖ:**
200



Текстовите се примаат на адреса:
Фридрих Еберт Фондација
бул. 8 Септември 2/2-5
1000 Скопје (ТЦЦ Гранд Плаза)
Тел. + 389 2 3093-181/-182
Е-пошта: nita.starova@fes-skopje.org

# ЕДИТОРИЈАЛ



АНА ЧУПЕСКА

На крајот сме на пандемичната 2020 година. Несомнено, оваа година ќе се памети, прераскажува и истражува и во догледна иднина. Предизвиците што ги обелодени пандемијата, впрочем, веќе беа тука – со нас, иако неолибералниот поредок се чини дека предолго ги игнорираше. Па така, присуството на вирусот придонесе само кон акселерирација на веќе постојните проблеми, со кои сега моравме конечно и дефинитивно да се соочиме.

Тоа, пред сé, се глобалните проблеми поврзани со заштитата на животната средина; начинот на кој оперираат економиите во светот во услови на неолиберални предаторски трки за профит, без да се води доволно сметка за рамномерната благосостојба на сите и за социјална рамноправност; авторитарните клепто-популистички појавности, па и режими наоколу; недоволната капацитираност на здравствените системи; образовните глобални и национални промашувања; отсуството на глобална солидарност во услови на фактичка меѓузависност, како и уште многу нешта кои, дефинитивно, станаа ургентна тема на денот во оваа пандемична рефлексивност.

Сепак, еве нè денес, во предворјето на 2021 година и со добри вести: вакцините за имунизација од К-19 се во дистрибуција. И овојпат, како и многупати досега, решението за директна конфронтација со вирусот произлезе од науката, која успеа во рок од една година и во вонредни услови да најде начин за негово (се надеваме конечно) неутрализирање. И тоа е за пофалба.

Но, иако ова сите го знаеме, прашањето што сè уште лебди во воздухот недоговорено, е – колку присуството на вирусот вистински ја зајакна видливоста на важноста на: науката, образованието и знаењето, денес? Дали светот ќе продолжи и натаму да оперира

во рамки на стариот систем кој, метафорично кажано, „повеќе ќе ги вреднува фудбалерите, отколку медицинските работници и научниците", на пример?

Дали, конечно, ќе почнеме да ги проблематизираме начините на кои, до сега, се стекнуваме со едукација и знаење, воопшто, односно какви се последиците од глобалното корпоративизирање на образовниот процес кој, до сега, имаше намера да продуцира „стекнување вештини според потребите на неолибералниот пазар", или, можеби, оваа прилика ќе ја искористиме да ги преструктуираме образовните дејности во правец на создавање на критичко расудувачки субјекти и мислечки суштества кои ќе развиваат хуманистички вредносни системи, а со тоа и поправедни светови?

Конечно, дали актуелната промена кон примена на далечинско учење е еден пожелен правец на развој на идното образование или, пак, обратното е точно: дека ваквиот вид на далечинско учење дополнително ќе ги зајакне веќе постојните дехуманизирачки тенденции и образовните, спознајните, дидактичките, педагошките и поврзаните едукативни неконзистентности? Ова се, накратко, неколкуте елементарни дилеми кои секој образовен систем ќе мора да ги реши ако сака суштествено да образува, а не да создава „знаење" разбрано од една фукодијанска перспектива.

Имајќи ја предвид токму важноста на образованието, а посебно денес, овој број на „Предизвици" посвети внимание на темата, со намера да контрибуира во оваа исклучително важна дебата. Се разбира, во ова издание од објективни причини невозможно беше да се прелистаат сите битни прашања, но, сепак, пред Вас се вистина интересни текстови од референтни автори, секој со свои специфични согледби.

На крајот, вирусната пандемија ќе заврши, но вредностите на антиинтелектуализмот промовирани преку сеприсутните лажни вести и „алтернативни факти", со право наречени дезинформациска пандемија, сѐ уште остануваат проблем за решавање. Единствената суштинска и долгорочна одбрана од ова е токму заложбата за образование кое ќе овозможи субстантивно спознавање на појавностите кои нѐ опкружуваат, како и когнитивна и критичко мислечка софистицикација на луѓето денес, и тоа во духот на хуманистичката етика, а не во духот на неолиберлната агенда.

*Член на Редакцијата на списанието*

# СОДРЖИНА


3 ЕДИТОРИЈАЛ

6 НА ДИЛЕМАТА ЗДРАВЈЕ ИЛИ ШКОЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОДГОВОРИ СО – И ЗДРАВЈЕ, И ШКОЛО

МИЛА ЦАРОВСКА

15 КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО НЕДОСТИЖЕН БРЕГ – БЕЗ ЛИДЕРСТВО И БЕЗ СУШТИНСКИ ПРОМЕНИ

ПЕТАР АТАНАСОВ

30 КРИЗНО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ОБРАЗОВАНИЕ ВО КРИЗА?

ДИМИТАР НИЗАМОВСКИ

43 ТУРКАЊЕ ОБЛАЦИ!

ЕМИЛИЈА РИСТАНОВСКА

51 ВРЕМИЊА

ДРАГАН ПОПОВСКИ

52 ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА И ЗАРОБЕНИТЕ УМОВИ

ЕЛЕНА ЏУКЕСКА

63 ПРИКАЗ

„ВОДИЧ“ ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕТО НА НЕОПХОДНИТЕ РЕФОРМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

(СТУДИЈА: „ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“)

ВАНЧО УЗУНОВ

70 КУЛТУРА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА – ПРИМЕРОТ НА ЕСТОНИЈА

CULTURE OF DIGITALISATION – THE EXAMPLE OF ESTONIA

ВОЛФГАНГ ГЕРСТЛБЕРГЕР


## АКТУЕЛНО


87 МЕЃУНАРОДНА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

ВИКТОР ГАБЕР


## МИСЛЕЊА


104 МАЛИ ДРЖАВИ СТАНАЛЕ СВЕТСКИ ВЛИЈАТЕЛНИ ПРЕКУ МЕКАТА МОЌ

РИСТО САВЕСКИ
ТЕОДОРА МИЛЕСКА
ДЕНИЦА ШОШОЛЧЕВА

117 ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

АНАМАРИЈА ДАНЕВСКА

126 УЛОГАТА НА ПРЕВЕНТИВНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МЕЛАНИ САВЕВСКА

134 ПОЧЕТОЦИТЕ НА МОДЕРНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И СУВЕРЕНИТЕТОТ ДЕНЕС

ГОРАН ЛЕФКОВ

141 ПОГЛЕД НА КОНФЛИКТОТ ВО НАГОРНО-КАРАБАХ ОД ЕРМЕНСКА И ОД АЗЕРБЕЈЏАНСКА СТРАНА

БОЈАН ЛАЗАРЕВСКИ

148 ЧОВЕКОТ КАКО ПОЕДИНЕЦ – СУБЈЕКТ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

АЛЕКСАНДРА КАЛАБАКОВА



# НА ДИЛЕМАТА ЗДРАВЈЕ ИЛИ ШКОЛО, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОДГОВОРИ СО – И ЗДРАВЈЕ, И ШКОЛО

МИЛА ЦАРОВСКА

**ЗА ДА СЕ УНИФИЦИРА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ НА СИТЕ УЧИЛИШТА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС, БЕА ДОНЕСЕНИ ГОЛЕМ БРОЈ ПРОТОКОЛИ И УПАТСТВА ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19. ВО ТЕКОТ НА МАЈ И ЈУНИ БЕШЕ ИЗГОТВЕН, А ВО ЈУЛИ УСВОЕН КОНЦЕПТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ОД ДАЛЕЧИНА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, КОЈ СЕ ФОКУСИРА НА ТРИ АСПЕКТИ: ПЕДАГОГИЈАТА, ТЕХНОЛОГИЈАТА И ДИЗАЈНОТ НА НАСТАВНИТЕ СИСТЕМИ**

Учениците треба да останат ученици и во услови на пандемија. Владите ширум светот цела година изнаоѓаат решенија децата да продолжат да учат, без оглед на предизвиците. Иако ударот на вирусот врз образованието беше глобален, одговорите беа локални. Секоја држава мораше сама да одбере специфичен начин како да го држи под контрола бројот на заразени, од една страна, а да не дозволи ударот на здравствената криза трајно да се одрази врз човечкиот капитал, од друга страна. И кога сликата ќе се рашири и ќе се стави во политички контекст на претстојни или, штотуку, завршени избори, проткаени со ветувања, видлива е тежината на изборот на властите да најдат решение на проблемот „образование во услови на Ковид-19“.

## Национална платформа за поддршка на далечинско учење

Како Северна Македонија одговори на дилемата здравје или школо?

Првиот одговор беше реактивен, каков што, впрочем, беше и одговорот на многу други земји. Со заклучок на Владата беше прекинат воспитно-образовниот процес и наставата во сите:

детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија, почнувајќи од 11 март 2020 година. Но, само за кусо. Веќе на 16 март, на првиот канал на МРТВ почна емитувањето на едукативна програма наречена „ТВ-училница".

Тоа беа први активности за повторно започнување со одреден тип едукација, зад кои застанаа Министерството за образование и наука (МОН) и Бирото за развој на образованието (БРО), во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ. На Националниот ТВ-сервис се емитуваа содржини по предметите кои учениците ги изучуваат на училиште. Наставници ги предаваа лекциите кои во тој период требаше да бидат совладани согласно наставните планови и програми, додека за децата од предучилишна возраст се емитуваа едукативни емисии и приказни.

Со цел да се избегнат долгорочните последици од целосен прекин на образованието: МОН, БРО и Министерството за труд и социјална политика (МТСП), со поддршка на УНИЦЕФ, изработија национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), која беше официјално пуштена во употреба на 24 март 2020 година. На платформата, освен видео-лекции се објавуваа игри и други материјали и активности наменети за деца од предучилишна и училишна возраст. Платформата сѐ уште е функционална.

И тогаш, со сета силина се покажа дека нивото на дигитализација во државата е пречка за широкопојасно образование од далечина. За да можат учениците кои доаѓаа од социјално-ранливи семејства да следат настава од далечина: МТСП, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), МОН и Телеком обезбедија бесплатен Интернет за 30.000 ученици.

Следеше прогласување на вонредна состојба во државата. Владата, на седницата одржана на 23 март 2020 година, донесе уредби за примена на законите за: основното, средното и високото образование за време на вонредна состојба, кои подоцна, неколку пати се дополнуваа, сѐ со цел подобро да се организира воспитно-образовниот процес. Со нив, за сите образовни нивоа беше пропишано далечинско учење. Преку електронска комуникација: и основците, и средношколците, и студентите, учеа од дома. Наставата во основните и средните училишта се организираше преку

различни алатки, како: Zoom, Microsoft Teams, Google classroom, Edmodo, Viber, Google drive, WhatsApp, согласно насоките дадени од Министерството, а секое училиште одлучуваше која алатка сака да ја користи. Високообразовните установи самостојно ја организираа наставата од далечина преку различни е-алатки.

Со посебна уредба, за студентите кои се сместени во државен или приватен студентски дом, беше регулирано додека трае вонредната состојба да бидат ослободени од партиципирање во цената за сместување и исхрана. Во согласност со препораките на Комисијата за заразни болести, донесена е и одлука учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година да не полагаат: државна матура, училишна матура или завршен испит, а училиштата да им издадат дипломи за завршено средно образование. И феријалната пракса беше одложена до јануари 2021 година.

За да се унифицира начинот на постапување на сите училишта од аспект на заштита на здравјето на сите учесници во воспитно-образовниот процес, беа донесени голем број протоколи и упатства поврзани со организација на воспитно-образовниот процес во услови на Ковид-19. Во текот на мај и јуни беше изготвен, а во јули усвоен Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта, кој се фокусира на три аспекти: педагогијата, технологијата и дизајнот на наставните системи.

### Истражување за увид во различните искуства и важните аспекти на учењето од далечина

Со цел да се сумираат сите релевантни искуства, преку вклучување на сите засегнати страни (даватели и корисници на услуги во образовниот сектор) – директори, наставници, родители/старатели и ученици, во текот на јуни и јули 2020 е спроведено сеопфатно истражување во основните и средните училишта: „Искуства и ставови за учењето од далечина за време на пандемијата на Ковид-19“ од страна на Реактор – Истражување во акција, со поддршка на: МОН, БРО и УНИЦЕФ.

Истражувањето даде директен увид во различните искуства и важните аспекти на учењето од далечина и беше земено како основа за организирање на новата учебна година. Од околу 10.000 анкетирани, мнозинството: директори на училишта, наставници и

родители се изјасниле за повторно отворање на училиштата со настава во училница или комбиниран модел на настава во училница и од далечина. Наставата од далечина сакале да продолжи само: 6 проценти од директорите, 14 проценти од наставниците од средните училишта и 10 проценти од основните училишта. Меѓу анкетираните родители, само 19 проценти се изјасниле за продолжување на наставата од далечина.

Речиси сите 94 проценти од директорите на училиштата изјавиле дека нивните училишта имаат услови да ја одржуваат хигиената, а повеќе од половината од сите директори на училишта, 55 проценти во урбаните и 65 проценти во руралните средини – веруваат дека училиштето и вработените може да ја одржуваат физичката дистанца во училишната средина.

**ИСТРАЖУВАЊЕТО ДАДЕ ДИРЕКТЕН УВИД ВО РАЗЛИЧНИТЕ ИСКУСТВА И ВАЖНИТЕ АСПЕКТИ НА УЧЕЊЕТО ОД ДАЛЕЧИНА И БЕШЕ ЗЕМЕНО КАКО ОСНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА. ОД ОКОЛУ 10.000 АНКЕТИРАНИ, МНОЗИНСТВОТО: ДИРЕКТОРИ НА УЧИЛИШТА, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ЗА ПОВТОРНО ОТВОРАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА СО НАСТАВА ВО УЧИЛНИЦА ИЛИ КОМБИНИРАН МОДЕЛ НА НАСТАВА ВО УЧИЛНИЦА И ОД ДАЛЕЧИНА НАСТАВАТА ОД ДАЛЕЧИНА САКАЛЕ ДА ПРОДОЛЖИ САМО: 6 ПРОЦЕНТИ ОД ДИРЕКТОРИТЕ, 14 ПРОЦЕНТИ ОД НАСТАВНИЦИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА И 10 ПРОЦЕНТИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА. ОД АНКЕТИРАНИТЕ РОДИТЕЛИ, САМО 19 ПРОЦЕНТИ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ОД ДАЛЕЧИНА**

## Искуствата од учебната 2019/2020 година – основа за планирање и подготовка за учебната 2020/2021 година

Што покажаа резултатите од истражувањето?

1. Повеќе од половината од анкетираните наставници (54 проценти) забележале зголемување на бројот на ученици кои имале тешкотии или не успевале да го усвојат она што им било предавано;
2. Мнозинството наставници (77 проценти) за време на учењето од далечина во некој момент не можеле да стапат во контакт со некои од нивните ученици;
3. Иако сите наставници имале некаков пристап до Интернет и компјутерска опрема, значителен дел (42 проценти) делеле компјутер или лаптоп со други членови на семејството;

4. Мнозинството наставници изјавиле дека им е потребна обука и дополнителна поддршка за да го спроведат учењето од далечина;
5. Мнозинството анкетирани родители (61 процент) се изјасниле дека нивните работни обврски ги спречувале да им посветат дополнително време потребно за поддршка на онлајн учењето;
6. Пристапот до Интернет и до компјутерска опрема, исто така, бил пречка за некои домаќинства.

Резултатите од истражувањето, како и искуствата од учебната 2019/2020 година беа основа за планирање и подготовка за учебната 2020/2021 година. Во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство (МЗ) беа изготвени неколку законски и подзаконски акти за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, која започна на 1 октомври 2020 година.

Донесовме План за одржување на наставата во основните и средните училишта со кој е предвидено да се одвива настава со физичко присуство од прво до трето одделение во секое училиште (а училиштето е должно да организира настава со учење од далечина доколку родителот/старателот не даде согласност ученикот да следи настава со физичко присуство).

Во таа насока, Владата формираше Комисија која ги разгледа поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование. Врз основа на предлог на Комисијата, Владата донесе согласност во 596 објекти да се одвива настава со физичко присуство во основно образование и во 16 објекти во средно образование.

**ЗАЕДНИЧКАТА СОРАБОТКА НА: ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ, УЧИЛИШТАТА И ОПШТЕСТВЕНО-ОДГОВОРНИТЕ КОМПАНИИ РЕЗУЛТИРАШЕ СО НАМАЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ КОИ НЕМААТ ИТ УРЕДИ ЗА СЛЕДЕЊЕ ОНЛАЈН НАСТАВА. ОД ПРВИЧНО ПРОЦЕНЕТИТЕ ОКОЛУ 40.000 ДЕЦА, ВО МОМЕНТОВ ОКОЛУ 8.000 УЧЕНИЦИ СЛЕДАТ НАСТАВА ПРЕКУ ТЕЛЕВИЗИЈА, ОДНОСНО ПРЕКУ ДОСТАВА НА ПЕЧАТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ. ОСТАНУВА ЦЕЛТА ЗА ЦЕЛОСНО АНУЛИРАЊЕ НА ОВОЈ БРОЈ И ВО ТАА НАСОКА СЕ ИНТЕНЗИВНИ ЗАЛОЖБИТЕ НА МОН ВО СОРАБОТКА СО: ОПШТИНИТЕ, ДИРЕКТОРИТЕ НА УЧИЛИШТАТА, БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА И ПАРТНЕРСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ**

Покрај Планот, со цел непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, донесовме и поединечни протоколи, како и Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на Ковид-19. Во соработка со стопанските комори и бизнис секторот, донесовме и неколку протоколи за стручните училишта.

## Заради пандемијата мораше да се направат корекции на системските закони во образованието

Пандемијата имаше одраз и врз системските закони во образованието, со цел да се уреди начинот на организирање на воспитно-образовниот процес во вонредни околности. Со измените и дополнувањата на законите за основно и за средно образование е уредено дека во услови на вонредни околности: учебната година може да започне и да заврши и во време различно од времето утврдено во законите, за што одлучува Владата; бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што, исто така, одлучува Владата; во основното/средното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација.

Врз основа на овие закони се донесени неколку подзаконски акти, согласно кои: учебната 2020/2021 година започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година; во училиштата во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во една паралелка е 20; наставниот час во училиштата трае 30 минути во наставата со физичко присуство во основните и 35 минути во средните училишта; 30 минути, со пет минути, за основните, односно 35 минути, со пет минути, за средните, за приклучување на настава преку далечинско учење.

Бирото за развој на образованието во текот на месец септември изработи скратени наставни програми за сите предмети во основно и средно образование и организираше обука за сите наставници.

## Онлајн наставата и по завршување на падемијата да остане како одржливо решение

Во текот на месец септември 2020 година започна да се развива моделот на учење од далечина кој овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот. Интенција е

онлајн наставата и по завршување на пандемијата да остане како одржливо решение и да овозможи дополнување на редовната настава со физичко присуство. Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО се спроведени обуки за онлајн настава (преку каскаден модел: национални обучувачи – училишни обучувачи – сите наставници). За успешна имплементација на учењето од далечина се подготвени упатства и видеотуторијали наменети за: наставниците, учениците и родителите коишто се продуцирани од националните обучувачи.

Повторно започна со емитување едукативната програма „ТВ-училница“ на МРТВ, додека платформата за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk) продолжи да се дополнува со наставни и интерактивни содржини од страна на наставниците. За учениците коишто немаат уреди за онлајн учење, а сепак треба да учат од далечина, покрај едукативната програма на МРТВ, училиштата, односно наставниците имаат обврска да им печатат материјали и редовно да им ги доставуваат, но и да бидат во постојана комуникација со нив и нивните семејства за да го следат совладувањето на наставниот материјал.

Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза Интернет конекција за училиштата и на набавка на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.

Имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на: децата, учениците и родителите, од страна на: МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија е воспоставена линија за помош на: родители, деца и млади.

Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко присуство и констатира дека во целата држава тој е помал од 1 процент. Заклучно со 4 декември 2020 година, активни заболени ученици со физичко присуство се 76, што е 0,06 проценти од вкупниот број ученици, и 167 наставници, што е помалку од 1 процент од вкупниот број наставници во нашата држава.

Ова се факти кои зборуваат дека интерно ширење на вирусот во училиштата нема, дека образовниот систем е стабилен и училиштата ги почитуваат мерките и здравствените протоколи.

## Продолжува битката за квалитетно образование достапно за сите – и во предизвикувачки услови

Генерален заклучок е дека учебната година се реализира успешно. Сите ученици се вклучени во воспитно-образовниот процес, преку еден од понудените модели за следење на наставата (со физичко присуство или учење од далечина – онлајн/достава на печатени материјали/следење на 15-минутни часови на МТВ) содржани во Планот за организација на учебната 2020/2021 година.

Заедничката соработка на: локалните самоуправи, училиштата и општествено-одговорните компании резултираше со намалување на бројот на ученици кои немаат ИТ уреди за следење онлајн настава. Од првично проценетите околу 40.000 деца, во моментов околу 8.000 ученици следат настава преку телевизија, односно преку достава на печатени материјали. Останува целта за целосно анулирање на овој број и во таа насока се интензивни заложбите на МОН во соработка со: општините, директорите на училиштата, бизнис заедницата и партнерските организации.

Покрај измените во организацијата на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта, се направија измени и дополнувања и на законите за ученички и за студентски стандард. Со измените се предвиде, во услови на вонредни околности, на учениците кои конкурирале на конкурсите за сместување во општински, односно државни домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење, до местото во кое е средното училиште/високообразовната установа.

**КАКО ОБРАЗОВНИ ВЛАСТИ ГО ИМАМЕ ПРЕДВИД ФАКТОТ ДЕКА НАСТАВАТА ВО УЧИЛНИЦА НЕМА ПОДОБРА АЛТЕРНАТИВА И ДОКОЛКУ СОСТОЈБАТА СО ПАНДЕМИЈАТА ГО ДОЗВОЛИ ТОА, ВО СОРАБОТКА СО ЗДРАВСТВЕНИТЕ ВЛАСТИ, ЌЕ БИДЕ ДОНЕСЕНА СООДВЕТНА ОДЛУКА. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ВЛАДАТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЈА ПРОДОЛЖУВААТ БИТКАТА ЗА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ ДОСТАПНО ЗА СИТЕ – И ВО ПРЕДИЗВИКУВАЧКИ УСЛОВИ. ОБРАЗОВАНИЕ КОЕШТО ЌЕ МУ ОВОЗМОЖИ НА СЕКОЕ ДЕТЕ ДА ГИ ИСКОРИСТИ СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ, ОТВОРАЈЌИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТЕСТВОТО ВО ЦЕЛИНА**

Имајќи предвид дека пандемијата најмногу ги погоди учениците и студентите од ранливите категории, кои доаѓаат од семејства со низок доход, донесовме неколку уредби за нивна поддршка, како: Уредба со законска сила за доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, во рамки на која се одобрени 98 апликации и Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување за академската 2020/2021 година (одобрени апликации за партиципација во трошоци за студирање на 965 студенти и апликации за партиципација за сместување на 14 студенти).

Учебната година ќе продолжи да се реализира согласно избраниот образовен модел за едукација во услови на пандемија, бидејќи се покажа како успешен. Како образовни власти го имаме предвид фактот дека наставата во училница нема подобра алтернатива и доколку состојбата со пандемијата го дозволи тоа, во соработка со здравствените власти, ќе биде донесена соодветна одлука.

Министерството за образование и Владата на Северна Македонија ја продолжуваат битката за квалитетно образование достапно за сите – и во предизвикувачки услови. Образование коешто ќе му овозможи на секое дете да ги искористи своите потенцијали, отворајќи можности за развој на општеството во целина.

*(Авторката е министерка за образование и наука во Владата на Република Северна Македонија)*



# КВАЛИТЕТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО НЕДОСТИЖЕН БРЕГ – БЕЗ ЛИДЕРСТВО И БЕЗ СУШТИНСКИ ПРОМЕНИ

ПЕТАР АТАНАСОВ

**ОНА ШТО УРГЕНТНО МОРА ДА СЕ ИЗМЕНИ Е ПРИСТАПОТ, БИДЕЈЌИ СЕГА МНОГУ ПОВЕЌЕ ВНИМАНИЕ ТРЕБА ДА СЕ ОБРНУВА И НА ДРУГИ АСПЕКТИ, ПРЕД СÈ НА АУДИО-ВИЗУЕЛНОТО И ТЕХНИЧКОТО, ЗА РАЗЛИКА ОД ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛНИЦАТА ИЛИ ПРЕДАВАЛНАТА. А ТОА Е ВЕЌЕ ГОЛЕМА ИЗМЕНА. ВЕРОЈАТНО, МНОГУМИНА СЕ СВЕДОЦИ КАКО СО СИТУАЦИЈАТА СЕ СПРАВУВААТ ПРОФЕСОРИТЕ И ДАЛИ УСПЕШНО ЈА ЗАВРШУВААТ СВОЈАТА РАБОТА. ЗАТОА ШТО НАСТАВНИЦИТЕ ЗНААТ ДЕКА СЕКОЈА ГЕНЕРАЦИЈА Е ВАЖНА И ДЕКА ОВИЕ УЧЕНИЦИ СЕ СЕГА, И ОВДЕ, И ДЕКА ЗА НИВ НЕМА ДА ИМА НОВО ВРЕМЕ. ПРИОРИТЕТИТЕ СЕ СМЕНИЈА И ДЕНЕС, ВЕРОЈАТНО, ПОВАЖЕН Е ЗДРАВСТВЕНИОТ И МЕНТАЛНИОТ АСПЕКТ ОД САМО ОБРАЗОВНИОТ**

Како што државата годинава (2020) полека навлегуваше во фаза на пандемија, а бројките секојдневно растеа (март – јуни), стана јасно дека најголемите општествени предизвици на кризата ќе се случуваат во образованието, особено кај помладите генерации (се разбира, покрај сериозниот пад на економијата и губењето на работни места, како и проблемите со здравствениот менаџмент кој требаше да се справи со овој сериозен проблем). Нашиот образовен систем, речиси, и да не беше подготвен да премине во „онлајн“ фаза. Затоа што тоа не може да се направи преку ноќ.

Откако стана јасно дека состојбата не се смирува, кон крајот на летото беше донесена одлука училиштата да преминат на далечинска (онлајн) настава. Се растрчаа луѓето од институциите и обезбедија некаков минимум, каква што е националната платформа за настава на далечина, и обезбедија виртуелна комуникација меѓу професорите и учениците. Требаше малку време субјектите да се „вклучат“ на оваа платформа, но полека наставата влезе во активна фаза. Во времето на пишување на овој текст (крајот на ноември) онлајн наставата веќе втор месец е во фаза на имплементација.

Генерално, процесот започна да добива свои контури, а во таа активност, се чини, децата многу подобро се снајдоа од наставниците. Значи, падна „наредба“ сите деца да се вклучат на: компјутер, лаптоп, таблет или мобилен, кој што има. Веднаш стана јасно дека голем дел од наставниците и учениците не се во можност технички да се вклучат, најчесто од едноставна причина – немаа соодветни технички средства – компјутери. Во еден дом со 2-3 деца и двајца родители има само еден компјутер или еден лаптоп. Или, пак, често проблем беше капацитетот или брзината на постојната мрежа за одржување на ваква комуникација.

**Незадоволителниот квалитет на нашиот образовен модел**

Сепак, останаа и старите проблеми со незадоволителниот квалитет на нашиот образовен модел, застарениот начин на настава и предавања, како и учењето на стотици непотребни работи, наместо подготвување на младите за живот, преку пристап кој се обидува да ги решава проблемите, а не бескрајно да ги повторува фактите. Како во старите филмови од пред 100 години, кога на часовите по латински јазик во хор се повторувале конјугациите на глаголите.

Дебатата на еден настан на Младинскиот образовен форум, одржана на 20 ноември, во која главни говорници беа ученици од средните училишта, ни дава јасна слика што се случува во училиштата, како и во „онлајн“ комуникацијата меѓу професорите и учениците која во овој момент се реализира:

– „Моите врсници од руралните средини немаат стабилен Интернет, имаат проблеми со пристапот и постојана електрична енергија, што дополнително го отежнува пристапот до наставата, за разлика од учениците од урбаните средини“, истакна средношколец од училиштето „Исмет Јашари“ во Липково. Според него, достапната платформа за онлајн настава е неуспешна, со алатки кои носат големи предизвици за учениците и наставниците.

– „Не е добар начинот на предавање. Дел од наставниците ги засноваат своите предавања врз традиционални методи кои не се соодветни за денешната младина. Тоа не значи дека не се стручни во сопствената област, туку им е потребна поголема професионална надградба“, истакна гимназијалец од „Никола Карев“ од Скопје. Тој додаде дека е потребна поголема поддршка за наставниците од институциите.

**НЕ ДЕКА НЕ ПОСТОЕЛЕ ИДЕИ ИЛИ ПРОЕКТИ КОИ ЦЕЛОСНО БИ СЕ ВГРАДИЛЕ ВО ЕДНО МОДЕРНО ОБРАЗОВАНИЕ. НО, СЕВКУПНО, ОБРАЗОВАНИЕТО ОСТАНА НА МАРГИНИТЕ НА ОПШТЕСТВОТО И НЕ ПОДДРЖУВА ОПШТЕСТВЕН РАЗВОЈ. ИМА МАЛИ ПОМЕСТУВАЊА НА НИВО НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, НО ТОА Е ПРЕМАЛКУ ЗА ПРИДВИЖУВАЊЕ НА ЦЕЛОТО ОПШТЕСТВО НАНАПРЕД. КАЈ НАС СÈ УШТЕ НЕ САКАМЕ ДА ЈА ПРИФАТИМЕ АКСИОМАТА ДЕКА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ Е НАЈГОЛЕМИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ СО КОЈШТО РАСПОЛАГА ДРЖАВАТА. А ОВОЈ РЕСУРС, ОСОБЕНО СО ЕМИГРАЦИЈАТА НА МЛАДА И ЗДРАВА РАБОТНА СИЛА, СЕКОЈДНЕВНО НИ СЕ ОСИПУВА**

– „Колку и да сметаме дека е модернизиран образовниот систем, сепак, релацијата меѓу наставниците и учениците останува како од времето на нашите родители. Тие бараат добри оцени за тоа што го предаваат, а ние сакаме петки ама со учење напамет, па дури и со некоја интервенција“, истакна една средношколка од приватната гимназија „Јахја Кемал“, според која учениците се зафатени со учење факти напамет, отколку да се развива слободата на мислење и изразување.[1]

Средношколците проблемите ги лоцираат примарно во вклученоста или достапноста на наставата, во случајов со онлајн комуникацијата, но и во начинот на кој се одвива наставата и присутните традиционални методи и квалитетот или ефектот што треба да се постигне за време на образовниот процес. Средношколците бараат добро обучени наставници, кои веројатно не би имале проблем со функционирање и во една ваква кризна ситуација, но имаат критички зборови и за сопствениот однос кон наставата. Ова, секако, се квалитативни и елективни податоци, но отсликуваат аспекти на една состојба пошироко и не само поврзана со сегашната ситуација.

Еве уште неколку квантитативни докази за нивото на квалитет на нашето образование. Согласно показателите на Индексот на човечки капитал, според истражувањето на Светската банка, дете родено во 2020 година во Северна Македонија може да очекува да биде продуктивно 56%, од она што би можело да биде кога ќе порасне, согласно нашето образование и здравствена заштита. Последните поразителни резултати од меѓународната студија ПИСА се само уште еден доказ за тоа до која мера е урнисано

1 https://www.radiomof.mk/srednoshkolcite-kon-nadlezhnite-kje-prodolzhime-da-gi-ignorirame-problemite-ili-zaedno-kje-gi-reshavame/ [страницата е посетена на 11/20/2020]

нашето образование. Според ПИСА тестирањето на ОЕЦД, повеќето од половина од децата на 15-годишна возраст кај нас не ги исполнуваат основните нивоа на компетентност за читање и математички вештини. Или, како што тие би кажале, нашите ученици се функционално неписмени. Тука се и повеќе меѓународни анализи и оцени кои тврдат дека во нашето образование има многу празни одови и дека ефикасноста на нашиот образовен модел е многу пониска од бројот на години поминати во македонското образование. Сите овие податоци само ги потврдуваат нашите сознанија дека имаме нефункционално или просечно образование.

**ПЕТ НАЈГОЛЕМИ ГРЕШКИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО: ПОГРЕШНИ РЕФОРМИ, КОИ БЕА ПОВЕЌЕ ОД ФОРМАЛНО, ОТКОЛКУ СО СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ (ЗАСТАРЕНИ УЧЕБНИЦИ, ПРОГРАМИ ИЛИ ПРЕДМЕТИ И НЕПОДГОТВЕНИ НАСТАВНИЦИ); ПОГРЕШНИ КАДРОВСКИ РЕШЕНИЈА НА СИТЕ НИВОА (СЕ МИСЛИ НА ЛУЃЕТО КОИ ГО СОЧИНУВААТ СИСТЕМОТ, НО И НЕСООДВЕТНИ ПОЛИТИЧКИ ИМЕНУВАЊА); ПАРИТЕ ШТО СЕ ТРОШЕА БЕА ПОГРЕШНО ИНВЕСТИРАНИ, ИЛИ ЕФЕКТОТ БЕШЕ НЕЗАБЕЛЕЖИТЕЛЕН (НЕСООДВЕТНИ УЧЕБНИЦИ, НЕКВАЛИТЕТНИ ПРЕВОДИ НА СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА, ВИСОКИ СТИПЕНДИИ ЗА СТРАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТИ); НЕПОВРЗАНОСТА НА СИТЕ НИВОА НА ОБРАЗОВАНИЕ (ЗАТОА ВКУПНИОТ ОБРАЗОВЕН ЕФЕКТ БЕШЕ МАЛ, БЕЗ СОЗДАВАЊЕ НОВИ ВРЕДНОСТИ); СЛАБИ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ (ОД АСПЕКТ НА КАПАЦИТЕТ ЗА ПРОМЕНИ, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ГОЛЕМИ ПРОЕКТИ И СЛАБОТО МЕНАЏИРАЊЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ)**

## Премин од старото кон новото време

Состојбата со пандемијата конечно ни овозможи во целост да ја согледаме важноста на образованието, но и неговата нефункционалност и ефективност. Во процесот на образование кај нас директно се вклучени, безмалку, четвртина или петтина од целото население. Во основното и средно образование има над 250.000 ученици, има над 50.000 студенти, а во образовните институции работат илјадници наставници и професори, како и илјадници вработени како дел, или поддршка во образовните институции. Сепак, од она што досега беше кажано, немаме многу простор за оптимизам. Сигурно дека во образовниот систем кај најголем дел од субјектите „техничките“ услови се добри, особено од страна на учениците, но и многу од наставниците се на висината на нивната задача.

Она што ургентно мора да се измени е пристапот, бидејќи сега многу повеќе внимание треба да се обрнува и на други аспекти,

пред сè на аудио-визуелното и техничкото, за разлика од просторот во училницата или предавалната. А тоа е веќе голема промена. Веројатно, многумина се сведоци како професорите се справуваат со ситуацијата и дали успешно ја завршуваат својата работата. Затоа што наставниците знаат дека секоја генерација е важна и дека овие ученици се сега, и овде, и дека за нив нема да има ново време. Приоритетите се сменија и денес е веројатно поважен здравствениот и менталниот аспект од само образовниот. Еве како тоа го коментира една професорка на Фејсбук:

– „Ние како наставници да се потсетиме зошто сме наставници, да застанеме малку и да си направиме рестарт. На децата сега им требаме на поинаков начин. На онаков кој ќе ги заштити и ќе им помогне да се почувствуваат сигурни, во време кога се на бришан простор над кој пукаат рафали. Оние од кои се гине“.[2]

Во време на пандемија и криза со каква што сега се соочуваме, од страна на креаторите на политиките и изготвувачите на наставните планови и програми треба да се истакнува дека задачата и улогата на сите нас во образованието е да работиме онлајн со учениците и со студентите и да ги смируваме, да разговараме со нив, да им помогнеме да го пребродат овој период, да ги мотивираме за нешто да научат. Најважно од сè е да го одржиме духот здрав затоа што ќе им треба и на децата, и на родителите, во тешката и нехумана ситуација во која сите се наоѓаме. Но, има работи коишто мора да се осмислуваат и во вакво време и да се бараат одговори на прашањата: каков е квалитетот на нашето образование и за што ги оспособуваме младите.

Се дигна маглата, за среќа или за жал, и се покажа дека образованието ни е голо, неподготвено и, според претходно цитираните извештаи, не повеќе од просечно. Овие недели најпрво што е забележано е она што технички недостасува: некаде нема компјутери, објектите се руинирани, некаде фалат професори способни да користат современи дигитални алатки, итн. Мораше преку ноќ да се купуваат лаптоп компјутери и да се уплатуваат пакети за Интернет. Се разбира, од буџетот на семејството и родителите.

Отрезнувањето дојде со податокот дека илјадници деца немаат технички услови за онлајн настава. Потоа, се разбудија и општините,

2 https://www.facebook.com/elizabeta.sekirarska/posts/10220941682425239 [страницата е посетена на 11/20/2020]

кои во голем дел со години не инвестираа ама баш ништо во образованието и училиштата, или се правдаа дека немаат финансиски средства за инвестирање и само чекаа централната власт нешто да финансира. Обврска и надлежност, што е во согласност со Законот за децентрализација од 2004 год., кога образовната инфраструктура премина во сопственост на општините кои добија големи овластувања во менаџирањето со училиштата и вработувањата во нив. И на крајот, кога сите се најдовме во овој образовен балон, многу јасно се гледа дека образовниот модел ни застарел и воопшто не одговара на денешното време.

Нашето образование е статично и традиционално. На дното сме на сите ранг-листи што се прават. Некако одеднаш се соочивме со немањето контрола врз образованието и со негативната селекција на луѓето кои со години се вработуваа во училиштата. Дека контролата на квалитетот, речиси, ја нема. Светот се изменил, а нашето образование застанало некаде пред две или три децении. Нашиот образовен систем е просечен и не е сетиран за ова модерно време.

Наспроти овие показатели, се чини дека немаа ефект ниту донесените стратешки документи, еден куп идејни решенија или декларативни заложби за важноста на образованието, кога секоја влада како да сакаше да почне со реформите од „почеток". Образованието е систем кој не трпи импровизации, а ефектите од реформите може да се видат некаде таму за една или две генерации. Од самиот почеток на деведесеттите, нашето образование се движи исклучиво по некаква инерција, но со надолна линија на развој.

### Анкетите покажуваат алармантна ситуација

Дека ситуацијата е алармантна покажуваат анкетите со младите во кои тие како една од неколкуте причини заради кои масовно ја напуштаат државата, секогаш го истакнуваат неквалитетното образование. Истакнуваат и дека не сакаат да живеат во држава во која не се почитува стручноста и квалитетот, во која не се почитуваат луѓето кои немаат партиски книшки, во која напредуваат просечните и во која владејачките норми претежно се од листата на негативни вредности.

Една од ретките позитивни придобивки во овој момент е тоа што станавме посвесни за значењето на образованието (се надевам и оние на врвни државни позиции), но и дека дигитализацијата на

образованието, процес кој во светот се случува, речиси, во сите области, мора да започне сега, и веднаш. Сфативме дека сме во „воена состојба", а образованието не може да застане и мора да се случува секојдневно и дека секое дете мора да го добие својот образовен печат заради личниот развој. Основниот модел на образование е односот меѓу учителот и ученикот, со физичко присуство, во објект кој се нарекува: училиште, школо, гимназија, факултет, итн. Бидејќи физичкото присуство не е можно, мора да се инсталира модел што виртуелно ќе ги поврзе учителите и учениците. Тоа е она основното. Меѓутоа, тоа е сѐ уште многу далеку од модел во кој употребата на дигитални алатки е составен дел од преносот на знаења и вештини и еден современ начин на настава.

Значи, ако сега во образовниот процес се наоѓаме во кризна ситуација, тогаш, веројатно, и резултатите што ќе се добијат ќе бидат под нивото и на она што досега го имавме. Затоа, мора да размислуваме за иднината и за тоа какво образование имаме, каков е неговиот квалитет и колку ова образование му овозможува на поединецот личен развој, професионална стручност и општествена репликација на позитивните вредности. Дигитализацијата на образованието треба да подразбира целосен редизајн на наставните планови и програми, редизајн на учебниците и посебна подготовка на наставниците.

Некои од нас и во изминатите години зборуваа за модели на образование каде би се дизајнирале „виртуелни училници", каде на едно место би биле достапни: и содржините, и наставата, и тестовите, и комуникацијата, и сѐ што е потребно. Дигитализацијата треба да овозможи секое дете, согласно своите преференции и способности, да го совлада наставното градиво кога сака, и кога може, па ако треба и дополнително или неколку пати да го помине урокот или материјалот. Но, секој мора да сработи, според своите можности, за да се исполнат зацртаните цели на креаторите на образованите политики.

Како што сите ние имаме сопствен ритам на работење, читање или мислење, така е и со децата. Дигитализацијата и нивната природна наклонетост кон новата технологија мора да се искористат за да се подигне квалитетот на образованието и младите да се подготват за новите професии или занаети. Во државата постојат педагошки факултети со чија помош може да се започне реформата, а

има и искусни наставници кои може да се вклучат во подготовката за новото време. Да се потсетиме дека една од главните лекции на теоријата за глобализацијата беше дека ние ги подготвуваме децата за професии кои сѐ уште не се измислени. Голем дел од сегашните професии полека ќе исчезнуваат. Ние овде доцниме со процесите на модернизација воопшто.

Поразителен е податокот дека на пазарот на трудот во нашето стопанство сѐ уште се бараат доминантно луѓе со основно и средно образование, додека воопшто не се бараат специјалисти со високо образование. Или побарувачката за вработувања со високо образование е сведена само на две или три области. Тоа значи дека структурата на нашата економија е неповолна во насока на повисок економски развој, дека нашите универзитети образуваат кадри кои не му се потребни на стопанството. Во целата држава е очигледна неусогласеноста на понудата на работната сила со побарувачката на пазарот на трудот. Се бараат кадри со основно, или најмногу со средно образование, најчесто лица без квалификации (особено во земјоделските региони) или со занаетчиски профили од средно стручно образование. Ако не се сметаат медицинските професии, тогаш понудата на кадри е несоодветна, а побарувачката уште посиромашна. Најмалку се бараат високообразовани кадри или специјалистички кадри, освен оние со информатика, програмерите и мал број технички професии.

## Промените секогаш започнуваат со образованието

Во изминатите две-три децении, во нашата држава се креирале образовните политики, главно, без јасно утврдени стратегиски цели (постоеле неколку стратешки документи кои по донесувањето брзо се заборавале), без соодветна анализа за ефектите од промените и без континуирана и соодветна финансиска поддршка за спроведување на проектите. Најчесто, владините политики се носеа со декрети од оние што седеа на „Илинденска" број 1. Не дека не постоеле идеи или проекти кои целосно би се вградиле во едно модерно образование. Но, севкупно, образованието остана на маргините на општеството и не поддржува општествен развој. Има мали поместувања на ниво на високото образование, но тоа е премалку за придвижување на целото општество нанапред. Кај нас сѐ уште не сакаме да ја прифатиме аксиомата дека човечкиот капитал

**СВЕТСКИТЕ ИСКУСТВА ОД ПОРАЗВИЕНИТЕ ЗЕМЈИ КАЖУВААТ ДЕКА САМО АВТОНОМЕН УНИВЕРЗИТЕТ МОЖЕ НЕПРЕЧЕНО ДА СОЗДАВА НОВИ ЗНАЕЊА И ДА ЈА ОСТВАРУВА СВОЈАТА УЛОГА КАКО ДВИЖЕЧКА СИЛА И ГЕНЕРАТОР НА ПРОГРЕСИВНИ ИДЕИ И КРИТИЧКА МИСЛА. СЕКОГАШ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ ПРОИЗЛЕГУВАЛЕ ПРОГРЕСИВНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ И СЛОБОДАРСКИТЕ ИДЕИ, ТАМУ СЕ ПРОВЕРУВААТ И СЕ ПРЕНЕСУВААТ ПОСТОЈНИТЕ ЗНАЕЊА И СЕ СОЗДАВААТ НОВИ. ВЛЕЗОТ НА ПРИВАТНИОТ КАПИТАЛ КАЈ НАС НАМЕСТО ДА ГО ПОДИГНЕ КВАЛИТЕТОТ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, СЕ СЛУЧИ СПРОТИВНОТО. МАСОВНОТО СТУДИРАЊЕ САМО ГИ ЗГОЛЕМИ КВАНТИТАТИВНИТЕ АСПЕКТИ, НО ГО НАМАЛИ КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕТО. БОЛОЊСКИОТ ПРОЦЕС ПОВЕЌЕ ВЛИЈАЕШЕ ВРЗ ФОРМАЛНИТЕ АСПЕКТИ НА ПРОМЕНИТЕ, ОТКОЛКУ НА СУШТИНСКИТЕ**

е најголемиот потенцијал со којшто располага државата. А овој ресурс, особено со емиграцијата на млада и здрава работна сила, секојдневно ни се осипува.

Генерално, во изминатите две децении петте најголеми грешки во образованието беа: погрешни реформи, кои беа повеќе од формална природа отколку со суштинско значење (со застарени учебници, програми или предмети и неподготвени наставници); погрешни кадровски решенија на сите нивоа во образованието (се мисли на луѓето што го сочинуваат системот, но и несоодветни политички именувања); парите што се трошеа беа погрешно инвестирани или ефектот од потрошените средства беше незабележителен (несоодветни учебници, неквалитетни преводи на стручна литература, високи стипендии за странски универзитети); посебен проблем е неповрзаноста на сите нивоа на образование меѓусебно, токму затоа вкупниот образовен ефект беше мал, без создавање на нови вредности; и слабите образовни институции од аспект на капацитет за промени, имплементација на големи проекти и слабото менаџирање на образовните установи**.**

Да, во сите конвенции и резолуции на меѓународните организации се констатира дека децата треба да имаат целосен и еднаков пристап до образованието, бидејќи тоа е клучот за нивниот натамошен успех во животот. За секое дете треба да се обезбеди соодветно образование, кај нас се озакони и задолжителното средно образование на ниво на цела држава. Исто така, потребно е да се обезбеди инфраструктура за квалитетен образовен развој на децата и еднакви шанси во животот.

Образованието мора да се прилагоди на новото време и на оваа милениумска генерација која расте и живее со дигиталната технологија, а досегашните цели и политики поаѓаа од тоа дека децата треба да се прилагодат кон стереотипната и унифицирана настава, чии содржини на многу нивоа на образование одамна ги надминало новото време. Истовремено, основата на инклузивното образование лежи во односот кон различностите (интелектуални, физички, културолошки, јазични, и други). Образовните установи треба да обезбедат квалитетно образование за сите (талентирани, надарени деца, деца со емоционални или социјални проблеми, со тешкотии во учењето, хиперактивни деца, деца со дислексија, аутизам, и други). Кај нас кога ќе се спомене инклузија, се мисли исклучиво на ученици со различни видови попреченост. На ова поле веќе се направени некои чекори, особено со новиот Закон за основно образование, но треба уште да се работи и да се преземаат активности кон реализација на настава за сите.

Според достапните податоци, кај нас најслаб дел, или главен проблем за неконзистентните резултати во основното образование е нискиот квалитет на наставата воопшто. Дали е тоа така, или на што се должи ова, е прашање на кое треба искрено да му се посветиме. Направени се многу грешки во реформите и промените, односно направено е премалку за да се стигне до една задоволителна ситуација во која она што излегува од образовните „фабрики“ ќе има знак на стандардизиран квалитет и ќе има потенцијали за личен развој и со вредности кои на општеството би му дале додадена вредност.

Ова е долг и макотрпен процес. Станува збор за неколку реформски циклуси, но да не се тргнува со секоја влада од почеток. Ќе мора да се обрне внимание на податокот дека во одре-

**СУШТИНСКИТЕ ПРОМЕНИ, ГЛАВНО, СЕ ВО ТРИ ОБЛАСТИ: ВО РАБОТАТА КАЈ ЛУЃЕТО, НОВИТЕ ИДЕИ И МОДЕЛИ И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИТЕ НОВИНИ. СЕКОГАШ СЕ НАЈСЛОЖЕНИ ПРОМЕНИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕДИЗВИКААТ КАЈ ОБРАЗОВНИОТ КАДАР. И УШТЕ НЕШТО, КАЈ НАС, РЕЧИСИ, И СЕ ЗАБОРАВИ ДЕКА ОСВЕН СТРУЧНАТА И ПРОФЕСИОНАЛНА ЕДУКАЦИЈА, ЗАДАЧА ИЛИ ОБВРСКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО Е ДА ГИ ВОСПИТУВА МЛАДИТЕ И ВО ТЕКОТ НА ОБРАЗОВАНИОТ ПРОЦЕС ДА ИМ ГИ ПРЕНЕСЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВОТО. АКО ВО ПРВАТА ДИМЕНЗИЈА И НЕШТО СЕ ПРАВИ, ВО ВТОРАТА ДИМЕНЗИЈА СЕ СЛУЧУВА НАЈГОЛЕМИОТ КРАХ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОВИЕ ТРИ ДЕЦЕНИИ**

дени образовни институции (како што се: БРО, ЦСОО, ДИЦ) наместо во некоја област на важни прашања или предмети да работи цел тим, работи само еден советник. Еден советник за цел образовен систем! Во многу општини има само по еден вработен советник кој ги менаџира сите училишта, а тоа е навистина премалку.

Во секоја анализа постојано треба да се навраќаме и на квалитетот и стручноста на наставниците. Во овој дел треба да се има најголема чувствителност, затоа што без обучени наставници, ниту една дигитална алатка сама по себе нема да обезбеди квалитет. Наставниците се клучот, особено наставниците во пониските нивоа на образование. Нив често ги одминуваат промените, ретко имаат доволно или квалитетни обуки, а по вработувањето скоро и да не напредуваат. Притоа, малку се платени, а нивниот општествен статус е далеку под нивото на нивната важност во самиот процес. Доколку општеството не ја смени оваа ситуација, тогаш наставниците нема да бидат мотивирани да дадат сè од себе за секоја генерација да го добие соодветното ниво на образование. Има начини како ова да се направи, затоа што улогата и авторитетот на наставникот се еднакво важни како и улогата на родителот.

Уште еден проблем за кој упорно се молчи, но е од исклучително значење за идниот развој на новите генерации, е тоа дека тестирањата на меѓународните организации покажаа дека албанските деца, генерално, имаат многу послаби резултати на тестирањата, од македонските деца. Ова е последица на послабиот квалитет на настава што го добиваат албанските деца уште во пониските нивоа на образование, особено во руралните средини. Овој проблем постои подолго време, но се интензивираше со сегрегацијата на децата Албанци, кои, речиси, и не комуницираат со македонските деца заради различни фактори или причини. Најважното е тоа што тие се и физички изолирани според јазикот на кој ја следат наставата. Ако се земе предвид дека многу од албанските деца живеат во рурални услови, или во населби со доминантно албанско население, се зајакнува моментот на системска сегрегација и нееднаквост на децата споредено со главните текови на општествениот живот.

Зошто ова се случи, или зошто ова некому му одговара, навистина е сериозно прашање. Заради надминување на оваа состојба е создадена Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, која во неколку области нуди

алатки за поголема општествена интеграција. Но, за тоа, во друга прилика. Важно е дека државата има алатка за решавање на сегрегацијата, особено во образованието.

### Само автономен универзитет може непречено да создава нови знаења

Проблемите со универзитетот се многуслојни. Во подолг временски период универзитетот, со исклучок на техничките науки и нивната соработка со институциите, беше свесно ставен на маргините на општеството. Светските искуства од поразвиените земји кажуваат дека само автономен универзитет може непречено да создава нови знаења и да ја остварува својата улога како движечка сила и генератор на прогресивни идеи и критичка мисла. Секогаш од универзитетот произлегувале прогресивните општествени промени и слободарски идеи, таму се проверуваат и се пренесуваат постојните знаења и се создаваат нови. Наспроти ова, влезот на приватниот капитал кај нас наместо да го подигне квалитетот на високото образование, се случи спротивното. Беше намален севкупниот квалитет на високото образование а масовното студирање само ги зголеми квантитативните аспекти, но го намали квалитетот на студирање. Болоњскиот процес повеќе влијаеше врз формалните аспекти на промените, отколку на суштинските.

Позицијата на нашите јавни и познати универзитети во споредба со европските, но и со некои од регионалните, е многу ниска. Воопшто, кај нас владее хиперпродукција на дипломи, без конкурентни знаења и вештини и со просечен квалитет. Не е случајно што на меѓународните рангирања на универзитети, речиси, сме на дното. Дали имаме услови да станеме малку подобри – ДА. Дали имаме професори достојни во својата научна област – ДА. Дали имаме ресурси за истражување – НЕ. Дали имаме мотивација за повисоки достигнувања – НЕ. Ова е стартната позиција, од која, засега, не можеме да очекуваме големи резултати сè додека не се вложи повеќе во професорите и во научните истражувања на сите нивоа.

Потребни се промени и во начинот на кој се управува со универзитетот. За ова има основи во Законот за високо образование, но промените се случуваат многу бавно, а на чело на голем број јавни универзитети сè уште седат луѓе кои ректорската позиција ја третираат како церемонијална или салонска. Дел од причините за

**МОБИЛНИТЕ ТЕЛЕФОНИ СЕ ПРОЗОРЕЦОТ КОН СВЕТОТ, НИВНИТЕ АЛАТКИ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛИОТ ДЕН, НИВНАТА ИДНИНА И ЗАТОА НАУЧЕТЕ ДА ГИ КОРИСТАТ ЗА ДА МОЖЕ ДА ИМ ПОМОГНЕТЕ НА ДЕЦАТА. ДА, МОБИЛНИТЕ СЕ НАЈДОБРО СРЕДСТВО ЗА ПРЕПИШУВАЊЕ, АМА ЗАТОА ПРОФЕСОРИТЕ ТРЕБА ДА НАЈДАТ НАЧИН НА УЧЕЊЕ ВО КОЈ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ПАМТИ, ТУКУ ВО КОЈ ТРЕБА ДА СЕ РАЗМИСЛУВА И ДА СЕ БАРААТ СИНТЕТИЧКИ РЕШЕНИЈА. ОД НАЈМАЛИ И НАЈПРОСТИ, ДО НАЈСЛОЖЕНИ. НАУЧЕТЕ ГИ ДЕЦАТА ДА РАБОТАТ ВО ТИМОВИ, ЗАТОА ШТО ТОА ЧЕСТО ЌЕ ГО ПРАВАТ ВО СВОЈОТ ЖИВОТ. НЕ ИМ НАМЕТНУВАЈТЕ СТРОГИ ПРАВИЛА, ТИЕ МОРА САМИТЕ ДА ГИ СОЗДАВААТ, ЗАТОА ШТО САМО ТАКА ЦЕЛОСНО ЌЕ ГИ ПОЧИТУВААТ. ЗАШТО СВЕТОТ ВО КОЈ ЖИВЕЕМЕ СЀ ПОВЕЌЕ Е ДЕЛ ОД НИВНАТА ИДНИНА**

ова се познати, а политиката сѐ уште има големо влијание во кадровската поставеност во врвот на јавните универзитети.

Затоа, универзитетите мора да се освојат од професорите и студентите, а не да се користат за политичко и партиско влијание во нивната кадровска политика. Без поголема поддршка за образованието во насока на финансирање и подигнувањето на квалитетот, без интернационализација и меѓународна соработка на македонското високо образование, како и без поголема мобилност на помладата генерација професори, како и новите студенти, нема да имаме никакво поместување на состојбите. Во светот и во регионот денес веќе се создадени и работат универзитети од третата генерација, а ние сме заглавени на преминот од првата, во втората генерација.

## Заклучок

Квалитетот на образованието кај нас, засега, е како недостижен брег – со слаби образовни институции, со мала меѓусебна комуникација и неповрзани меѓу себе, без контрола на квалитет и без докази за процесите, бидејќи никој овие податоци систематски не ги собира и анализира и, што е најпоразително, со мала меѓусекторска поврзаност или интеграција. За жал, Министерството за образование, поточно министерот, функционира во форма на ѕвезда во целиот систем. Тој/таа е во центарот и сите чекаат некој да нареди нешто и да почнат нештата магично да функционираат, а наредби или нема, или се несоодветни. Останува само тоа што е запишано во стратешките документи, законите, подзаконските акти и плановите, само што кај нас очигледно малку од ова се почитува.

А кругот, или начинот на промени, е едноставен: мора да се има визија или цели, напишани и јасни, потоа тие се претвораат во закони и правилници, потоа стратешките цели и закони се имплементираат преку проекти, па се прави евалуација и се поаѓа повторно од почеток во циклус од пет или десет години. Затоа што ако системот не се реформира секоја година по малку, тогаш за десетина години ќе се блокира и ќе треба да се реформира целосно. Таквите големи промени ги плашат луѓето и ретко кога се успешни.

Суштинските промени, главно, се во три области: во работата кај луѓето, новите идеи и модели и техничко-технолошките новини. Секогаш се најсложени промените што треба да се предизвикаат кај луѓето, кај образовниот кадар. И уште нешто, кај нас, речиси, и се заборави дека освен стручната и професионална едукација, задача или обврска на образованието е да ги воспитува младите и во текот на образованиот процес да им ги пренесе вредностите на општеството. Ако во првата димензија и нешто се прави, во втората димензија се случува најголемиот крах на образованието кај нас во овие три децении.

Не велам дека образованието треба да има строги идеолошки компоненти, но би требало да ги пренесува универзалните вредности на либералното општество, онакво какво што сме се согласиле да го градиме и како што е запишано во нашите највисоки државни акти. Тука спаѓа и хуманата димензија или созревањето на младите луѓе низ процесот на задолжително образование кое мора да го поддржат способни, обучени и посветени кадри – учителите, наставниците и професорите. А тоа не може да го направи секој, туку само луѓе кои имаат предиспозиции и сакаат да го работат тоа. Токму тука државата треба да направи сè за оваа професија да си го врати општествениот статус кој многумина од нас го почувствувале во еден поранешен систем кога образованието беше вредност, а наставниците и професорите беа почитувани. Само тогаш, и во мирно, и во кризно време, образованието ќе си ја исполнува својата функција.

Еден ден кога ќе заврши сето ова, а еден ден мора да заврши, еден совет до училиштата и наставниците: не им забранувајте на децата да ги користат нивните мобилни телефони. Може да направите правила на игра, и време и начин на нивно користење, но не им забранувајте. Еден директор на средно училиште од Скопје вака

го гледа тоа: „Во оваа нова училишна реалност ние, наставниците, играме на терен на кој децата се домаќини, а ние гости, со оглед на тоа што денешните деца буквално живеат во свет во кој комуницираат преку различни социјални мрежи и на Интернет се чувствуваат како дома[3].“

Ова треба да се искористи. Можете да направите мали истражувања при што децата ќе побараат на нивните мобилни дефиниции или сознанија за некој процес или странски зборови и нивни синоними. Тие се нивниот прозорец кон светот, нивните алатки во текот на целиот ден, нивната иднина, и затоа научете да ги користите за да може да им помогнете на децата. Да, мобилните се најдобро средство за препишување, ама затоа професорите треба да најдат начин на учење во кој не треба да се памти, туку во кој треба да се размислува и да се бараат синтетички решенија. Од најмали и најпрости, до најсложени. Научете ги децата да работат во тимови, затоа што тоа често ќе го прават во својот живот. Не им наметнувајте строги правила, тие мора самите да ги создаваат, затоа што само така целосно ќе ги почитуваат. Затоа што светот во кој живееме е сè повеќе дел од нивната иднина.

*(Авторот е редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје)*

3 https://www.fakulteti.mk/news/23112020/spijat-na-chas-upagjaat-uchenici-od-drugi-uchilishta-nediscipliniranite-vo-uchilnica---nedisciplinirani-i-onlajn?fbclid=IwAR0rqMnWFpyvFMyhQLernS3IK6dM8paQTIsc15p4b5z_z-xI2371RtOzpCE



# КРИЗНО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ ОБРАЗОВАНИЕ ВО КРИЗА?

ДИМИТАР НИЗАМОВСКИ

**ДОКОЛКУ ГИ АНАЛИЗИРАМЕ ПОСЛЕДНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА PISA 2018 ГОДИНА, ЌЕ НАИДЕМЕ НА ФРАПАНТНИ ПОДАТОЦИ КОИ НАВИСТИНА ЗАГРИЖУВААТ! ИМЕНО, МАКЕДОНСКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ СЕ НАОЃААТ НА 66 МЕСТО ОД 77 РАНГИРАНИ ЗЕМЈИ ВО ПОДРАЧЈЕТО: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ, НА 67 МЕСТО ВО ПОДРАЧЈЕТО: МАТЕМАТИЧКА ПИСМЕНОСТ ОД 78 РАНГИРАНИ ДРЖАВИ, ДОДЕКА, ПАК, ВО ПОДРАЧЈЕТО: ПИСМЕНОСТ ВО ПРИРОДНИТЕ НАУКИ СЕ МАЛКУ ПОДОБРИ, ОДНОСНО СЕ НАОЃААТ НА 62 МЕСТО ОД 78 РАНГИРАНИ ЗЕМЈИ**

Како да не беше доволно траурна состојбата со македонското формално образование и без Ковид-19, сè поизвесно е дека импликациите предизвикани од светската пандемија ќе остават сериозни траги врз образованието и иднината на учениците во Република Северна Македонија. Несомнено е дека безмалку сите сектори се директно или индиректно погодени од здравствената криза и ефектите зедоа замав уште во текот на оваа 2020 година, со тенденција да продолжат и во годините кои следат, па така, и македонските ученици и квалитетот на образованието во услови на пандемија ќе бидат сериозно загрозени.

Доколку се вратиме чекор station назад и ги анализираме последните податоци од Извештајот за постигањата на учениците во Република Северна Македонија PISA 2018,[1] ќе наидеме на фрапантни податоци кои навистина загрижуваат! Имено, македонските средношколци се наоѓаат на 66 место од 77 рангирани земји во подрачјето: Читање

1 Извештај за постигањата на учениците во Република Северна Македонија PISA 2018 (Programme for International Student Assessment) https://dic.edu.mk/wp-content/uploads/2017/03/PISA-izvestaj-2018-19.pdf

со разбирање, на 67 место во подрачјето: Математичка писменост од 78 рангирани држави, додека, пак, во подрачјето: Писменост во природните науки се малку подобри, односно се наоѓаат на 62 место од 78 рангирани земји.

За помалку упатените читатели, накратко – ПИСА (PISA – Programme for International Student Assessment[2] претставува меѓународна студија на Организацијата за економска соработка и развој (Organisation for Economic Co-operation and Development), која врши проценка на: способностите, знаењата и вештините на учениците во примената на она што го научиле во образовниот процес во ситуации од животот на крајот на задолжителното образование на возраст од 15 години, во горенаведените три подрачја (Читање со разбирање, Математичка писменост и Писменост во природните науки). Проценката не утврдува само дали испитаниците можат да го репродуцираат своето знаење, туку проверува и колку добро можат да го искористат и применат своето знаење од она што го научиле во нови и непознати ситуации, во училиштето и надвор од него.

Сепак, она што е поважно тука е какви се постигнатите резултати на учениците од Северна Македонија и што државата, пред сè Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот испитен центар, во комуникација и координација со: училиштата и универзитетите, наставниот кадар, учениците и студентите, родителите и единиците на локалната самоуправа, како најзасегнати чинители, може, и треба да преземе и направи со цел ситуацијата да се промени на подобро.

Дополнителен факт кој загрижува е податокот на Светска банка, според кој младите во земјава до својата 18 година поминуваат 11,2 години во формалниот образовен процес, а знаат како за изучени 6,8 години, односно се востановува загуба од 4,4 години образование.[3] Со директните и придружните ефекти коишто кризата ги предизвикува во образовниот процес, постои опасност оваа загуба на знаење да се зголеми и продлабочи.

2 https://www.oecd.org/pisa/

3 https://www.worldbank.org/en/news/press-release/2018/10/11/if-macedonia-acts-now-children-born-today-could-be-healthier-wealthier-more-productive

**Ковид-19 кризата долева дополнително масло на огнот**

Оваа година, Ковид-19 кризата долева дополнително масло на огнот откако на 10 март 2020 година, Владата на Република Северна Македонија донесе мерка да се прекине со воспитно-образовниот процес и наставата во просториите на образовните установи во државата, првично во времетраење од 14 дена, како дел од мерките за справување со ефектите од забрзаното ширење на вирусот КОВИД-19.

Образовниот процес требаше да продолжи да се одвива непречено преку платформи за видеокомуникација, меѓутоа тој се соочи со голем број предизвици. Дел од нив беа: еднаквиот пристап кон образованието и вклучувањето на сите ученици и студенти, отсуството на доволно и соодветно знаење и вештини кај наставниот кадар за спроведување на далечинското образование, како и недостатокот на информации во врска со изведувањето на финалните тестирања и оценувања.

Целата ситуација придонесе младите да се чувствуваат мошне несигурно и неизвесно, со сериозни импликации врз нивното ментално здравје и општата благосостојба, но и врз нивните академски перформанси. Сепак, откако стана јасно дека кризата нема да си замине едноставно и набрзо, се започна со планирање на следната академска 2020/2021 година, со оглед на неславниот завршеток на претходната.

За таа цел, на 6 јули 2020, Министерството за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образованието го претстави документот: „Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училиште во Република Северна Македонија".[4] Овој документ претставува план за начинот на кој е замислено далечинското образование во основните и средните училишта, започнувајќи од учебната 2020/2021 година и тој содржи разработка на образовните промени, поткрепени со извори и статистички податоци за досегашниот резултат на далечинско образование, како и појаснување околу некомплетната информатичка инфраструктура која моментално постои во образованието.

За жал, веќе се наближува крајот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година и овој документ не ги даде посакуваните

4 http://mon.gov.mk/stored/document/Koncept%20za%20dalecinsko%20obrazovanie-design-MK-with%20logos.pdf

резултати во пракса. За почеток, поради потребата од соодветна подготовка, учебната година започна еден месец подоцна од вообичаено, односно на 1 октомври, наместо на 1 септември како и секоја година, заради пандемијата предизвикана од коронавирусот и подготовката на здравствените протоколи. На општините и училиштата им беше оставен временски период за подготовка и реализација на предвидените мерки и протоколи и оние кои добија зелено светло од Комисијата за заразни болести, првично започнаа со физичко присуство на наставата.

Сепак, огромен број семејства и ученици се соочија со поголем број тешкотии во реализација на наставата од далечина. Дел од овие ученици немаат постојан и стабилен пристап до интернет, воопшто или доволен број на потребни технолошки средства (персонален компјутер, лаптоп или таблет) на кои би ја следеле наставата за семејствата со две или повеќе деца во образовен процес или, едноставно, услови и приватност за учество во таквата настава.

Тука се поставува прашањето за еднаквиот пристап до квалитетно образование. Како може да очекуваме овие ученици воопшто да имаат пристап до него, а камоли подеднакво квалитетно да ја следат наставата и да се подготват за оценувањето на научениот материјал?

Корона кризата уште толку повеќе ја зголеми и истакна разликата во економскиот стандард и куповната моќ во македонското општество и ги подели семејствата и учениците. Оваа разлика особено се забележува меѓу жителите на главниот град Скопје и останатите општини, како и меѓу урбаните и руралните средини.

Друг недостаток кој се забележа и кој го истакнаа и самите ученици е недоволната подготвеност и стручност на наставниот кадар во одржувањето на наставата. За жал, поголемиот дел од наставниците и професорите

**ГЕНЕРАЛНИОТ ВПЕЧАТОК Е ДЕКА СЕВКУПНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДАЛЕЧИНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОЧЕТНАТА ФАЗА ДОСЕГА БИЛА НА НИСКО НИВО И УЧЕНИЦИТЕ СМЕТААТ ДЕКА ПОСТОИ ПРОПУСТ ПРИ ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА НАСТАВАТА. ОВАА ОДГОВОРНОСТ ЈА ПОСОЧУВААТ КАЈ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И САМИТЕ УЧИЛИШТА ВО КОИ ТИЕ УЧАТ, ДОДЕКА, ПАК, КАЈ НАСТАВНИОТ КАДАР ЛОЦИРААТ ОТСУСТВО НА ДОВОЛНА И СООДВЕТНА ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА СО КОРИСТЕЊЕ НА НОВИ МЕТОДИ (ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ И ВЕШТИНИ ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО ПРЕКУ ВАКОВ ВИД НА НАСТАВА)**

**СЕ СТЕКНА ПРВИЧЕН ВПЕЧАТОК ДЕКА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ Е МАЛКУ ПООРГАНИЗИРАНО КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ИЗВЕДУВАЊЕТО НА ОНЛАЈН НАСТАВА. УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И ФАКУЛТЕТИТЕ САМОИНИЦИЈАТИВНО ПОЧНАА ДА ЈА ОРГАНИЗИРААТ ПРЕКУ РАЗНИ ДИГИТАЛНИ И ВИДЕОПЛАТФОРМИ, КАКО, НА ПРИМЕР: ZOOM, MICROSOFT TEAMS, GOOGLE CLASSROOM, WEBEX, COURSES И SKYPE. РЕКТОРСКАТА УПРАВА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ ДОНЕСЕ ПРАВИЛНИК СО КОЈ НА ФАКУЛТЕТИТЕ ИМ СЕ ДАДЕ СЛОБОДА ВО ИЗБОРОТ НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ СРЕДСТВА ПРЕКУ КОИШТО ЌЕ ЈА СПРОВЕДУВААТ НАСТАВАТА**

почувствуваа тешкотија при транзицијата на изведувањето на наставата по онлајн пат. Можеби долгите години на предавање во училница, екс катедра, ја отапило нивната способност и желба за адаптација на новонастанатата ситуација и моментално нивните перформанси се евидентно незадоволителни. Оваа ситуација најдиректно ги погодува учениците чие незадоволство расте, заедно со нивното нетрпение, како и родителите кои го забележуваат негативниот ефект кој се одразува врз нивните деца.

## Средното образование одблиску, а толку далеку

Младинскиот образовен форум (МОФ) во летниот период оваа година, пред почетокот на учебната година, изработи истражување[5] за Концептот за далечинско образование со ученици од различни средни училишта во државата. За целите на истражувањето, беа оформени две фокус-групи со средношколци од: Скопје, Битола, Велес и Тетово, а беа опфатени девет средни училишта на национално ниво. Модераторите ги водеа фокус-групите според однапред утврдени и конкретни прашања во пет области: генерално искуство со концептот на далечинско учење; далечинска настава; комуникација при далечинско учење; далечинско оценување и препораки за подобрување на далечинското образование.

Тука би се осврнал накратко на главните наоди за секоја област посебно, со оглед на важноста на сите овие аспекти кои сериозно влијаат на квалитетот на образованието кое го добиваат нашите млади, како и препораки кои мора да бидат земени предвид и

5 Далечинско образование низ призмата на средношколците – Средношколски искуства и препораки за подобро дигитално образование, Ванѓел Ѓорѓиев, Петар Барлаковски, Христина Мирчевска, МОФ, јули 2020. Истражувањето е достапно на линкот: https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/dalechinsko-obrazovanie-niz-prizmata-na-srednoshko

адресирани од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

*Генералното искуство со концептот на далечинско учење* е различно во формата на неговото остварување и конзистентноста во изучувањето на наставната материја од предмет, до предмет. Секој ученик потврди дека се соочил со овој концепт и дека веќе стекнал искуство во спроведување на далечинското образование, меѓутоа, фокус-групата покажа дека секое училиште, па дури и секој професор, посебно и индивидуално, определувале во каква форма и на каков начин ќе го спроведат образованието. Учениците имале пристап до образовните материјали и учебните помагала, добро и лесно се снаоѓале со дополнителните материјали од интернет кои им биле проследени од страна на нивните наставници, единствено им била потребна поголема помош и поддршка во делот на објаснувањето на материјалот и неговата содржина.

Генералниот впечаток е дека севкупната организација на далечинското образование во почетната фаза досега била на ниско ниво и учениците сметаат дека постои пропуст при организирањето на наставата. Оваа одговорност ја посочуваат кај Министерството за образование и наука и самите училишта во кои тие учат, додека, пак, кај наставниот кадар лоцираат отсуство на доволна и соодветна подготвеност за изведување на наставата со користење на нови методи (дигитални алатки и вештини за пренесување на знаењето преку ваков вид на настава).

Во однос на изведувањето на *далечинската настава*, како и онлајн платформите и наставните методи кои се употребувале, дел од учесниците во фокус-групите напоменаа дека очекувале поголем ентузијазам и инволвираност на самите професори околу нејзината организација и спроведување. Кај дел од наставниот кадар забележале голема неорганизираност и незаинтересираност во организирањето и спроведувањето на часовите. Дури и секој клас се соочил со употреба на различни платформи и алатки во изведувањето на наставата, односно наставниците го правеле тоа на платформите: „Classroom“ и „ZOOM“, социјалните мрежи „Facebook“ и „Viber“, а во позагрижувачките случаи, професори единствено комуницирале преку телефон со еден ученик (најчесто претседателот на класот), па потоа тој/таа ги пренесувал информациите до останатите соученици.

*Комуникацијата при далечинското учење* е дополнително отежната за време на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, што е разбирливо. Тоа влијае врз брзината со која се дознаваат и споделуваат информациите, ефектот што се постигнува при двонасочната комуникација и финално, врз квалитетот на образованието и перформансот на ученикот. Како и за останатите аспекти, мислењата и искуствата на учесниците во фокус-групите беа поделени – дел од нив беа задоволни од начинот и ажурноста со кои се одвивала, додека, пак, дел од нив имаа забелешки и упатија критики.

Комуникацијата најчесто се одвивала преку социјалните мрежи и апликациите за комуникација или, проблемот кој беше посочен и погоре, а тоа е дека комуникацијата, главно, се одвивала преку еден или неколку ученици од класот кои потоа ги пренесувале информациите до останатите ученици.

Кога станува збор за *далечинското оценување*, учесниците во фокус-групите беа согласни дека тоа во голема мера се разликувало од професор до професор и дека секој оценувал индивидуално. Тие сметаат дека оценувањето било нефер и необјективно и дека голем проблем претставувало препишувањето, односно мамењето за време на усното и писменото оценување.

## Каква е состојбата со високото образование во Северна Македонија?

Пандемијата уште повеќе ја нагласи потребата од итна и целосна дигитализација на образованието во нашата држава, без да го изоставува, притоа, и високото образование. Како и останатите степени од образовниот процес, така и овој не беше поштеден од разни техники и тактики за снаоѓање и менаџирање на кризата од страна на наставниот кадар и студентите.

Имено, со одлуката од 10 март 2020 година, Владата на Република Северна Македонија донесе мерка да се прекине воспитно-образовниот процес и наставата во просториите на образовните институции ширум државата, вклучувајќи го и високото образование, секако, со цел за побрзо и полесно справување со забрзаното ширење на вирусот Ковид-19. Ќе се покаже дека оваа одлука ќе изврши сериозно влијание врз спроведувањето на онлајн наставата, начинот на полагањето и изведувањето на оценувањето во високото образование во Република Северна Македонија.

Се стекна првичен впечаток дека високото образование е малку поорганизирано кога станува збор за *изведувањето на онлајн настава*. Универзитетите и факултетите самоиницијативно почнаа да ја организираат преку разни дигитални и видеоплатформи, како, на пример: ZOOM, Microsoft Teams, Google Classroom, WEBEX, Courses и Skype.

По Уредбата со законска сила на Владата на РСМ со која се наложи наставата во високото образование за време на вонредната состојба да се спроведува преку средства за електронска комуникација кои обезбедуваат двонасочна комуникација, без физичко присуство на студентите, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје донесе Правилник според кој на факултетите им се даде слобода во изборот на електронските средства преку кои ќе ја спроведуваат наставата.

**СО ОГЛЕД НА МОМЕНТАЛНАТА СИТУАЦИЈА ВО КОЈА СЕ НАОЃА СВЕТОТ, НО И СОСТОЈБАТА СО МАКЕДОНСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ОЧЕКУВАНО Е ДЕКА ТАА НЕМА ДА СЕ ПРОМЕНИ БРЗО И ЛЕСНО. ПОТРЕБНО Е ДА ПОМИНЕ ДОВОЛНО ВРЕМЕ ЗА ДА СЕ НАУЧАТ ЛЕКЦИИТЕ И ДА СЕ ИНТЕРВЕНИРА СООДВЕТНО. ОНА ШТО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ТРЕБА ДА ГО НАПРАВИ Е ДА ГИ ВКЛУЧИ СИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ВО КОНСУЛТАЦИИТЕ ЗА СЛЕДНИТЕ МЕРКИ И ЧЕКОРИ КОИ ИМААТ ДА ПОНУДАТ: МИСЛЕЊЕ, СОВЕТ И ЕКСПЕРТИЗА. МЕЃУ ОСТАНАТИТЕ, ТРЕБА ОСОБЕНО ДА СЕ ЗЕМАТ ПРЕДВИД И МИСЛЕЊАТА И ПРЕПОРАКИТЕ КОИ ДОАЃААТ ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР, ОДНОСНО ОРГАНИЗАЦИИТЕ КОИ РАБОТАТ НА ПОЛЕТО НА ОБРАЗОВНИТЕ МЕРКИ И ПОЛИТИКИ**

Со цел да им се помогне на студентите кои не поседуваат сопствени уреди за редовно следење на предавањата, а со тоа се создале и нееднакви можности со останатите колеги, универзитетските студентски собрания започнаа иницијатива за распределба на уреди за следење на наставата на студенти (електронски уред и брз интернет), што е навистина за почит и пофалба.

Во однос на *онлајн полагањето испити и начинот на оценување*, настана несогласување меѓу Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (УКИМ) и Универзитетското студентско собрание (УСС) на истоимениот универзитет во однос на одлуката на УКИМ за спроведување на електронско полагање на испитите и колоквиумите. Главниот аргумент „против“ на УСС-УКИМ беше во насока на тоа дека електронското полагање не може да гарантира квалитет на знаење на студентите и дека при таквиот начин на полагање постои

потенцијален ризик од препишување и манипулации со процесот на полагање.

Сепак, на крајот УКИМ им остави простор на факултетите во неговиот состав самите финално да одлучат како ќе постапат во поглед на полагањето на колоквиумите и испитите. Главните пречки при реализацијата на ваквиот вид на полагање кај факултетите беа немањето соодветни можности и услови за спроведување на електронско полагање, единствено кај Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) одлуката за неспроведување на електронско гласање не беше базирана на неможност.

Секако, при создавањето и спроведувањето на сите високообразовни мерки и политики, меѓу кои и ваквите потези во кризни ситуации, државите и универзитетите мора најпрвин да го имаат предвид здравјето и безбедноста на студентите и академскиот кадар, но и нивниот моментален: академски, економски и социјален статус, како и целокупниот општествен контекст и подготвеноста на универзитетите и факултетите. Имајќи ја на ум автономијата на самите универзитети, потребно е тие самите да одлучуваат за следните чекори и мерки кои ќе ги спроведат, меѓутоа тоа треба да се направи согласно: потребите, барањата и мислењата на сите членови на академската заедница, а особено на студентите како примарно засегнат субјект во целата приказна.

Пандемијата предизвика определени позитивни промени и трендови во високото образование во нашата земја (како, на пример, посериозен зачеток на дигитализацијата), но ги прикажа и истакна и веќе постојните проблеми и недостатоци – слабото и кусогледо раководење на високообразовните институции и менаџирањето при вонредни и кризни ситуации.[6]

## Што може да се направи за подобрување на образованието во Северна Македонија во време на светска криза?

Со оглед на моменталната ситуација во која се наоѓа светот, но и состојбата со македонското образование, очекувано е дека состојбата нема да се промени брзо и лесно. Потребно е да помине доволно време за да се научат лекциите и да се интервенира соод-

6 Кризни обиди на високообразовните институции за дигитализација во академската 19/20 година, Ванѓел Ѓорѓиев и Петар Барлаковски, МОФ, 2020 година (https://issuu.com/youtheducationalforum/docs/_______ )

ветно. Она што Министерството за образование и наука треба да го направи е да ги вклучи сите засегнати страни во консултациите за следните мерки и чекори кои имаат да понудат: мислење, совет и експертиза. Меѓу останатите, треба особено да се земе предвид и мислењето и препораките коишто доаѓаат од граѓанскиот сектор, односно организациите кои работат на полето на образовните мерки и политики, во овој случај.

Ударот и ефектите од здравствената криза се чувствуваат во повеќе различни сектори коишто директно и индиректно ги засегаат младите и нивните: животи, потреби и очекувања. Со цел да се помогне за побрзо и полесно надминување на кризата во Северна Македонија, група граѓански организации[7] и активисти формираа неформална иницијатива и го создадоа документот: „Перспектива: Млади во криза – итни препораки за намалување на негативните ефекти од Ковид-19 кризата врз младите". Со овој документ се обезбедуваат координирани и итни препораки до институциите за проактивно и информирано креирање на политики чија навремена и соодветна примена ќе придонесе да се намалат последиците врз севкупната добросостојба на младите во нашата држава.[8]

Оваа група веќе подготви итни препораки до институциите, но и понатаму будно ќе ја следи кризата и развојот на настаните, па ќе предлага и нови мерки и чекори на среден и долг рок, особено и откако ќе заврши кризата. Неколку главни и поитни препораки кои се однесуваат на подобрување на целокупната состојба во македонското формално образование под влијание на здравствената криза се:

- *Министерството за образование и наука да обезбеди еднаков пристап до онлајн образовниот процес за сите ученици во државата.* Постојат голем број семејства кои сè

7 Младински образовен форум (МОФ), Реактор – Истражување во акција, Национален младински совет на Македонија (НМСМ), Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) – Куманово, Сојуз за младинска работа (СМР), Сојуз на извидници на Македонија (СИМ), ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, ХОПС – Опции за здрав живот, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, Хелсиншки комитет за човекови права и АРНО – Асоцијација за развој на нови опции

8 Перспектива: Млади во криза – Итни препораки за намалување на негативните ефекти од Ковид-19 кризата врз младите, група граѓански организации, април 2020 (https://mof.mk/wp-content/uploads/2020/04/1.-Mladi-vo-kriza-itni-preporaki-do-institutsiite-predlog-preporaki-1.pdf)

уште немаат пристап до интернет или доволен број (некаде и воопшто) електронски уреди за следење на наставата. Потребно е да се обезбедат интернет-ваучери и привремено позајмување на компјутерите од училиштата кои во моментов не се ставени во употреба.

- *Континуирана обука и поддршка за наставниците и професорите при спроведувањето на онлајн наставата и оценувањето.* Потребно е да се обезбедат технички услови за изведување на наставата и за наставниот кадар кој се соочува со истите проблеми на отсуство на брз и стабилен интернет, но и да се спроведе едукација и поддршка за изведување на онлајн наставата, особено за оние кои немаат доволно или соодветно искуство и познавање за користење на современите технологии.
- *Дополнителни и додатни програми за помош на учениците кои не можат да ги совладаат предметните материи, преку онлајн настава.* Исто така, да се изнајдат соодветни решенија за реализација на проектните активности и нивна адаптација за извршување и исполнување од дома.
- *Универзитетите да обезбедат редовни и ажурирани информации за тековното студирање и административните процедури.* Потребно е да се овозможи електронско пријавување на испитите, дипломските и магистерските трудови и да се постави канал за комуникација со службите за студентски прашања.
- *Редовно исплаќање на доделените стипендии и дополнителна помош за студентите кои се најмногу погодени од здравствената, односно економската криза.*

## Кои се предизвиците пред кои ќе се исправиме по завршувањето на пандемијата?

Евентуално, пандемијата ќе го дочека својот крај и светот полека ќе почне да се враќа во нормала. Иако во моментот граѓаните се преокупирани со секојдневни стресни информации, загрижени за своето здравје и здравјето на своите најмили, живеејќи во целосна неизвесност и параноја, сепак државата со своите институции мора да мисли чекор понапред и подалеку и да се извлечат поуки од оваа

**ОВАА КРИЗА ЌЕ ТРЕБА ДА НИ ПОСЛУЖИ КАКО ПОТСЕТНИК ЗА ТОА КАДЕ ФИГУРИРААТ НАШИТЕ ПРИНЦИПИ И ВРЕДНОСТИ КАКО ОПШТЕСТВО ВО ЦЕЛИНА, КОЛКУ СМЕ ПОДГОТВЕНИ ДА НАПРАВИМЕ ОДРЕДЕНИ ИНДИВИДУАЛНИ ОТСТАПКИ И ЖРТВИ ЗА СМЕТКА НА ПОГОЛЕМОТО ЈАВНО ДОБРО И КОЛЕКТИВНИОТ ИНТЕРЕС. КРИЗАТА ТРЕБА ДА НÈ ПОТСЕТИ ИЛИ НАУЧИ НА СОЛИДАРНОСТ СО СИТЕ ГРАЃАНИ И ЧЛЕНОВИ НА НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ, ОСОБЕНО СО ОНИЕ КОИ ПРИПАЃААТ НА РАЗЛИЧНИ МАРГИНАЛИЗИРАНИ И РАНЛИВИ ГРУПИ, А СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС И ИСКУСУВААТ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕШКОТИИ ОД СЕКАКОВ ВИД. ВО ОВОЈ ПРОЦЕС, МЛАДИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ РАМО ДО РАМО СО ПОВОЗРАСНИТЕ И ПОИСКУСНИТЕ И ДА ПОМОГНАТ ВО ЗАЗДРАВУВАЊЕТО НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО ПРЕКУ ЛИЧЕН И КОЛЕКТИВЕН ПРИМЕР**

криза во секоја можна област, па така и во образованието.

Од она што го доживеавме и увидовме досега, повеќе од очигледно е дека ќе треба повторно да ги осмислиме и преиспитаме некои од концептите коишто досега постоеја и функционираа во нашето општество.

*Еднаквиот пристап до квалитетно образование* е нешто што досега се земаше здраво за готово, а пандемијата совршено ни покажа дека во вакви вонредни околности, ниту може да се очекува целосно подеднаков пристап до образование од страна на сите млади во државата, ниту да се запази и одржи потребниот квалитет. Како особено погодена категорија на млади граѓани се *лицата со попреченост во развојот* кои имаат потреба од соодветно адресирање на нивните посебни образовни потреби. Овие млади и без тоа се наоѓаа(т) во исклучително неповолна положба во однос на нивните врсници за време на образовниот процес, но и во животот генерално, па треба особено да се внимава и да се земат предвид нивните барања и потреби.

*Дигитализацијата на образованието* се покажува како насушна потреба во оваа ситуација, ставајќи ги на прво место здравјето и безбедноста на: учениците, студентите, наставниот и техничкиот кадар, но и како современ тренд кој не ја заобиколи Северна Македонија и на кој ќе треба да се работи доколку сакаме нашиот образовен систем да не заостанува во однос на светските. При овој процес ќе мора да се обезбеди *постојана поддршка и менторство на наставниот кадар* којшто ќе мора да покаже високо ниво на подготвеност и мотивација за приспособување на новите начини и методи на изведување на наставата, независно од тоа кога ќе заврши пандемијата.

Финално, оваа криза ќе треба да ни послужи како потсетник за тоа каде фигурираат нашите *принципи и вредности како општество во целина*, колку сме подготвени да направиме одредени индивидуални отстапки и жртви за сметка на поголемото јавно добро и колективниот интерес.

Кризата треба да нè потсети, или научи, на солидарност со сите граѓани и членови на нашите заедници, особено со оние кои припаѓаат на различни маргинализирани и ранливи групи, а се вклучени во образовниот процес и искусуваат дополнителни тешкотии од секаков вид.

Во овој процес, младите треба да бидат вклучени и застапени рамо до рамо со повозрасните и поискусните граѓани и да помогнат во заздравувањето на нашето општество преку вклученост и личен и колективен пример, а не само да бидат посочени како едни од главните виновници за рапидното и неконтролирано ширење на вирусот.

*[Авторот е извршен директор на Младински образовен форум (МОФ)]*



# ТУРКАЊЕ ОБЛАЦИ!

ЕМИЛИЈА РИСТАНОВСКА

**АКТУЕЛНАТА ПАНДЕМИЈА ДОДАТНО СТАВИ СÈ НА ТЕСТ. НАМЕТНАТИТЕ НОВИ ОКОЛНОСТИ И СТЕГИ, ДОДАТНО ГИ ПОТЕНЦИРАА СИТЕ НАТАЛОЖЕНИ ПРОБЛЕМИ. ПОВЕЌЕДЕЦЕНИСКОТО, НЕДОРЕЧЕНО, ПОВРШНО И ЧЕСТО ПАУШАЛНО ТРЕТИРАЊЕ НА ЕДНА ОД НАЈВАЖНИТЕ КОМПОНЕНТИ ВО ДРЖАВАТА, СТАНА МНОГУ ВИДЛИВО. ПРЕЧКАТА СТАНА ПРОБЛЕМ, НО МОЖЕБИ, И МОЖНОСТ ЗА НОВИ РЕШЕНИЈА И ПРИСТАПИ. МОЖЕБИ, КЛУЧНА РАСКРСНИЦА ЗА НЕКОИ ПОСУШТИНСКИ РЕФОРМИ, КАКО ШТО СЕ: ПРОМИСЛУВАЊЕ НА НОВИ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ, РАСЧИСТУВАЊЕТО СО РИГИДНИТЕ ПРАВИЛА, НАПУШТАЊЕ НА ПАРТИЗИРАНОСТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И СИТЕ ОСТАНАТИ ПРИТИСОЦИ ОД РАЗНИ ИНСТИТУЦИИ, СПРАВУВАЊЕ СО ИНЕРТНОСТА КОН ОБВРСКИТЕ, СО ЛАЖНИТЕ АВТОРИТЕТИ И ВИШОКОТ АДМИНИСТРИРАЊА**

Нема никаква дилема дека секој млад човек започнувајќи го своето образование, носи со себе еден квантум на креативен потенцијал. Без оглед на сите: општествени, социјални и лични околности, коишто ги носи контекстот на современото живеење, овде и сега, инсистирањето на поголемото вклучување на учениците во уметнички процеси развива во нив смисла за творештво и иницијатива, имагинација и емоционална интелигенција и способност за критичко мислење. Со самото тоа, уметноста има способност за воспоставување на лична хармонија, но и рационално систематизирање на одредени естетски критериуми. Кога велам естетски критериуми, се разбира, како една голема придобивка, мислам и на етички критериуми кои се составен дел на естетиката.

Како да се стигне до убавото или, ако сакате, како да се стигне до доброто. Не е никаква утопија ако поверуваме дека вклучувањето на младите во било каков уметнички процес не само што позитивно се рефлектира врз развојот на личноста и не само што е катализатор

и облагородувач на нивните професионални определби понатаму, без оглед на натамошниот избор, туку таквата инвестиција повторно завршува како бенефит во општеството во кое ќе работат и живеат.

На оваа тема, за потребата и значењето на уметноста во образовниот процес се напишани многу научни трудови од еминентни: педагози, филозофи, музиколози, чија обемност кон оваа проблематика не претендирам да ја надградувам. Ќе се обидам овие неколку реда да ги исцрпам од своето лично искуство и да сублимирам, иако и тоа не е толку едноставно како што се чини.

### Сè е ставено на тест

Измина 21 година од моето прво вработување како професор по музичка уметност во гимназија, во една зграда со брутален стил, однадвор строга и ладна по својата содржина, со одредени правила и норми карактеристични за една општа гимназија, но понекогаш и многу топла, полна со креативни приказни низ сите минати генерации. Се разбира, повремено и низ мојот личен ракурс. Местото кон кое чувствувам огромна одговорност и личен порив за подобро.

**НА УМЕТНОСТА – МУЗИКАТА, ЛИКОВНАТА, ТЕАТАРОТ, ФИЛМОТ, ТАНЦОТ – МЕСТОТО Ѝ Е ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС. ПОИТНО ОД БИЛО КОГА И ВО ПОГОЛЕМ ОБЕМ. НЕ САМО НА НИВО НА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО НЕА, ТУКУ И ПРЕКУ АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО НЕЈЗИНОТО СОЗДАВАЊЕ. ВО ИМЕ НА СИОТ ОНОЈ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ПОЧЕТОКОТ ОД ОВОЈ ТЕКСТ. ЗАРАДИ НИВНОТО СУШТИНСКО ОСОЗНАВАЊЕ, ХАРМОНИЈА, КАТАРЗА, ФОРМИРАЊЕ ВРЕДНОСЕН СИСТЕМ, ЗАРАДИ НИВНАТА ВЕРБА И, НАЈПОСЛЕ, ЗАРАДИ НИВНАТА СЛОБОДА. ЧЕСТО ПАТИ ГО СЛУШАМ СТАВОТ ДЕКА ОБРАЗОВАНИЕТО Е НЕКАКВА ПОДГОТОВКА ЗА ЖИВОТОТ ПОНАТАМУ. НЕ. ТОА Е ЖИВОТ, ТАМУ СЕ СЛУЧУВА ЖИВОТ ВО ВИСТИНСКА СМИСЛА НА ЗБОРОТ**

Актуелната пандемија дополнително стави сè на тест. Наметнатите нови околности и стеги, додатно ги потенцираа сите наталожени проблеми. Повеќедецениското, недоречено, површно и често пати паушално третирање на една од најважните компоненти во државата, стана многу видливо. Пречката стана проблем, но можеби, и можност за нови решенија и пристапи. Можеби клучна раскрсница за некои посуштински реформи, како што се промислување на нови наставни планови и програми, расчистувањето со ригидните правила, напуштање на партизираноста во образованието и сите

останати притисоци од разни институции, справување со инертноста кон обврските, со лажните авторитети и вишокот администрирања.

Наспроти реалноста обременета со: сувопарни тестови, проверки на знаења, разни бодови, „градење лидери", администрирања, бизниси, стандарди за оценување, имплементации и секакви преценети термини кои најчесто беа злоупотребувани во сите овие години на некаква европска надеж, треба повторно да се вратиме кон суштинско образование и методи кои ќе придонесат од училишните клупи да излезат: мислечки, креативни и одговорни млади луѓе, способни не само да се имплементираат во општеството, туку и самите да го создаваат. Меѓу тие две работи има суштинска разлика. Сега, потребна е верба.

## Октомври 2020

Се подготвувам да влезам на првиот час со прва година. Деца со кои никогаш не сме се виделе претходно, не знам кои им се стравовите, не знам кои им се желбите. Онлајн настава. Дополнителна дистанца којашто ја зголемува неизвесноста. Треба да зборувам за музиката како уметност, во период кога светот е во тотален хаос, престанале да важат законите и правилата кои биле важни дотогаш, а новите правила не се до крај оформени. Теории на заговор, сериозни егзистенцијални прашања, недоверба и недостаток на смисла и издржани одговори.

Можеби тоа е една од причините зошто на моите часови по музичка уметност до одредени заклучоци за музиката и уметноста, воопшто, се доаѓа преку прашања. Нема однапред готови одговори. Јас поставувам прашање и активно учествувам во барањето на одговорите заедно со нив. Им давам состојки, а не им наметнувам готови рецепти. Прашувам: Што е уметност? Кога таа почнува? Која е вашата лична асоцијација за зборот уметност? Не ги потценувам нивните несовршени одговори затоа што се тие, многу често, поточни од оние постојните и општоприфатените. Затоа, слободно и заедно го прифаќаме предизвикот од неизвесното.

Поминува време. Одеднаш нивната потреба да кажат нешто станува голема. Одговорите варираат од тоа што мислат дека сакам да слушнам – до, не знам, никогаш не сум размислувал на таа тема, па сè до – одлучив дека таа нема да ме интересира. Сè е легитимно и сè е

опција за точен одговор. Следи борба на аргументите. Нивната заинтересираност да кажат нешто. Важно е непроценлива. Еден одговор останува да лебди на часот. „Не знам која е дефиницијата за уметноста, но ако морам да одговорам, за мене уметноста е слобода".

Се согласив со тоа. Се согласив со нивната потреба за слобода, дури и кога не сум сосема сигурна дали сите ние знаеме што Таа точно значи. Не сакав да продолжам понатаму со прашањата за да не го нарушам, и онака, кревкиот збор, кој, историски гледано, знаеме, често пати бил ставан под знак прашање. Се надевам дека еден ден тоа ќе биде истиот тој збор кој ќе ја изразува нивната потреба од: слобода на изразување, слобода на мислење, слобода на чувства, слобода на избор на професија, на став, на однос.

И најважно – слобода која носи своја одговорност. А, одговорноста може, и треба да се научи преку образовен процес. Овој час нема да слушаме музика. Кратко е предвиденото време, но за нареден час ќе им ја подготвам увертирата „Кориолан" на Бетовен, иако не е предвидена по наставната програма. Се договараме дека е време да се исклучат од часот.

На уметноста – музиката, ликовната, театарот, филмот, танцот – местото ѝ е во образовниот процес. Поитно од било кога, и во поголем обем. Не само на ниво на запознавање со неа, туку и преку активно вклучување во нејзиното создавање. Во име на сиот оној потенцијал на почетокот од овој текст. Заради нивното суштинско: осознавање, хармонија, катарза, формирање вредносен систем, заради нивната верба и, најпосле, заради нивната слобода.

Често пати го слушам ставот дека образованието е некаква подготовка за животот понатаму. Не. Тоа Е живот, таму се случува живот во вистинската смисла на зборот. Просторот, Пробувалната и Свирложбата. Играта е најважна/Лабораторија на духот.

### Декември 2011 – ...

За ниту една уметност не може да се има вистински преглед и проценка доколку таа самостојно се анализира. Може, се разбира, но прашање е колку ќе биде јасна и прецизна големата слика. Музиката, ликовната, литературата, театарот, филмот, танцот, се интердисциплинарни сами по себе и тука нема натамошна дискусија. Прашањата: како, кога, зошто, кој, кому, се прашања кои ја засега-

ат и музиката и ликовната уметност и литературата и театарот, но ако подобро размислиме, и другите предмети во образованието. Историскиот контекст на создавањето на: делата, причините, последиците, се елементи кои го бистрат фокусот.

Директното учество во уметничкиот простор е процес кој подразбира толеранција на различноста, но и развој на љубопитноста. Кога сме толерантни кон различноста можеме да останеме во истиот простор заради љубопитност. На тој начин си ја допуштаме таа привилегија свесно да излеземе од конфорната зона и да сфатиме дека само така вистински се учи и се создава. Тоа излегување се подразбира за сите оние кои се вклучени во тој простор/процес, без разлика на хиерархијата – заради меѓусебна доверба.

Заедно со колегите кои предаваат ликовна уметност во гимназијата, се обидовме да создадеме јадро на креативни млади умови на кои им е потребен поинаков израз. Свирложба е логичен тек на настаните кои претходно функционираа беспрекорно сами по себе. Составен дел на гимназијата во која работиме беа: концерти на училишни бендови, кореодрами, музички претставии ликовни изложби.

**БЕЗ РАЗЛИКА НА ТОА СО КАКВИ ПРОБЛЕМИ СЕ СООЧУВААТ ДЕЦАТА ВО РЕАЛНИОТ ЖИВОТ, ПОНЕКОГАШ РЕАЛНО ТЕШКИ, НЕИЗВЕСНИ И ДЕЛУВААТ АПОКАЛИПТИЧНО ВО НИВНИОТ СВЕТ, КРЕИРАЊЕТО НА УМЕТНОСТА Е ПРОВЕРЕН ВЕНТИЛ КОЈ ВО МНОГУ СЛУЧАИ ИМ ПОМОГНАЛ ДА ГИ НАДМИНАТ, КАТАРЗИЧНО И СМЕЛО. ВО УМЕТНОСТА, А МИСЛАМ МУЗИКАТА, БИДЕЈЌИ ДИРЕКТНО СУМ ВКЛУЧЕНА ВО НЕА, ТОА СЕ ВИКА ЈАЗИК НА ВЕРБАТА. УМЕТНОСТА Е БАЈКА ВО КОЈА СЕ ИСПОЛНУВААТ СОНИШТАТА, НО МОЖЕ ДА БИДЕ И СЕРИОЗЕН КОРЕКТОР НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ СЛУЧУВАЊА СО ТЕНДЕНЦИЈА НА ПРИДВИЖУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ КОН ПОДОБРО**

Овде принципот на работа е малку поразличен од претходниот. До темите доаѓаме заедно со едно прашање: Што сакаме да кажеме и зошто токму тоа? Како резултат на сето тоа, се прават тематски разработки на поими кои нив конкретно ги интересираат и сакаат да ги истражуваат. Овде улогата на менторот е давање насока во креативниот процес. Се развива, се фиксираат ставовите низ процесот и се доаѓа до целта. Самиот процес на работа е многу поважен од резултатот. Доаѓањето до одредени одговори, дилемите и самиот креативен процес кој не може да ја избегне истражувачката компонента, е поважен од некаков резултат. А, што е тоа ако не е живот?

Менторот не може да се разбира во сè, но е должен континуирано да учи, да се надградува и да се консултира за да може да ја даде вистинската насока. Кога сме заедно во процесот на учење, се испраќа директна порака дека цел живот мора да учиме.

СЕКОГАШ КОГА СЕ ПОСТАВУВААТ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОБРАЗОВАНИЕТО И СО ПОТРЕБАТА ЗА ПРОМЕНИ, КОГА СЕ ПРОБЛЕМАТИЗИРААТ НЕШТА ВО ВРСКА СО ЗАСТАПЕНОСТА НА ПРЕДМЕТИТЕ, НИВНАТА ФОРМА, СЕ ЧИНИ ДЕКА ИНСИСТИРАЊЕТО НА ПОГОЛЕМА ЗАСТАПЕНОСТ НА УМЕТНОСТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗВУЧИ КАКО ИНСИСТИРАЊЕ НА ДЕСЕРТ БЕЗ ГЛАВНО ЈАДЕЊЕ. НО ТОА, ЕДНОСТАВНО, НЕ Е ТАКА. МУЗИКАТА, ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ, ФИЛМОТ, ТЕАТАРОТ СЕ АКТИВНОСТИ КОИ НЕ ТРЕБА ДА СЛУЖАТ ЗА УКРАС, ОСОБЕНО НЕ ВО РАМКИТЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО. ТИЕ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ТРЕТИРААТ И ДА БИДАТ ДЕКОР ИЛИ ЛАЖНА ПОЗЛАТА, ОД ЕДНА СТРАНА, НИТУ ДА СЕ ТРЕТИРААТ КАКО ТОТАЛНА НЕПОТРЕБНОСТ/ ПРЕКУМЕРНОСТ, ОД ДРУГА, ТУКУ КАКО КРЕАТИВЕН МЕХАНИЗАМ КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ДЕЛ ОД РЕШЕНИЕТО ЗА СЕТО ОСТАНАТО

Без разлика на нивното претходно искуство и знаење за музиката, после извесно време кое бара континуитет, кај децата кои директно учествуваат во креативниот процес се забележува поголем капацитет за надеж и волја за да ги променат нештата кон подобро. Без разлика на тоа со какви проблеми се соочуваат децата во реалниот живот, понекогаш реално тешки, неизвесни и делуваат апокалиптично во нивниот свет, креирањето на уметноста е проверен вентил кој во многу случаи им помогнал да ги надминат, катарзично и смело. Во уметноста, а мислам музиката, бидејќи директно сум вклучена во неа, тоа се вика јазик на вербата. Уметноста е бајка во која се исполнуваат соништата, но може да биде и сериозен коректор на општествените случувања со тенденција на придвижување на работите кон подобро.

Се чини дека секогаш кога се поставуваат безброј прашања во врска со образованието и со потребата за промени, кога се проблематизираат многу сериозни нешта во врска со застапеноста на предметите, нивната форма, се чини дека инсистирањето на поголема застапеност на уметноста во образованието звучи како инсистирање на десерт без главно јадење. Но, тоа, едноставно, не е така. Музиката, ликовната уметност, филмот, театарот се активности кои не треба да служат за украс, особено не во рамките на образованието. Тие не треба да се третираат и да бидат декор или лажна позла-

та, од една страна, ниту да се третираат како тотална непотребност/прекумерност, од друга страна, туку како креативен механизам кој може да биде дел од решението за сето останато.

И, да не заборавиме дека Таа секогаш е важен дел од културниот идентитет, кој е јадро на било каков идентитет воопшто. Сеедно дали мислиме на ризницата од нашиот фолклор или културно наследство или на живите поединци и нивните уметнички дела кои нè мапираат на картата на светот многу потемелно и поавтентично од сè друго.

## Планирам да продолжам со својата работа, иако, понекогаш, тоа личи на туркање облаци

И, да завршам како што почнав. Не планирам да надградувам некакви теории и не мислам дека сум вешта во тоа. Планирам да продолжам со својата работа, иако понекогаш тоа личи на туркање облаци.

*„Мојата професија е по малку необична: јас сум туркач на облаци.*

*Да, вие најчесто не сте свесни зошто еден облак, кој пред тоа заканувачки се ширел над ридовите, одеднаш ќе го промени правецот и ќе скршне кон планините место да го истури својот воден товар врз полето. Така му дошло, си мислите, и воопшто не ви паѓа на ум дека еден човек, кој малку понатаму седи на брегот од езерото и се чини дека љубопитно гледа кон небото, е причина за таа промена.*

*Тој човек кој гледа кон небото, божем незаинтересирано а, всушност, мошне сосредоточено, сум јас. Јас го менувам патот на облаците вложувајќи во тоа, се разбира, извесен напор (...)*

*(...) Некогаш со тоа спасувам од полегнување поле со, штотуку, созреано жито, некогаш спречувам да им биде расипан денот на капачите покрај езерото, а некогаш му помагам (без тој да знае!) на некој амбициозен фотограф-аматер чијашто снимка со борови и карпи не би можела ни да заличи на уметничко дело кога над нив не би се вишел еден раскошен облак. Дотуркан тука од мене, се разбира.*

*Секако, не станува збор само за моќ за вршење на еден вид психолошко-физички притисок – јас носам со себе и прирачен материјал. Имам една доста силна свирка, а и две знаменца во боја:*

*едно жолто и едно зелено со црни риги. Тие ми овозможуваат да го определам правецот и силината на ветрот, а потоа, со помош на тие информации, да се справам со облаците. Притоа, пиштам со свирката – тоа на некој начин помага.*

*Оние што ме набљудуваат додека работам сметаат дека со мене нешто не е в ред. Воопшто не ми е грижа за нивното мислење: јас знам дека сум корисен".*

*Влада Урошевиќ*

*(Авторката е професорка по музичко образование во СУГС "Никола Карев", во Скопје)*



# ВРЕМИЊА

ДРАГАН ПОПОВСКИ




*(Авторот е електроинженер, со карикатура се занимава педесет години. Покрај учества на изложби на карикатури во земјава и во странство, објавува во „Остен“, „Нова Македонија“, „Пулс“, „Утрински весник“, “Коза ностра“)*



# ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА И ЗАРОБЕНИТЕ УМОВИ

ЕЛЕНА ЏУКЕСКА

**СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО ШТО ГО ПОТТИКНАА АКТИВИЗМОТ НА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА, ИЛИ ПОТОЧНО НА ЕДЕН НЕЈЗИН ДЕЛ, СЕ ПРЕЦИЗНО ДЕФИНИРАНИ СО СИНТАГМАТА ЗАРОБЕНА ДРЖАВА. ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ, КАКО И ИЗМЕНИТЕ НА ДРУГИТЕ ЗАКОНИ ОД СФЕРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ПРОТИВ КОИ ПРОТЕСТИРАА СТУДЕНТИТЕ И ПРОФЕСОРИТЕ, А ПОТОА И НАСТАВНИЦИТЕ И СРЕДНОШКОЛЦИТЕ ВО ПЕРИОДОТ 2014-2016 ГОДИНА, БЕА КУЛМИНАЦИЈА НА ЕДЕН ПОДОЛГ ПЕРИОД НА СИСТЕМАТСКО ТОЛЧЕЊЕ НА АВТОНОМИЈАТА НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ И СУШТИНСКИТЕ ФУНКЦИИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Независниот академски синдикат (НАкС), којшто започна со работа во март 2016 година, неодамна, на 30 октомври 2020 година, го одржа својот втор Конгрес, што беше повод да се обноват сеќавањата, да се отворат сите папки редоследно и да се направи ретроспектива и анализа на сработеното. Потсетувањето, веројатно, секогаш предизвикува емоции, но кога се во прашање активностите на синдикатот се случува вистинска бура.

Зачетоците на НАкС се испреплетени со активностите на Професорскиот пленум, па со неминовна брзина се нижат: сликите од протестите на Студентскиот пленум и на професорите против измените на Законот за високо образование, предложени есента 2014 година, а усвоени на почетокот од 2015 година; сликите од протестите против изборот на Сенат и ректор на УКИМ без легитимни претставници од Студентскиот парламент; сликите од протестите против скандалозниот избор на претседател на Студентскиот парламент во 2016 година.

Состојбите во општеството што го поттикнаа активизмот на академската заедница или, поточно, на еден нејзин дел, се прецизно

дефинирани со синтагмата *заробена држава*. Измените на Законот за високо образование, како и измените на другите закони од сферата на образованието против кои протестираа студентите и професорите, а потоа и наставниците и средношколците во периодот 2014-2016 година, беа кулминација на еден подолг период на систематско толчење на автономијата на универзитетите и суштинските функции на образованието.

### Злосторството на молчењето

На третата сесија на Tribunus Civilis, Симболички суд на правдата на граѓанското општество, одржана на 16 мај 2016 година, улогата на академската заедница во воспоставувањето на диктатурата и заробената државата низ сведочењето на седум судии-сведоци беше препознаена и оквалификувана како *злосторство на молчењето*. Овој симболичен настан беше кулминација на еден подолг период на артикулирање на свесноста за сопствената одговорност, период во кој активностите на Професорскиот и Студентскиот пленум не беа единствени. Групите Vox academica и Слободен индекс бараа заштита на универзитетската автономија и на студентскиот стандард далеку пред масовните пленумски протести. Прогресивниот дел од академската заедница продолжи активно да се бори и даде свој придонес во уривањето на режимот на Никола Груевски.

По смената на власта и промената на политичкиот амбиент, во 2018 година беше усвоен целосно нов Закон за високо образование, во чијашто подготовка учествуваа и претставници од Професорскиот пленум и Независниот академски синдикат. Но, во изминативе две години повеќе пати и практично се покажа дека усвојувањето на новиот Закон само по себеси не може да ги реши наталожените проблеми во високото образование.

Професорите и студентите денес веќе не молчат, или барем не молчат оние кои не молчеа ни пред четири години и кои не протестираа против протестите на коишто се бараа промени во образованието. Во изминатиов период се отворија многу суштински дебати за автономијата на универзитетите, за финансирањето на научно-истражувачката дејност, за квалитетот во високото образование. Независниот академски синдикат континуирано ги користи сите алатки што му стојат на располагање за да ја алармира јавноста и државните институции за проблемите на јавните универзитети и на високото

образование, за игнорирањето на обврските што произлегуваат од законите и за нефункционалноста на некои законски обврски.

Министерството за образование и наука, за разлика од претходно, е отворено за дебати и дијалог со студентите и професорите, во јавниот дискурс ја поддржува универзитетската автономија, ги зголеми платите на вработените на научните институти, инвестираше во реновирање на студентскиот дом „Гоце Делчев".

Па, сепак: македонското високо образование сѐ уште е исклучително слабо и несоодветно финансирано; постојат големи разлики во платите на професорите на јавните универзитети; универзитетите се ниско рангирани на светските листи; условите за работа и учење се далеку од посакуваните; телата што би требало да го контролираат квалитетот и да го уредуваат финансирањето сѐ уште не се функционални; автономијата, особено финансиската и кадровската, е ограничена; младите талентирани дипломирани кадри не престануваат да бараат подобар живот во други држави; за оние, пак, кои стекнале магистерски и докторски титули на престижните светски универзитети нема место во домашната академска заедница; ректорите на УКИМ и УКЛО се замешаа во автентичниот синдикален активизам што резултираше со контрасиндикат; изборот на ректор на УКИМ за првпат со непосредно и тајно гласање на севкупниот наставен кадар според новиот ЗВО, наместо да биде промоција на демократизацијата се претвори во фарса.

Извесно е дека бавното придвижување на промените може да се гледа од повеќе различни агли и да се аргументира на различни начини, но гледано низ призмата на синдикалниот ангажман во академската сфера, Република Северна Македонија сѐ уште во голема мера е заробена држава, најстариот универзитет „Св. Кирил и Методиј" е школски пример за заробена институција, а оние што пред четири години беа дел од контрапленуми и денес, како и тогаш – саботираат.

Но, заробената држава не е хир на малкумина забегани поединци, туку мрежа од институции и голем број луѓе вработени во нив. Заробената држава ја прават заробените умови, а тие многу често имаат универзитетски дипломи и академски титули стекнати на некој од македонските универзитети.

Може ли високото образование во Република Северна Македонија да излезе од овој маѓепсан вртлог? Пред да дојдеме

**НА ТРЕТАТА СЕСИЈА НА TRIBUNUS CIVILIS, СИМБОЛИЧКИ СУД НА ПРАВДАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, ОДРЖАНА НА 16 МАЈ 2016 ГОДИНА, УЛОГАТА НА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ДИКТАТУРАТА И ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВАТА НИЗ СВЕДОЧЕЊЕТО НА СЕДУМ СУДИИ-СВЕДОЦИ БЕШЕ ПРЕПОЗНАЕНА И ОКВАЛИФИКУВАНА КАКО ЗЛОСТОРСТВО НА МОЛЧЕЊЕТО. ОВА БЕШЕ КУЛМИНАЦИЈА НА ЕДЕН ПОДОЛГ ПЕРИОД НА АРТИКУЛИРАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА СОПСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ, ВО КОЈ ПРОФЕСОРСКИОТ И СТУДЕНТСКИОТ ПЛЕНУМ НЕ БЕА ЕДИНСТВЕНИ. VOX ACADEMICA И СЛОБОДЕН ИНДЕКС БАРАА ЗАШТИТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКАТА АВТОНОМИЈА И НА СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ДАЛЕКУ ПРЕД МАСОВНИТЕ ПЛЕНУМСКИ ПРОТЕСТИ. ПРОГРЕСИВНИОТ ДЕЛ ОД АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА ПРОДОЛЖИ ДА СЕ БОРИ И ПРИДОНЕСЕ ВО УРИВАЊЕТО НА РЕЖИМОТ НА ГРУЕВСКИ**

до можниот одговор на ова прашање, да споделиме нешто од достапните анализи и истражувања направени во последниве години.

## Маѓепсаниот вртлог на заробената држава и заробените умови

Според податоците објавени во 2020 година, универзитетите од Македонија повторно се рангирани ниско, а убедливо најниско ако се направи споредба со универзитетите од: Србија, Хрватска, Словенија, земји со коишто некогаш бевме заедно во една федерација.

Според Webometrics Ranking of World Universities на Cybermetrics Lab, CSIC, Шпанија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", најдобро рангираниот универзитет од Македонија е на 1.556 место, Универзитетот во Љубљана е на 314, Универзитетот во Белград на 441, а Универзитетот во Загреб на 590 место (https://www.webometrics.info/en/Europe/North%20Macedonia, посетено на 29.11.2020).

Според Center for World University Rankings (CWUR), со седиште во Обединетите Арапски Емирати, УКИМ е на 1.917 место, додека Универзитетот во Белград е на 346, Универзитетот во Љубљана на 384, а Универзитетот во Загреб на 517 место (https://cwur.org/2020-21.php, посетено на 29.11.2020).

Според Academic Ranking of World Universites (ARWU) на ShangaiRanking Consultancy, што ги рангира само првите 1.000 универзитети, УКИМ воопшто не е на листата, додека универзитетите во Белград и Загреб се рангирани во групата 401-500, а Универзитетот во Љубљана во групата 501-600 (http://www.shanghairanking.com/ARWU2020.html, посетено на 29.11.2020).

Анализите за периодот од 2009-2019 година говорат дека и покрај тоа што буџетот секоја година се зголемува, трендот на покачување на платите на вработените во јавните универзитети и научни установи не го следи овој тренд, ниту, пак, трендот на покачување на платите во другите сектори. Професорите на јавните универзитети во Македонија кои се финансираат од Буџетот на РСМ, имаат најниски плати споредено со земјите од непосредното соседство (Србија, Црна Гора, Косово, Албанија). Додека кај нас се издвојуваат 550 евра месечно за платата на еден редовен професор, во земјите од соседството се издвојуваат не помалку од 1.000 евра.

Но, ова не е сѐ – професорите на јавните универзитети во Македонија не земаат иста основна плата за исто звање дури ни во рамките на еден универзитет. Анализите на издвојувањата за плати и на структурата на вработените понатаму укажуваат на тоа дека долгогодишниот несоодветен пристап во кадровската политика резултирал со тоа што, на пример, на УКИМ бројот на млад кадар (асистенти и доценти) е двојно помал во однос на бројот на редовните професори.

**ПОВЕЌЕ ОД КОГА, МАКЕДОНСКИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ИМААТ ПОТРЕБА ДА ГО НАСОЧАТ СВОЕТО ВНИМАНИЕ КОН РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СВОИТЕ ОБРАЗОВНИ МЕТОДОЛОГИИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ: ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА ЛАЖНИТЕ ВЕСТИ, НАДРИЗНАЕЊЕТО, ДЕХУМАНИЗАЦИЈАТА, ЕКСПЛИЦИТНАТА ЗАВИСНОСТ ОД ИНФОРМАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА, ЕКОНОМСКАТА НЕСИГУРНОСТ. ОБРАЗОВАНИЕТО НЕОДЛОЖНО ТРЕБА ДА СЕ ПОСВЕТИ НА РАЗВИВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ЧОВЕЧКИ КОМПЕТЕНЦИИ И ВЕШТИНИ И ДА ГО СТАВИ ВО СВОЈОТ ФОКУС БУКВАЛНО СЀ ОНА ШТО МУ Е ДАДЕНО НА СЕКОЕ ЧОВЕЧКО СУШТЕСТВО СО НЕГОВОТО РАЃАЊЕ: ЉУБОПИТНОСТА, СТРЕМЕЖОТ ЗА ЗНАЕЊЕ, СПОСОБНОСТА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ**

Македонија е на дното во Европа според процентот на издвојувања од БДП, 0,35% за истражувања и развој во 2017 и 2018 година. Освен тоа, постои тренд на намалување, па буџетот за научно-истражувачка работа и буџетот за наука во МОН во 2018 година бил за 16% помал од оној во 2010 година. Интересен податок е што МОН десет години нема распишано конкурс за национални научно-истражувачки проекти, а секоја година доделува стипендии за постдипломски студии во странство. Научниците од Македонија немаат ни постојан и ни целосен пристап до

светските бази на научни информации и научни списанија, туку факултетите се снаоѓаат како знаат и умеат, користејќи ги можностите за привремен или делумен бесплатен пристап.

Кадровската автономија на јавните универзитети има ограничувања што произлегуваат од законските одредби, а слично е и со финансиската автономија. Имено, за секое ново вработување мора да се добие согласност од Министерството за финансии, а реализацијата на доделените финансиските средства е поврзана со добивање на соодветно одобрение од Трезорот, врз основа на претходно доставени финансиски планови.

Истражувањето на статусот и перцепциите на универзитетската автономија во РСМ спроведено во рамките на проект на НАкС во 2018/2019 година, покажува дека вработените и раководните тимови на јавните универзитети ја препознаваат важноста на универзитетската автономија, но сметаат дека таа во повеќе свои аспекти е неостварена или недоволно остварена.

Има и специфични разлики во перцепциите на раководните тимови и академскиот кадар. На пример, во поглед на организациската автономија, академскиот кадар во најголема мера смета дека таа е од исклучителна важност, но процентот на учесници во анкетата кои веруваат дека различни нејзини аспекти се целосно остварени, се движи од 17-26%. Ваквата перцепција може да се поврзе со искажаната недоверба во транспарентното и одговорно работење на раководните тимови и сомнежот дека властите имаат влијание врз нив. Од друга страна, новините воведени со новиот Закон за високо образование, особено во поглед на начинот на кој е уредена постапката за избор на ректор и намалувањето на мандатот на оваа функција, како и начинот на кој се уредени надлежностите и работењето на Сенатот, со кој сега не претседава ректорот, раководните тимови ги доживуваат не како демократизација, туку како ограничување на организациската автономија.

Иако е објавен во март 2018 година, практично непосредно пред усвојувањето на новиот Закон за високо образование, Извештајот од евалуацијата на шест високообразовни институции во Република Македонија, спроведен во рамките на Програмата за институционална евалуација (IEP) на Европската универзитетска асоцијација (EUA), сепак, содржи важни согледувања за состојбите во македонското високо образование. На пример, во поглед на управувачката структура,

се уочува дека Сенатот на универзитетот е орган на управување и стручен орган, додека на факултетите Наставно-научниот совет е само стручен орган, а деканската управа е орган на управување, па се препорачува да се имплементираат законски измени со кои Сенатот ќе има само советодавна функција, односно ќе се занимава само со академски прашања, а ректорската управа – раководна улога аналогно на ситуацијата на факултетите и аналогно на одговорноста. Во новиот ЗВО нивелирањето е направено во прилог на Наставно-научниот совет, кој сега е и орган на управување.

Во споменатиот Извештај, исто така, се укажува дека јавните универзитети подготвуваат стратешки документи во кои се опишува: мисијата, приоритетите, акцискиот план, но тие не се: прецизни, јасни, фокусирани, па се препорачува во иднина при нивното креирање да се направи поширока консултација и да се земат предвид реалистични приоритети.

На крајот, уште нешто за тоа како гледаат професорите во Македонија на својата професија. Неодамна направено истражување покажува дека професорите: се чувствуваат преоптоварени со својата работа; не се задоволни од платата (69.6%); сметаат дека Владата и МОН немаат јасна визија и не преземаат соодветни мерки за поддршка на високото образование и науката во Македонија (87.4%). Процентот, пак, на оние што сметаат дека општите услови за работа и квалитетот на наставата, учењето и истражувањето се влошени во последниве години, изнесува 49.5%.

Впечатливо е што е низок процентот на оние кои сметаат дека имаат влијание врз институционалните политики и одлучувањето (18.6%), а процентот на оние кои веруваат дека професорите во Македонија имаат капацитет да дадат придонес за општеството, е помалку од половина (48.7%). Низок е процентот и на оние кои сметаат дека општиот квалитет на академскиот кадар е добар (23.2%), како и на оние кои сметаат дека нивната високообразовна институција има јасна стратегија за унапредување на компетенциите на вработените (19.3%) и за поддршка на истражувачката активност на вработените (18.6 %).

И сега, да се вратиме на прашањето поставено во првиот дел од овој прилог. Може ли високото образование во Република Северна Македонија да излезе од вртлогот на заробената држава и заробените умови кој, се чини, е маѓепсан?

Се разбира дека може. Но, за да се случи тоа е потребно време и да се имаат предвид следниве неколку работи:

**1. „Сите луѓе по природа се стремат да знаат“** (*Аристотел, Метафисика, 980а21*)

Повеќе од кога и да било, македонските високообразовни институции има потреба да го насочат своето внимание кон редефинирање на своите образовни методологии за справување со предизвиците на современото живеење: глобализацијата на лажните вести, надризнаењето, дехуманизацијата, експлицитната зависност од информациската технологија, економската несигурност. Образованието неодложно треба да се посвети на развивање и унапредување на основните човечки компетенции и вештини и да го стави во својот фокус многу буквално она што му е дадено на секое човечко суштество со неговото раѓање: љубопитноста, стремежот за знаење, способноста за размислување.

**НЕ НЕДОСТАСУВААТ ИДЕИ ЗА ПРОМЕНИ И РЕФОРМИ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА. НЕ НЕДОСТАСУВА НИ ЗНАЕЊЕ КАКО ТИЕ ДА СЕ ИЗВЕДАТ. ВО КРАЈНА ЛИНИЈА, СЕКОГАШ МОЖЕ ДА СЕ ПОБАРА ПОМОШ ОД ЕКСПЕРТИ ОД СТРАНСТВО. ОНА ШТО НЕДОСТАСУВА Е: ИМПУЛС ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕСОРИТЕ ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА; СЕРИОЗЕН ФИНАНСИСКИ ВЛОГ И ПРАВНА ДРЖАВА. НЕ Е СЕЕДНО КОЈ Е НА ЧЕЛО НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ, ИСТО КАКО ШТО НЕ Е СЕЕДНО НИ КОИ ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ СЕ ВО ВЛАДАТА. А ЗА ТОА, ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ УРЕДУВАЊА, КАКВО ШТО Е УРЕДУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ОДЛУЧУВААТ ГРАЃАНКИТЕ И ГРАЃАНИТЕ НА ТАЈНИ И НЕПОСРЕДНИ ИЗБОРИ**

Со еден збор, образованието во сите свои степени – основно, средно, високо, мора да ја врати својата природност за да биде посакувана и пријатна активност и за оние коишто учат и за оние коишто подучуваат. Обврска на професорите од високото образование е да поддржат соодветни реформи не само во високото, туку и во основното и во средното образование.

**2. Docendo discimus, „Подучувајќи учиме“** *(латинска поговорка)*

Светот денес се менува секојдневно и брзо. Новите генерации имаат нови потреби. Оттаму, не може да се образуваат критички умови без: дијалог, флексибилност, динамичност, постојано лично надградување. Новите информациски технологии се неодминлива алатка за подучување и нудат безброј можности за креативен

пристап во наставата. Се разбира, тие, дури и таму каде што е тоа применливо, не ги исклучуваат, и никогаш нема да можат да ги исклучат другите форми на пренесување знаење.

За разлика од други професии, каде што стекнувањето сертификати за поминати обуки е континуирана обврска за да се задржи лиценцата за работа, за усовршување во професијата професор во високо образование, барем кај нас во Македонија, главно, се смета стекнувањето на академска титула, пишувањето на научни трудови и учеството на конференции. Се разбира, тоа е во ред. Високото образование е образование базирано врз наука, односно образование каде што научниците подучуваат. Но, за сите би било полесно кога на високообразовните институции би постоела и постојана програма за усовршување на наставната дејност, којашто ќе овозможи размена на личните искуства и согледување на предностите и слабостите на пристапот што сме го одбрале во наставата.

**НИЕ ВРАБОТЕНИТЕ ВО ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ЗЕМЈАТА КАДЕ ШТО НИТУ СЕ ДАВААТ ПАРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАШИОТ СТАНДАРД, НИТУ СЕ ВОДИ СМЕТКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАШИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА, НИТУ, ПАК, Е ВАЖНО ШТО РАБОТИМЕ НИЕ, МОЖЕБИ, ЕДНОСТАВНО, ТРЕБА ДА СФАТИМЕ ДЕКА ВРТЛОГОТ ВО КОЈШТО СЕ НАОЃАМЕ, ВСУШНОСТ, Е ЕДНА СПИРАЛА ШТО НЕМИНОВНО СЕ ОДМОТУВА СО ТЕКОТ НА ВРЕМЕТО. РАЗВОЈОТ Е НЕМИНОВЕН. ПА ДУРИ И ТОГАШ КОГА НАШИТЕ НАПОРИ ЗА МЕНУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ СЕ ЧИНАТ ЗАЛУДНИ – АКО ПОГЛЕДНЕМЕ НАНАЗАД ЌЕ ВИДИМЕ ДЕКА СМЕ СЕ ИСКАЧИЛЕ ЕДЕН КРУГ ПОГОРЕ**

**3. Автономија** *(грчки збор што значи самоуправување)*

Автономијата им е иманентна на универзитетите, односно универзитетите не можат да ја извршуваат својата дејност без автономија. Ова значи дека академската заедница што ја сочинуваат луѓето во едно општество со највисок степен на формално образование, мора да бидат слободни од надворешни влијанија – политички, економски, културни – што би можеле да ја попречат објективноста и веродостојноста на остварените академски резултати. За овие резултати, природно, можат да гарантираат само оние кои и самите можат да ги постигнат.

Автономијата го прави работниот однос на вработените во секторот високо образование специфичен. Имено, тие преку телата и органите на универзитетот имаат можност да учествуваат директно во донесувањето на сите важни одлуки. Притоа, не смее да се заборави

дека автономија не значи автократија и дека автономијата се темели врз личната одговорност на секој член на академската заедница.

Почитувањето на автономијата на универзитетот од страна на владата и надлежните институции не смее да биде изговор за непочитување на законите што владеат во една држава. Повикувањето на автономијата на универзитетот од страна на неговите членови не смее да биде изговор за лична неодговорност и злоупотреба на службената положба. Како што стојат денес работите кај нас, на автономијата во македонското високо образование ѝ претстои долг, динамичен и возбудлив развој.

**4. Deus ex machine**

Не недостасуваат идеи за промени и реформи во високото образование во Македонија. Не недостасува ни знаење како тие да се изведат. Во крајна линија, секогаш може да се побара помош од експерти од странство. Она што недостасува е: импулс од Министерството за образование и наука и другите надлежни институции во ресорите образование и наука; сериозен финансиски влог и правна држава. Не е сеедно кој е на чело на овие институции, исто како што не е сеедно ни кои политички субјекти се во Владата. А за тоа, во демократските уредувања, какво што е уредувањето на Република Северна Македонија, одлучуваат граѓанките и граѓаните на тајни и непосредни избори.

Подобро високо образование и повеќе наука ќе добиеме тогаш кога ќе гласаме за оние кои во своите политички програми и јавни настапи со јасно артикулирани и аргументирани решенија поддржуваат образување на критички умови, а не на послушници, и кога ќе ни стане навика постојано да ги потсетуваме политичарите за нивните обврски. Сите мораме да станеме свесни за важноста на високото образование и науката.

**5. Вртлог и време**

Понекогаш решението на проблемите е едноставно филолошко. Зборовите *вртлог* и *време* се етимолошки поврзани. И едниот, и другиот збор се изведени од истиот корен што го има во глаголот *врти*. Времето, како и вртлогот, претставува вртење. А такво нешто е и еволуцијата, спирално одмотување.

Имајќи го ова на ум, ние вработените во високообразовните институции во земјата каде што ниту се даваат пари за подобрување

на нашиот стандард, ниту се води сметка за подобрување на нашите услови за работа, ниту, пак, е важно што работиме ние, можеби, едноставно, треба да сфатиме дека вртлогот во којшто се наоѓаме, всушност, е една спирала што неминовно се одмотува со текот на времето. Развојот е неминовен. Па дури и тогаш кога нашите напори за менување на состојбите се чинат залудни, ако погледнеме наназад ќе видиме дека сме се искачиле еден круг погоре.

Посреќна и поуспешна 2021 година!

*(Авторката е редовен професор на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет, УКИМ - Скопје и претседателка на Независниот академски синдикат)*



**ПРИКАЗ**

# „ВОДИЧ" ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕТО НА НЕОПХОДНИТЕ РЕФОРМИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

## (СТУДИЈА: „ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА")

ВАНЧО УЗУНОВ

**ВО ОДНОС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА, ОСНОВНИОТ ЗАКЛУЧОК ПОСОЧУВА ДЕКА, ИАКО ПОСТОИ ЗАКОНСКА ОДРЕДБА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА БУЏЕТИТЕ, ВО ПРАКТИКАТА ТОА Е САМО ДЕЛУМНО ОСТВАРЕНО. ТОА ОСОБЕНО Е ТОЧНО ВО ФАКТИЧКА СМИСЛА, БИДЕЈЌИ БУЏЕТИТЕ НЕ СЕ ЧИТЛИВИ, ЈАСНИ И РАЗБИРЛИВИ ЗА ГРАЃАНИТЕ. „ГРАЃАНСКИТЕ БУЏЕТИ", ШТО ГИ ОБЈАВУВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, ПРЕТСТАВУВААТ ИЗВЕСНО ПОДОБРУВАЊЕ, НО СЕ ОДНЕСУВААТ САМО НА ВКУПНИОТ БУЏЕТ НА ДРЖАВАТА, А НЕ И НА ОДДЕЛНИ РЕСОРИ, ПРИ ШТО ОТСУСТВУВААТ ДОВОЛНО ИНФОРМАЦИИ ШТО БИ МОЖЕЛЕ ДА СЕ КОРИСТАТ ЗА ВЛИЈАНИЕ И КОНТРОЛА НА БУЏЕТОТ**

Предметната студија е објавена во 2020 година, а е изработена во рамки на проект со наслов: „Финансиска транспарентност и отчетност во високото образование и науката во Република Северна Македонија". Проектот е спроведен од страна на Независниот академски синдикат (НАкС), во соработка со Фондацијата „Отворено општество – Македонија". Студијата анализира аспекти поврзани со финансирањето на високото образование и науката во Северна Македонија: транспарентност, креирање на буџетот, вложувања во образованието, распределба на средствата по универзитети, плати на вработените, вложувањата во науката, и слично.

Студијата се состои од девет поглавја, изработени од група автори: проф. д-р Мирјана Најчевска, проф. м-р Маја Стевановиќ, проф. д-р Мимоза Ристова, проф. д-р Виктор Стефов, проф. д-р Драгор Заревски, проф. д-р Бранимир Јовановиќ, д-р Мира Беќар, проф. д-р Бојана Наумовска, д-р Александар Таковски и Наталија Радивојевиќ-Миленкова, кои се јавуваат како (ко)автори на одделни поглавја. Во продолжение следи краток приказ на најбитните наоди, заклучоци и препораки на Студијата.

## Транспарентност

Првите две поглавја од Студијата ја анализираат транспарентноста на буџетите за образование, како и партиципативноста на засегнатите страни во нивното креирање. Во таа смисла, во однос на транспарентноста, основниот заклучок посочува дека, иако постои законска одредба за транспарентност на буџетите, во практиката тоа е само делумно остварено. Тоа особено е точно во фактичка смисла, бидејќи буџетите не се читливи, јасни и разбирливи за граѓаните. „Граѓанските буџети", што ги објавува Министерството за финансии, претставуваат извесно подобрување, но се однесуваат само на вкупниот буџет на државата, а не и на одделни ресори, при што отсуствуваат доволно информации што би можеле да се користат за влијание и контрола на буџетот.

Од друга страна, пак, во однос на партиципативноста, анализата не наоѓа видлива директна врска меѓу стратешките приоритети на Министерството за образование и наука (МОН) и на Владата со буџетските издвојувања поврзани со тие приоритети. Исто така, отсуствува и механизам за вклучување на универзитетите и високообразовните установи, а Законот не предвидува ниту вклучување на јавноста при изготвувањето на буџетот (иако во последните години тоа се прави). Тоа доведува до несоодветна распределба и лоша искористеност на средствата за високо образование. Препораката на Студијата е да се прави консултирање на корисниците и на јавноста при подготвувањето на буџетските барања, а тоа да важи и за ребалансирањата на буџетот.

## Вложувања

Третото поглавје на Студијата прави осврт на вложувањата во образованието во последните девет години. Основен наод до кој е дојдено е дека буџетските средства за образование во нашата држава бележат номинален пораст, но како процент од БДП тие постојано се намалуваат и се меѓу најниските во Европа. Тоа делумно се должи на сè помалите државни буџети, а делумно и на слабата реализација на буџетите.

Слична е состојбата и кај средствата за високо образование. Покрај тоа, неповолна е и структурата на расходите за високо образование, бидејќи најголем дел од расходите се за тековни потреби,

а вложувањата во: опрема, машини, згради, и слично, се минимални. Од друга страна, високото образование во целина се финансира, речиси, во еднаков однос со средства од основниот буџет и од средства од самофинансирачките активности на образовните институции. Кај три државни универзитети: Универзитетот „Климент Охридски" – Битола (УКЛО); Државниот универзитет – Тетово (ДУТ) и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (УГД), основниот буџет е примарен извор, додека кај Универзитетот „Кирил и Методиј" – Скопје (УКИМ) примарен извор се самофинансирачките активности. Покрај тоа, и вложувањата во наука се исклучително ниски, а во последните години бележат намалување.

Препораките во ова смисла се дека е потребно: зголемување на буџетите за образование, високо образование и наука како процент во БДП (не само номинално), подобрување на реализацијата на буџетите и подобрување на структурата на вложувањата во високо образование (повисоки вложувања во истражување и наука и поддршка на постојните универзитети, а не отворање на нови универзитети).

**ПОСТОЈАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ ВО ПЛАТИТЕ МЕЃУ ЈАВНИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ: НАЈВИСОКИ СЕ ПЛАТИТЕ НА ДУТ (ПЛАТАТА НА ДОЦЕНТ НА ДУТ Е ПОВИСОКА ОД ПЛАТАТА НА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА УКИМ), ПА НА УГД ШТИП, ИАКО ОВИЕ ДВА УНИВЕРЗИТЕТА СЕ РАНГИРАНИ ДАЛЕКУ ЗАД УКИМ. ИСТО ТАКА, БИДЕЈЌИ КАЈ ДЕЛУМНО ИНТЕГРИРАНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ (УКИМ И УКЛО) СЕКОЈ ФАКУЛТЕТ И ИНСТИТУТ САМ ЈА УТВРДУВА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ, СОГЛАСНО ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ИЗВОРИ И ОДОБРЕНИЕ ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МАСАТА НА СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ, ПОСТОЈАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ ВО ПЛАТИТЕ ВО РАМКИ НА ТИЕ УНИВЕРЗИТЕТИ, ШТО НЕ Е СЛУЧАЈ КАЈ: ДУТ, УГД, „МАЈКА ТЕРЕЗА" И „АПОСТОЛ ПАВЛЕ"**

## Распределба

Следното поглавје е посветено на постапката и критериумите за распределба на средствата на јавните универзитети и научни установи и законските основи со кои се уредени платите на вработените во високото образование и науката. Наодите од Студијата говорат дека: не постои единствен законски пристап во регулирањето на распределбата на средствата во високото образование; нема јавно достапни документи со кои се поткрепуваат коефициентите за распределба на средствата од страна на МОН; нема еднаков начин на пресметување на платите на јавните високообразовни установи во

државата (секоја установа сама утврдува како ќе ги пресметува платите). Тоа создава огромни разлики во висината на платите на вработените дури и во иста установа, а не се почитува одредбата за формирање на најниска плата.

Врз основа на овие сознанија, препораките се: утврдување на јасни и конкретни постапки и критериуми за распределба на буџетските средства по установи; брзо формирање на Национален совет, кој е предвиден во Законот за високо образование (ЗВО), како и формулирање на методологија и критериуми за распределба на средствата; проширување на финансиската автономија на високообразовните установи; брзо склучување на општ колективен договор за високо образование, каде платите и другите права од работен однос ќе бидат утврдени врз основа на социјален дијалог.

**Плати**

Петтото поглавје на Студијата се однесува на анализа на платите на вработените во јавните универзитети и научни установи во РСМ. Според наодите, во периодот од 2011 до 2019 година платите во образованието пораснале за помалку од порастот на платите во културата и здравството, па и од порастот на вкупниот буџет за образование. Така, споредено со државите од регионот, платите на редовните професори што се исплаќаат од буџетот на Северна Македонија се убедливо најниски (550 евра, а во Косово, Албанија, Србија и Црна Гора се над 1.000 евра).

Притоа, постојат големи разлики во платите меѓу јавните високообразовни установи: највисоки се платите на ДУТ (платата на доцент на ДУТ е повисока од платата на редовен професор на УКИМ), па на УГД Штип, иако овие два универзитета се рангирани далеку зад УКИМ. Исто така, бидејќи кај делумно интегрираните универзитети (УКИМ и УКЛО) секој факултет и институт сам ја утврдува вредноста на бодот, согласно финансиските средства од сопствени извори и одобрение од страна на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) за зголемување на масата на средства за исплата на плати, постојат големи разлики во платите во рамки на тие универзитети, што не е случај кај помладите универзитети: ДУТ, УГД, „Мајка Тереза“ (МТ) и „Апостол Павле“ (АП).

Покрај тоа, практиката на МОН за вработување преку согласности за вработување дури и на испразнети работни места, создала

несразмерност во структурата на вработените на различни јавни универзитети и научни установи, особено во односот меѓу наставниот, истражувачкиот и административниот кадар. Освен на УКИМ и МТ, на другите јавни универзитети бројот на административен кадар е скоро идентичен со бројот на наставниот кадар (притоа, на ДУТ и УГД има многу висок процент вработени со основно образование).

Слични разлики постојат и кај научните установи. Во таа смисла, наведените неповолни состојби довеле до тоа кај најстарите јавни универзитети (УКИМ и УКЛО), како и кај дел од јавните научни институти да бидат изгубени голем број работни места, особено во делот на наставниот и истражувачкиот кадар.

Постои огромен недостаток од асистенти, па вкупниот број на асистенти и доценти е помал од бројот на редовни професори кои наскоро треба да заминат во пензија. Во однос на подмладокот – ДУТ, УГД и „Мајка Тереза" имаат солидна основа за иден развој, додека на Универзитетот „Св. Апостол Павле" има симболичен број наставен кадар, кој не ги задоволува условите поставени во ЗВО за постоење на универзитет.

### Наука

Шестото поглавје од Студијата содржи анализа на финансирањето на науката во РСМ. Со издвојувања во висина од 0,35 проценти од БДП за истражување и развој (во 2017 и 2018 година) Северна Македонија е на самото дно во Европа (во Стратегијата за раст на ЕУ се предвидува издвојувањата за истражувања и развој да достигнат три проценти од БДП). Таа состојба се должи, пред сè, заради односот на државата кон улогата на науката, која сè уште се смета за потрошувачка, а не за главен двигател на економскиот пораст.

Препораките на Студијата во оваа смисла се: финансирањето на науката час поскоро да се доведе до најмалку два процента од БДП; да се подобри координацијата меѓу министерствата одговорни за развој на науката; да се создаде континуитет на научната политика во државата, која нема да зависи од секоја смена на власта, а ќе се применуваат начелата на ЕУ во оваа област.

**Ставовите на ректорите**

Последните три поглавја на Студијата се однесуваат на: мислења на ректорите и проректорите на универзитетите и на директорите и претставниците на институтите за темите поврзани со финансирањето на високото образование и науката, потоа на перцепциите на академскиот кадар за валоризација на нивниот труд, за транспарентноста и отчетноста на финансирањето на високото образование, како и за перцепцијата на јавноста за вреднувањето на академскиот труд во јавните високообразовни и научни институции.

> **СТУДИЈАТА: „ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ПРЕТСТАВУВА СОЛИДНО ИЗРАБОТЕН АНАЛИТИЧКИ ТРУД, ЗАСНОВАН ВРЗ СООДВЕТНА МЕТОДОЛОГИЈА И СО СОЛИДНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ. НЕЈЗИНИТЕ НАОДИ МОЖЕ ДА СЕ СМЕТАТ ЗА СОСЕМА РЕЛЕВАНТНИ. ПРЕПОРАКИТЕ НА СТУДИЈАТА СЕ РЕЛЕВАНТНИ И МОЖАТ ДА ПОСЛУЖАТ КАКО ДОБРА ОСНОВА ЗА ИДНИТЕ РЕФОРМИ НА (ФИНАНСИРАЊЕТО НА) ОБРАЗОВАНИЕТО И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РСМ. СТУДИЈАТА Е НАПРАВЕНА ВО ВИСТИНСКО ВРЕМЕ, ПА ОСТАНУВА ВЕРУВАЊЕТО ДЕКА НАВИСТИНА ЌЕ ПОСЛУЖИ ЗА СВОЈАТА ОСНОВНА ЦЕЛ – ДА БИДЕ „ВОДИЧ“ ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕТО НА РЕФИРМИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ДРЖАВАТА, КОИШТО СЕ ПОВЕЌЕ ОД НЕОПХОДНИ**

Мислењата на раководните лица и на академскиот кадар, во основа, ги потврдуваат претходните наоди на Студијата, во смисла дека е потребна вистинска транспарентност во однос на финансирањето на високото образование и науката, повеќе средства за финансирање на високото образование и науката и соодветен третман на вработените во високото образование и науката, затоа што сегашната плата не претставува мотивација за поуспешно извршување на работните обврски.

Перцепциите на јавноста за тоа што треба да исполнува поединец за избор во академско звање се дека учеството во научно-истражувачки проекти и објавувањето на научни трудови треба да се најважни услови за изборот. Испитаниците сметаат дека академскиот кадар посветува многу малку време на: консултации со студенти, изготвување учебници и наставни помагала, обучување нови кадри, објавување научно-стручни трудови, професионално надградување, организирање научни собири, симпозиуми, конференции, преведување стручна литература и белетристика, како и учество во активности вон матичната институција. Во таа смисла, испитаниците се на мислење дека професорите треба да се вклучени во јавниот

дискурс и да бидат прашувани за стручно мислење. Во однос на платите на универзитетските професори, перцепцијата на јавноста е дека професорите треба да бидат многу повеќе платени.

## Генерална оценка

Како генерална оценка на Студијата: „Финансиска транспарентност и отчетност во високото образование и науката во Република Северна Македонија“, може да се истакне дека таа претставува солидно изработен аналитички труд, заснован врз соодветна методологија и со солидна база на податоци. Оттука, нејзините наоди може да се сметаат за сосема релевантни. Во оваа смисла, и препораките на Студијата се релевантни и секако дека можат да послужат како добра основа за идните реформи на (финансирањето на) образованието и високото образование во Република Северна Македонија.

Студијата е направена во вистинско време, па останува верувањето дека навистина ќе послужи за својата основна цел – да биде „водич“ при изготвувањето на реформите во образованието во државата, коишто се повеќе од неопходни.

*(Авторот е редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје)*



# КУЛТУРА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА – ПРИМЕРОТ НА ЕСТОНИЈА

ВОЛФГАНГ ГЕРСТЛБЕРГЕР

**ЕСТОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ СЕКОГАШ ИГРАЛ, И СÈ УШТЕ ИГРА, КЛУЧНА УЛОГА ВО РАЗВОЈОТ И ОДРЖУВАЊЕТО НА ВИСОКОДИГИТАЛИЗИРАНОТО ОПШТЕСТВО. ВО МНОГУ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, И ВО СИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ЕСТОНИЈА СЕ ИЗУЧУВААТ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ВО ОБЛАСТА НА ИКТ. ПОКРАЈ ТОА, СИТЕ СТУДЕНТИ КОИ НЕ СЕ ОПРЕДЕЛИЛЕ ЗА СТУДИИ ВО ОБЛАСТА НА ИКТ, СЕПАК, ИМААТ ПРИСТАП ДО ШИРОК СПЕКТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ И ИЗБОРНИ БЕСПЛАТНИ КУРСЕВИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА**

Заедно со Литванија и Летонија, Естонија припаѓа на географско-политичката група на трите балтички држави. Оваа мала балтичка држава се граничи само со Летонија и Русија. Инаку, таа е земја-членка на Европската Унија (ЕУ) уште од 2004 год., членка на Шенген-зоната од 2007 год. и членка на еврозоната од 2011 год. Естонија ја доби својата независност од поранешниот Советски Сојуз во 1991 год.

## Политички фокус на дигитализацијата уште од самиот почеток

Скоро од самиот почеток на постоењето на Естонија како независна држава, првата естонска влада започна да промовира развивање на инфраструктура за дигиталната мрежа низ целата земја, за население од приближно 1.3 милиони, како и за сите: претпријатија, училишта и универзитети уште во раните 1990-ти години. Подоцна, сè повеќе активности во јавниот и приватниот сектор во Естонија многу бргу дигитално се трансформираа.

Денес, на пример, постојат само три јавни услуги во оваа земја за кои граѓаните треба да се појават лично: склучување брак,

продажба на недвижен имот и развод. Сите други јавни услуги, вклучително и гласање на националните и на локалните избори, во основа, се достапни по електронски пат. Еве и друг пример, странските претпријатија можат да се регистрираат како т.н. електронски резиденти во Естонија. Таквата регистрација им овозможува целосен пристап до пазарот во Естонија, без да има потреба од било какво физичко присуство во земјата на тоа претпријатие.

Естонскиот образовен систем секогаш играл, и сè уште игра, клучна улога во развојот и одржувањето на високодигитализираното општество. Во многу основни училишта и во сите средни училишта во Естонија се изучуваат изборни предмети во областа на ИКТ. Покрај тоа, сите студенти кои не се определиле за студии во областа на ИКТ, сепак, имаат пристап до широк спектар на задолжителни и изборни бесплатни курсеви за инфраструктурата на информатичката технологија.

### Од клучна важност се заштитата на личните податоци и довербата во државата и општеството

Ако ја погледнеме успешната приказна на дигитализацијата во Естонија, јасно е дека благовремениот и силен политички фокус на јакнењето на потребната дигитална инфраструктура е само еден од многуте фактори на успехот. Другиот фактор на успешното градење на оваа значајна култура на дигитализација во оваа балтичка земја се силната законска регулатива, од една страна, и придружните културни аспекти, од друга страна.

Што се однесува до законското регулирање на дигиталните активности во сите сегменти на естонското општество, вториот многу важен фактор на успех е високиот степен на заштита на приватноста на податоците. Експертите за национална политика, Јан Присалу и Рајн Отис (Jaan Priisalu and Rain Ottis, 2017), ја формулирале суштината на овој фактор на успех на регулативата како сигурни процедури за шифрирање и контрола на пристапот.

Со свои зборови, тие вака го опишуваат овој заклучок: *„Вториот столб беше да се утврдат начините како граѓаните ќе можат да се поврзат со услугите и регистрите, истовремено зачувувајќи го степенот на доверливост потребен за секој последователен чекор во комуникацијата со било кој и со сите системи на естонската Влада. Преку користење на електронска лична карта*

**ВТОРИОТ, МНОГУ ВАЖЕН ФАКТОР НА УСПЕХ, Е ВИСОКИОТ СТЕПЕН НА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ. ЕКСПЕРТИТЕ ЗА НАЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА, ПРИСАЛУ И ОТИС, ЈА ФОРМУЛИРАЛЕ СУШТИНАТА НА ОВОЈ ФАКТОР НА УСПЕХ НА РЕГУЛАТИВАТА КАКО СИГУРНА ПРОЦЕДУРА ЗА ШИФРИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ПРИСТАПОТ: „ВТОРИОТ СТОЛБ БЕШЕ ДА СЕ УТВРДАТ НАЧИНИТЕ КАКО ГРАЃАНИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ПОВРЗАТ СО УСЛУГИТЕ И РЕГИСТРИТЕ, ИСТОВРЕМЕНО ЗАЧУВУВАЈЌИ ГО СТЕПЕНОТ НА ДОВЕРЛИВОСТ ПОТРЕБЕН ЗА СЕКОЈ ПОСЛЕДОВАТЕЛЕН ЧЕКОР ВО КОМУНИКАЦИЈАТА СО БИЛО КОЈ И СО СИТЕ СИСТЕМИ НА ЕСТОНСКАТА ВЛАДА. ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ЛИЧНА КАРТА СЕ ОБЕЗБЕДУВАШЕ ПРОВЕРКА НА ИДЕНТИТЕТОТ, ДИГИТАЛНИОТ ПОТПИС И ПЕРСОНАЛИЗИРАНОТО ШИФРИРАЊЕ“.**

*се обезбедуваше проверка на идентитетот, дигиталниот потпис и персонализираното шифрирање“* (Присалу и Отис, 2017, стр. 443).

Оттаму, еден важен столб на естонската култура на дигитализацијата се вака поставените прецизни и експлицитни прописи и законска регулатива, која гарантира почитување и заштита на личните податоци на сите граѓани. Сепак, за Естонија ова е само попрактичната страна на „златниот медал“ за дигитализацијата. Во поопшта и темелна смисла, севкупните културни односи меѓу граѓаните на Естонија во нивната држава и општество, почесто наликуваат многу повеќе на состојбата во скандинавските држави, како што се: Данска, Шведска, Финска и Исланд, отколку на состојбата во постсоветските држави, како што се: Азербејџан, Белорусија, Грузија, Ерменија, Казахстан или Киргистан.

Првично споменатиот факт дека балтичката држава Естонија е земја-членка на ЕУ од 2004 год., секако дека е во поддршка на специфичните и севкупни односи на доверба на граѓаните на Естонија во нивната држава и општество (Плантера 2018). Уште повеќе, и силните врски на сите балтички држави, вклучително и Естонија, со горенаведените скандинавски земји, поради нивниот постојан статус на набљудувач во организацијата на Нордискиот совет, дале свој придонес кон континуираниот развој на доверливо естонско општество.

Дури и настрана од ваквите институционални односи, во секојдневниот живот на естонските: граѓани, наставници, јавни службеници и претпријатија, високото ниво на доверба во државата и општеството, многу ефикасно помага во извршување на нивните секојдневни, а различни дигитални животни задачи и активности.

Најчесто, Естонците не се плашат да споделат чувствителни и лични податоци со јавните власти, бидејќи сметаат дека ќе имаат правилен и фер третман. Дури и во случај на сомневање во врска со комплетноста или исправноста на личните податоци кои треба да се достават до јавните органи, естонските граѓани, обично, веруваат дека јавниот службеник кој го работи нивниот предмет ќе ги контактира и ќе се консултира со нив пред да донесе било каква конечна одлука.

**И ПОКРАЈ ПОДОЛГОРОЧНИТЕ И СТРУКТУРНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЕСТОНСКИОТ НАЧИН И КУЛТУРА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА, ЗА ВРЕМЕ НА ТЕКОВНАТА КРИЗА СО КОВИД-19, ОД ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА СТАНА ЈАСНО ДЕКА ВИСОКОТО НИВО НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА СЕ ПОКАЖА КАКО ОГРОМНА ПРЕДНОСТ ЗА ЕКОНОМИЈАТА И ОПШТЕСТВОТО НА ЗЕМЈАТА. БЛАГОДАРЕНИЕ НА ВИСОКОТО ТЕХНОЛОШКО И СЕВКУПНО НИВО НА ЕФИКАСНОСТ НА ДИГИТАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЗЕМЈАТА, ПРИЛИЧНО ЕДНОСТАВЕН И ЛЕСЕН БЕШЕ ПРЕМИНОТ КОН ЕЛЕКТРОНСКИОТ ПРОЦЕС НА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ЕСТОНИЈА, УШТЕ ОД САМИОТ ПОЧЕТОК НА КРИЗАТА СО КОВИД-19, КАКО И ПРЕМИНОТ КОН РАБОТА ОД ДОМА ЗА МНОГУ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР**

Ваквиот однос на доверба во секојдневниот живот оди рака, под рака со просечно високото ниво на задоволство на граѓаните на Естонија од националните и европските демократски институции, како што се парламентарните избори и општото ниво на учество на граѓаните во политички дебати (Европска комисија, 2018).

### Година – 2007, како кризна за силната култура на дигитализацијата во Естонија

Иако во сè уште кратката историја на модерната естонска држава се јави силна култура на дигитализација, уште од самиот почеток на оваа историја, која севкупно тече доста непречено, се јавуваа одредени кризни ситуации. Во 2007 год., разни естонски институции искусија серија многу сериозни и смислени сајбер-напади на нивните веб-сајтови. Меѓу овие институции биле: естонскиот национален парламент, банки, министерства, весници и радиодифузери. Поширокиот политички контекст на овие сајбер-напади бил изразениот конфликт меѓу Естонија и Русија во врска со преместувањето на споменикот: „Бронзениот војник од Талин", кој, инаку, е важен паметник од времето на советскиот период, како и преместувањето на неколку воени гробници од Талин. Во овие конфликти се вклучија и голем број граѓани кои беа против

отстранување на овие споменици од советската ера и затоа организираа масовни протести и немири (на пример, Хатаја, 2017).

Директно по оваа криза во 2007 год., естонската Влада многу бргу реагираше со развивање и спроведување на подобрени безбедносни стандарди за дигиталната инфраструктура на земјата.

Освен овие директни правни и регулаторни последици од настаните од „кризната година“ 2017 кои ги презеде Владата на Естонија, овие настани предизвикаа широки дебати за потенцијалните подлабоки ризици и предизвици од тековната темелна дигитална трансформација меѓу експертите за информатичко-комуникациската технологија насекаде по медиумите, но и дебата меѓу пошироката естонска јавност (Кател и Мергер, 2019 – Kattel and Mergel, 2019).

### Глобалниот проблем на „дигиталната поделба“: може да има различни лица

Еден важен аспект на пошироките општествени дискусии во Естонија, кој никој не го предвиде, а го предизвикаа настаните од 2007 год., се однесува на темата: „дигиталната поделба“. Иако јавните дискусии на оваа тема во многу земји се однесуваат на дигиталната поделба меѓу помладите и постарите генерации, оваа дискусија продолжува да се одвива, но со поинакви текови, конкретно во естонскиот контекст. Тековните дискусии за дигиталниот јаз во: естонските експертски кругови, медиумите и пошироката јавност се одвиваат, главно, на линија „јавен, наспроти приватен сектор“ и под оваа општа линија оди дискусијата за јазот на „поголемите, наспроти помалите организации“ (Китсинг, 2018).

Согласно Дигиталната агенда за 2020 год. на Естонија, земјата стана вистинското место за: развој, тестирање и промоција на пазарот на иновативни дигитални решенија (Министерство за економски прашања и комуникации, 2019). Во Естонија доаѓаат: претставници од меѓународни центри за развој, странски старт-ап компании, професионалци и научници од целиот свет, за да креираат нови паметни решенија во областа на: здравствената заштита, индустријата, енергетиката, образованието, итн. Естонија се рангира на 8 место од 28 земји-членки, според Индексот на дигитална економија и општество на Европската комисија (ДЕСИ) за 2019 год. Естонија е втора земја во Европа според мрежното обезбедување на јавните

**ОД ОПШТА ПЕРСПЕКТИВА НА ИСТРАЖУВАЊЕ И РАЗВОЈ И ПЕРСПЕКТИВА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ЕСТОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ИНОВАЦИИ И ПРОИЗВОДСТВО, ВО МОМЕНТОВ, СЕ СООЧУВА СО НЕКОИ СТРУКТУРНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА НЕГОВИОТ ДОЛГОРОЧЕН РАЗВОЈ. ЕСТОНСКАТА НАУЧНА БАЗА (НА ПРИМЕР, ВО ОДНОС НА: ПАТЕНТИТЕ, НАУЧНИТЕ ПУБЛИКАЦИИ НА ПОЛЕТО НА ВИСОКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И НИВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ИСТРАЖУВАЧИТЕ ВО РАНА ФАЗА), КАКО И СПОСОБНОСТА НА ЕСТОНИЈА ДА СОЗДАВА КОНКУРЕНТНИ ПРОИЗВОДИ ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР, СЕ ИЗВОНРЕДНИ ВО СПОРЕДБА СО ДРУГИТЕ ЗЕМЈИ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА. СЕПАК, ОВИЕ КАПАЦИТЕТИ СÈ УШТЕ СЕ ОГРАНИЧЕНИ ОД ПЕРСПЕКТИВА НА МЕЃУНАРОДНАТА ИЗВОНРЕДНОСТ И КОНКУРЕНТНОСТ**

услуги и е оценета над просекот на ЕУ во поглед на дигиталните вештини и употребата на Интернет од страна на нејзините граѓани (Европска комисија, 2019).

Сепак, во 2019 год. Естонија е рангирана само на 16 место од 28 во однос на интеграцијата на дигиталната технологија во други сектори, што е нејзин најслаб резултат од петте димензии на ДЕСИ. Според ДЕСИ за 2019 год., Естонија е посветена да напредува во новите дигитални технологии и стратешки да инвестира во нив преку програми координирани од ЕУ. На пример, земјата е членка на заедничкото претпријатие EuroHPC. Таа, исто така, е потписник на: Декларацијата за европско партнерство за блокчејн (Declaration of European Blockchain Partnership); Декларацијата за соработка во областа на вештачката интелигенција; Декларацијата за соработка за пристап до најмалку еден милион последователни геноми во Европската Унија до 2022 год. и Декларацијата за рамката за соработка за информатика со високи перформанси.

За натамошното зајакнување на дигиталната трансформација на естонската економија, сепак, важно е да се издигне свеста за значењето на подобрата интеграција на дигиталните технологии, особено за малите и средни претпријатија.

Оттаму, тековните клучни предизвици во Естонија се дигитализацијата на приватните претпријатија, и посебно дигитализацијата на малите и средни претпријатија (МСП). Напредокот на дигиталните технологии и практики од страна на деловните претпријатија е под просекот на ЕУ. Ова, исто така, се однесува на дигитализацијата на производството. Естонскиот ИКТ сектор особено нуди изобилство на можности за зголемување на продуктивноста во естонските

производни претпријатија, како и во сервисниот сектор. Понатаму, надградбата на системот за производство и истражување на Естонија како целина е од голема важност за: напредокот на науката, продуктивноста, долгорочниот просперитет и одржливиот развој на естонската економија.

Од општа перспектива на истражување и развој и од перспектива на високото образование, естонскиот систем за иновации и производство, во моментов, се соочува со некои структурни предизвици за неговиот долгорочен развој. Естонската научна база (на пример, во однос на: патентите, научните публикации на полето на високата технологија и нивото на образование на истражувачите во рана фаза), како и способноста на Естонија да создава конкурентни производи за меѓународниот пазар, се извонредни во споредба со другите земји од Централна и Источна Европа. Сепак, овие капацитети сѐ уште се ограничени од перспектива на меѓународната извонредност и конкурентност (Veugelers, 2016).

### Силната дигитална структура на Естонија како предност во кризата со Ковид-19

И покрај подолгорочните и структурни предизвици за естонскиот начин и култура на дигитализација, како оние веќе истакнати погоре, за време на тековната криза со Ковид-19, од европска перспектива стана јасно дека високото ниво на дигитализација се покажа како огромна предност за економијата и општеството на земјата. Благодарение на високото технолошко и севкупно ниво на ефикасност на дигиталната инфраструктура во земјата, прилично едноставен и лесен беше преминот кон електронскиот процес на образование во Естонија, уште од самиот почеток на кризата со Ковид-19, како и преминот кон работа од дома за многу вработени во приватниот и јавниот сектор.

Понатаму, на естонските МСП во услужниот сектор, како, на пример, за: ресторанините, малите продавници, продавниците за облека и за други стоки, им беше релативно едноставно во првата половина на 2020 год. да почнат, или да продолжат да го шират онлајн бизнисот благодарение на високоразвиената дигитална инфраструктура во скоро сите урбани и рурални региони во земјата.

## Успешно создавање на силна култура на дигитализација: научени лекции од Естонија

Во однос на некои земји од Централна и Источна Европа, како и од Централна Азија кои се стекнале со независност или со поголема политичка слобода во постсоветската ера, Естонија не е исклучителна во однос на своите достапни технолошки и/или економски ресурси. Како и многу други земји во овој регион, Естонија е релативно мала во однос на: географскиот простор, населението и економското производство. Сепак, различните национални влади коишто раководеле со Естонија по независноста од поранешниот Советски Сојуз, сите силно се фокусирале на брзиот и системски дигитален развој на земјата. Во оваа смисла, денешната силна естонска култура на дигитализација е многу повеќе резултат на последователно донесување на политички одлуки, отколку на поволните технолошки услови.

Дополнително на ова, високиот степен на развој и на полето на заштита на приватноста на личните податоци, како и довербата на естонските граѓани и претпријатија во демократијата воопшто, во естонската национална држава, како и во локалната администрација и целокупните социо-економски услови во општеството, многу придонесуваат во секојдневниот живот за уште подобра координација на различните дигитални интеракции меѓу: граѓаните, националната и локалната јавна администрација, како и приватните претпријатија.

**СИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО ЕСТОНИЈА – ОД ГРАДИНКИТЕ, ДО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, А ПОНАТАМУ ДО СТРУЧНАТА ОБУКА И УНИВЕРЗИТЕТСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ВЕЌЕ ЈА ИМААТ ИНТЕГРИРАНО ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА И ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ДИГИТАЛНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО ОСНОВАТА НА НИВНИОТ ПЕДАГОШКИ И ДИДАКТИЧКИ СИСТЕМ. СЕПАК, СÈ УШТЕ ПОСТОИ ДИГИТАЛНАТА ПОДЕЛБА ВО ЕСТОНИЈА МЕЃУ ВИСОКОДИГИТАЛИЗИРАНИОТ ЈАВЕН СЕКТОР („Е-ВЛАДА"), ОД ЕДНА СТРАНА, И СÈ УШТЕ ПОМАЛКУ ДИГИТАЛИЗИРАНИОТ ПРИВАТЕН СЕКТОР (ОСОБЕНО ВО ОДНОС НА МСП), ОД ДРУГА СТРАНА. ОВА ПРЕТСТАВУВА ТЕКОВЕН ПОЛИТИЧКИ И ОПШТЕСТВЕН ПРЕДИЗВИК ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ЕСТОНСКИОТ ПРИСТАП И КУЛТУРАТА НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА**

Конечно, сите образовни институции во Естонија – од градинките, до основните и средните училишта, а понатаму до стручната обука и универзитетското образование, веќе ја имаат интегрирано информатичко-комуникациската технологија и

дополнителните дигитални компетенции во основата на нивниот педагошки и дидактички систем.

Сепак, сè уште постои дигиталната поделба во Естонија меѓу високо дигитализираниот јавен сектор („Е-влада"), од една страна, и сè уште помалку дигитализираниот приватен сектор (особено во однос на МСП), од друга страна. Ова претставува тековен политички и општествен предизвик за идниот развој на естонскиот пристап и културата на дигитализација.

*(Авторот е професор по Оперативно управување на Катедрата за Деловна администрација при Школата за бизнис и управување на Универзитетот за технологија во Талин (TalTech). Докторирал на општествени студии и обавил хабитација од областа на деловна администрација на Универзитетот Касел во Германија. Пред да премине на Универзитетот за технологија во Талин, повеќе од десет години бил вонреден професор по предметот Интегративно иновативно управување на на Универзитетот на Јужна Данска)*

превод од англиски на македонски јазик - Наталија Куновска Цингарска

# CULTURE OF DIGITALISATION – THE EXAMPLE OF ESTONIA

WOLFGANG GERSTLBERGER

**THE ESTONIAN EDUCATION SYSTEM ALWAYS HAS PLAYED AND STILL PLAYS A CRUCIAL ROLE IN DEVELOPING AND SUSTAINING A HIGHLY DIGITALISED SOCIETY. IN MANY PRIMARY SCHOOLS AND ALL HIGH SCHOOLS IN ESTONIA ELECTIVE IT SUBJECTS ARE TAUGHT. MOREOVER, ALL NON-IT UNIVERSITY STUDENTS IN THE COUNTRY HAVE – ON TOP OF THEIR DISCIPLINARY EDUCATION – ACCESS TO A WIDE RANGE OF OBLIGATORY AND ELECTIVE FREE OF CHARGE IT INFRASTRUCTURE AND COURSES**

Estonia forms together with Latvia and Lithuania the geographical and political group of the three Baltic States. This small Baltic country has joint borders only with Latvia and Russia. It is a member state of the European Union (EU) since 2004 and part of both, the Schengen as well as the Euro Zone since 2007 and 2011. Estonia regained its independence from the former Soviet Union in 1991.

## Political focus on digitalisation from the very beginning

Almost from the beginning of the existence of Estonia as an independent state, the first Estonian government pushed the development of a countrywide digital network infrastructure fort the approximately 1.3 million citizens and all companies as well as schools and universities in early 1990. Later on, more and more activities of the public and private sector in Estonia have been fastly digitally transformed.

Nowadays, there are for example only three public services in this country for which citizens need to show up in person: marriage, sale of real estate and divorce. All other public services – including electronic voting in national and local elections – are basically available electronically. As another example, foreign enterprises can register a so-called e-residency in Estonia. Such registration gives them full access to the Estonian market without the need for any kind of physical presence in the country.

The Estonian education system always has played and still plays a crucial role in developing and sustaining a highly digitalised society. In many primary schools and all high schools in Estonia elective IT subjects

are taught. Moreover, all non-IT university students in the country have – on top of their disciplinary education – access to a wide range of obligatory and elective free of charge IT infrastructure and courses.

### Protection of Data Privacy and Trust in state and society are also crucial

Looking at the Estonian digitalisation success story, the early and strong political focus on building up the necessary digital infrastructure is only one amongst other success factors. Additional success factors for the strong culture of digitalisation in this Baltic country are strong legal regulations on the one hand and related cultural aspects on the other hand.

In terms of the legal regulation of digital activities in all sectors of the Estonian society, a very high degree of protection of data privacy is a second very important success factor. The national policy experts Jaan Priisalu and Rain Ottis (2017) formulate the core of this legal success factor as reliable encryption and access control procedures.

In their own words, they express this conclusion as that *„The second pillar was to establish the means by which Citizens would be able to relate themselves with repositories and services, while preserving the necessary degree of confidentiality needed at each step, in communicating with any and all Estonian government systems. Authentication, digital signature and personalized encryption were to be provided by way of an electronic ID card.“* (Priisalu and Ottis 2017, p. 443).

**A VERY HIGH DEGREE OF PROTECTION OF DATA PRIVACY IS A SECOND VERY IMPORTANT SUCCESS FACTOR. THE NATIONAL POLICY EXPERTS PRIISALU AND OTTIS FORMULATE THE CORE OF THIS LEGAL SUCCESS FACTOR AS RELIABLE ENCRYPTION AND ACCESS CONTROL PROCEDURES: „THE SECOND PILLAR WAS TO ESTABLISH THE MEANS BY WHICH CITIZENS WOULD BE ABLE TO RELATE THEMSELVES WITH REPOSITORIES AND SERVICES, WHILE PRESERVING THE NECESSARY DEGREE OF CONFIDENTIALITY NEEDED AT EACH STEP, IN COMMUNICATING WITH ANY AND ALL ESTONIAN GOVERNMENT SYSTEMS. AUTHENTICATION, DIGITAL SIGNATURE AND PERSONALIZED ENCRYPTION WERE TO BE PROVIDED BY WAY OF AN ELECTRONIC ID CARD.“**

Such very explicit legal regulations, which support respecting the personal data privacy of all citizens, are one important pillar of the strong Estonian culture of digitalisation. However, this is only the more practical side of the digitalisation 'gold' medal of Estonia. In a much more general and fundamental sense, the overall cultural relations

of Estonian citizens with their state and society resembles – on average – more the situation of Scandinavian states like Denmark, Sweden, Finland and Iceland than the situation in other Post-Soviet states like for example Armenia, Azerbaijan, Belarus, Georgia, Kazakhstan or Kyrgyzstan.

**DESPITE THE MORE LONG-TERM AND STRUCTURAL CHALLENGES FOR THE ESTONIAN WAY AND CULTURE OF DIGITALISATION, LIKE THE ONES HIGHLIGHTED ABOVE, DURING THE CURRENT COVID-19 CRISIS THE FROM A EUROPEAN PERSPECTIVE QUITE HIGH LEVEL OF DIGITALISATION WAS PROVED AS AN IMPORT ASSET FOR THE COUNTRY'S ECONOMY AND SOCIETY. HOMESCHOOLING FOR THE WHOLE EDUCATION SYSTEMS AS WELL AS CHANGING TO HOME OFFICE WORK FOR MANY EMPLOYEES IN THE PRIVATE AND PUBLIC SECTORS HAVE WORKED QUITE SMOOTHLY IN ESTONIA IN THE LAST MONTHS, SINCE THE BEGINNING OF THE COVID-19 CRISIS, DUE TO THE HIGH TECHNOLOGICAL AND OVERALL EFFICIENCY LEVEL OF THE COUNTRY'S DIGITAL INFRASTRUCTURE**

The initially mentioned fact that the Baltic state Estonia is a member state of the EU since 2004 has certainly supported the specific, overall rather trustful relations of Estonian citizens with their state and society (Plantera 2018). Furthermore, also the strong link of all Baltic States including Estonia with the above mentioned Scandinavian countries due to their permanent observer status in the Nordic Council organisation may have supported the continuous development of a rather trustful Estonian society.

Beyond such institutional relations, in the everyday life of Estonian citizens, teachers, public employees and companies a high level of trust in state and society is a very effective lubricant during performing their various digital everyday life tasks and activities. Typically, Estonians are not afraid about providing sensitive personal data to public authorities, because they count on correct and fair treatment. Even in case of doubts about the completeness or correctness of personal data to be submitted to public authorities, Estonian citizens usually would trust that the respective executive public officer would contact and consult with them before making any final decision.

Such a trustful everyday life behaviour goes hand in hand with an average high level of satisfaction of the citizens of Estonia with national and European democratic institutions like parliamentary elections and the general level of citizens' participation in political debates (European Commission 2018).

## 2007 as a year of crisis for the strong Culture of Digitalisation in Estonia

Although in the still short history of the modern Estonian state a strong Culture of Digitalisation has emerged already from the beginning of this history and overall very smoothly so far, this development was not without situations of crisis. In the year 2007, various Estonian institutions experienced a series of very severe and effectful cyberattacks on their respective websites. Amongst these institutions were the Estonian national parliament, banks, ministries, newspapers and broadcasters. The wider political context of these cyberattacks was a strong conflict between Estonia and Russia regarding the relocation of the monument „Bronze Soldier of Tallinn", an important Soviet-era grave marker, and several war graves in Tallinn. Mass protests and riots of citizens being against the removal of the aforementioned Soviet-era monument were part of this conflict (for example, Haataja 2017).

Directly after this crisis in the year 2007, the Estonian government quickly reacted by developing and implementing improved security standards for the country's digital infrastructure.

Besides these immediate legal and regulatory consequences of the events of the 'Crisis Year' 2017, which were taken by the Estonian government, these events also triggered in-depth debates about the potential deeper risks and challenges of the ongoing fundamental digital transformation under IT experts and in a different kind of media as well as in the wider Estonian public (Kattel and Mergel 2019).

## The global problem of „digital divide": It can have different faces

One important aspect of the broader societal discussions in Estonia, which have been triggered by the unforeseen events of the year 2007, is related to the topic 'digital divide'. While public discussions about this topic refer in many countries in the first place to a digital divide between younger and older generations, this ongoing discussion follows somehow different lines in the specific Estonian context. The current discussions about the digital divide in Estonian expert circles, media and the broader public refer mainly to the line 'public versus private sector' and, underneath this general line 'larger versus smaller organisations' (Kitsing 2018).

**FROM A MORE GENERAL RESEARCH AND DEVELOPMENT (R&D) AND HIGHER EDUCATION PERSPECTIVE, THE ESTONIAN INNOVATION AND PRODUCTION SYSTEM CURRENTLY FACES SOME STRUCTURAL CHALLENGES FOR ITS LONG-TERM DEVELOPMENT. BOTH, ITS SCIENCE BASE (E.G. IN TERMS OF PATENTS, SCIENTIFIC HIGH-LEVEL PUBLICATIONS AND EDUCATION LEVEL OF EARLY-STAGE RESEARCHERS) AND ITS ABILITY TO GENERATE COMPETITIVE PRODUCTS FOR THE INTERNATIONAL MARKET ARE REMARKABLE COMPARED TO OTHER CENTRAL AND EAST EUROPEAN COUNTRIES. HOWEVER, THESE CAPACITIES ARE STILL LIMITED FROM AN INTERNATIONAL EXCELLENCE AND COMPETITIVENESS PERSPECTIVE**

According to the Digital Agenda 2020 of Estonia, the country has become the place to be for developing, testing and bringing to market innovative digital solutions (Ministry of Economic Affairs and Communications 2019). International development centres, foreign start-up companies, professionals and scientists from all over the world come to Estonia to create new smart solutions in the fields of health care, industry, energy, education, etc. Estonia ranks 8$^{th}$ out of the 28 Member States in the European Commission's Digital Economy and Society Index (DESI) 2019. Estonia is the 2$^{nd}$ in Europe in the online provision of public services and scores above the EU average in digital skills and the Use of Internet by citizens (European Commission 2019).

However, in 2019 Estonia ranked only 16 out of 28 concerning the integration of digital technology into other sectors, its weakest score out of the five dimensions of DESI. According to DESI 2019, Estonia is committed to making progress with new digital technologies and to strategically investing in them through EU-coordinated programmes. For instance, the country is a member of the EuroHPC Joint Undertaking. It has also signed the Declaration of European Blockchain Partnership, as well as the Declaration on Cooperation on Artificial Intelligence, the Declaration of cooperation towards access to at least one million sequenced genomes in the European Union by 2022 and the Declaration on the Cooperation framework on HPC.

However, to boost further the digital transformation of the Estonian economy, it is important to raise awareness of the relevance of better integration of digital technologies, particularly for SMEs.

Consequently, the current key challenge in Estonia is the digitalisation of private enterprises, and here especially the digitalisation of small and medium-sized enterprises (SMEs). The progress of digital technologies and practices by businesses is below the EU average. This

also concerns the digitalisation of manufacturing. Especially the Estonian ICT sector offers ample opportunities to increase productivity in Estonian manufacturing as well as service sectors. Furthermore, upgrading the Estonian production and research system as a whole is of high importance for raising scientific excellence, productivity, long-term prosperity and sustainable development of the Estonian economy.

**ALL EDUCATIONAL INSTITUTIONS IN ESTONIA – FROM KINDERGARTEN TO PRIMARY AND HIGH SCHOOL, AND FURTHER TO VOCATIONAL TRAINING AND UNIVERSITY HAVE NOWADAYS INTEGRATED IT AND ADDITIONAL DIGITAL COMPETENCIES INTO THE RESPECTIVE CORE OF THEIR PEDAGOGICAL AND DIDACTICAL SYSTEM. HOWEVER, THE STILL EXISTING DIGITAL DIVIDE IN ESTONIA BETWEEN THE HIGHLY DIGITALIZED PUBLIC SECTION („E-GOVERNMENT“) ON THE ONE HAND AND THE STILL LESS DIGITALIZED PRIVATE SECTOR (ESPECIALLY IN TERMS OF SMES) ON THE OTHER HAND IS AN ONGOING POLITICAL AND SOCIETAL CHALLENGE FOR THE FUTURE DEVELOPMENT OF THE ESTONIAN APPROACH AND CULTURE OF DIGITALISATION**

From a more general research and development (R&D) and higher education perspective, the Estonian innovation and production system currently faces some structural challenges for its long-term development. Both, its science base (e.g. in terms of patents, scientific high-level publications and education level of early-stage researchers) and its ability to generate competitive products for the international market are remarkable compared to other central and east European countries. However, these capacities are still limited from an international excellence and competitiveness perspective (Veugelers 2016).

### Estonia's Strong Digital Culture as an asset in the Covid-19 crisis

Despite the more long-term and structural challenges for the Estonian way and culture of digitalisation, like the ones highlighted above, during the current Covid-19 crisis the from a European perspective quite high level of digitalisation was proved as an import asset for the country's economy and society. Homeschooling for the whole education systems as well as changing to home office work for many employees in the private and public sectors have worked quite smoothly in Estonia in the last months, since the beginning of the Covid-19 crisis, due to the high technological and overall efficiency level of the country's digital infrastructure.

Moreover, for Estonian SMEs in the service sector, like for example restaurants, independent supermarkets, fashion stores and shops for other household goods, it has been relatively easy in the first half of the year 2020 to start or significantly expand their online business due to the existing high-level digital infrastructure for almost all urban households in the urban and rural regions of the country.

## Successful creation of a strong Culture of Digitalisation: Lessons Learned from Estonia

Looking at the various countries in Central and Eastern Europe as well as in Central Asia, which have gained independence or increased political freedom in the post-Soviet era, Estonia is not necessarily outstanding in terms of available technological and/or economic resources. Like many other countries in this region, Estonia is relatively small in regards to geographical space, population and economic production. However, the different national governments that came in power in Estonia after the independence from the former Soviet Union all strongly focused on the rapid and systematic digital development of the country. In this sense, the nowadays existing very strong Estonian Culture of Digitalisation is much more a result of consequent political decision making than of favourable technological conditions.

Moreover, the quite high level of both, protection of individual data privacy and trust of the Estonian citizens and companies in democracy in general, the Estonian national state as well as local administrations and the overall socio-economic conditions of their society works in everyday life as a very effective lubricant for smoothening the various digital interactions between citizens, national and local public administrations as well as private enterprises.

Finally, all educational institutions in Estonia – from kindergarten to primary and high school, and further to vocational training and university have nowadays integrated IT and additional digital competencies into the respective core of their pedagogical and didactical system.

However, the still existing digital divide in Estonia between the highly digitalized public section („E-Government") on the one hand and the still less digitalized private sector (especially in terms of SMEs) on the other hand is an ongoing political and societal challenge for the future development of the Estonian approach and Culture of Digitalisation.

*(The author is a Professor of Operations Management at the Department of Business Administration, School of Business and Governance, of Tallinn University of Technology (TalTech). He gained his PhD in Social Sciences and his Habilitation for Business Administration from Kassel University in Germany. Before he came to TalTech in 2019, be was more than 10 years employed as Associate Professor for Integrative Innovation Management at the University of Southern Denmark)*

## References


European Commission (Ed.) (2018), Special Eurobarometer 477 - Democracy and elections, available on the internet: Special Eurobarometer 477: Democracy and elections – Datasets (europa.eu), Last Access: 22. November 2020.

European Commission (Ed.) (2019). DESI country report on Estonia, available on the internet: https://ec.europa.eu/digital-single-market/en/scoreboard/estonia, Last Access: 22. November 2020.

Haataja, S. (2017), The 2007 Cyber Attacks Against Estonia and International Law on the Use of Force: An Informational Approach, Law, Innovation and Technology, Volume 9(2), p. 159-189, available on the internet: https://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/17579961.2017.1377914, Last Access: 22. November 2020.

Kattel, R. and Mergel, I. (2019), Estonia's Digital Transformation Mission Mystique and the Hiding Hand, in: Compton, M. E. and 't Hart, P. (Eds.), Great Policy Successes, Oxford: Oxford University Press, 2019, p. 143-160.

Kitsing, M. 2018. The Janus-Faced Approach to Governance: A Mismatch Between Public Sector Reforms and Digital Government in Estonia. In Proceedings of the 11th International Conference on Theory and Practice of Electronic Governance, Galway, Ireland, April 2018 (ICEGOV'18), DOI: 10.1145/3209415.3209453

Ministry of Economic Affairs and Communications (2019), available on the internet: http://www.itl.ee/public/files/DigitalAgenda2020_Estonia_ENG.pdf, Last Access: 22. November 2020.

Priisalu, J. and Ottis, R. (2017), Personal control of privacy and data: Estonian experience, Health Technology, Volume 7, p. 441–451, DOI 10.1007/s12553-017-0195-1.

Plantera, F. (2018), The cornerstone of e-governance is trust, available on the Internet: https://e-estonia.com/cornerstone-governance-trust/, Last Access: 21. November 2020.

Veugelers, R. 2016 Research Report: The European Union's growing innovation divide, available on the internet: https://bruegel.org/, Last Access: 22. November 2020.

АКТУЕЛНО



# МЕЃУНАРОДНА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК

ВИКТОР ГАБЕР

**НАУКАТА УТВРДИЛА ДЕКА КОДИФИКАЦИЈАТА НА СОВРЕМЕНИТЕ АЗБУКИ, ПРАВОПИСИ И СИНТАКСИ НА ЈАЗИЦИТЕ МИНУВАЛЕ, И МИНУВААТ, НИЗ ЕДЕН ДОЛГОТРАЕН ПРОЦЕС НА РЕАЛНИ ПСИХОЛОШКО-КУЛТУРОЛОШКИ И СОЦИО-ПОЛИТИЧКИ НАСТАНИ И СИТУАЦИИ ШТО ГО ОФОРМУВААТ ИЗРАЗНОТО СРЕДСТВО НА ЕДЕН НАРОД – ЈАЗИКОТ. ОВОЈ ПРОЦЕС И ОДДЕЛНИТЕ НЕГОВИ ФАЗИ ДЕНЕС НЕ МОЖЕ ДА СЕ ТРЕТИРААТ КАКО ПРЕДТЕКСТ И ДА БИДАТ ИСКОРИСТЕНИ ЗА ВРЗ НИВ ДА СЕ ГРАДИ ОДДЕЛНА „НАЦИОНАЛНА“ ПОЛИТИКА, ОСОБЕНО НЕ ТАКВАТА ПОЛИТИКА ДА СЕ ЕКСПЛОАТИРА ВО ЖЕЛБАТА ЗА СОЗДАВАЊЕ ПОВОЛНОСТИ ВО ОДНОСИТЕ НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН, ВО НАЈГОЛЕМ ОБЕМ ВО ОДНОС НА СОСЕДИТЕ**

Иако е бесцелно како предмет на тензии во меѓународните односи да се расправа за постоењето на еден јазик или за процесите и начините за изградбата на една јазична форма, еве да се осврнеме само на елементот на афирмацијата на македонскиот јазик на поширок меѓународен план.

Историјата, како онаа класичната (политичко-воената), така и онаа лингвистичката, бележат дејствија на: личности, настани и ситуации кои индицираат и маркираат: почетоци, развој и кодификација на јазични форми во кои се устоличил македонскиот јазик, како автохтона и официјална јазична форма на народот кој денес живее во државата Северна Македонија, делот од територијата историски и географски позната како Македонија.

Токму таа местоположба, територијата на која опстојувале предците на народот што денес се именува македонски, на неговите најпросветени (црковни, деловни и општествени) дејци им го отежнувала напорот за природно наследена/семејна експресија на своите психолошко-културни пориви. Следејќи ги геополитичките промени

низ кои со помош на големите сили во 19 век биле оформени националните држави на периферните граници на Отоманската Империја и нивната експонирана јазично-обединувачка супстанција, македонските дејци се обидувале нив да ги копираат, еднакво како што и најобразованите елити во соседството ги копирале искуствата на поголемите европски држави-нации, порано оформени во 18 и во 19 век.

Науката утврдила дека кодификацијата на современите: азбуки, правописи и синтакси на јазиците минувале, и минуваат, низ еден долготраен процес на реални психолошко-културолошки и социо-политички настани и ситуации што го оформуваат изразното средство на еден народ – јазикот. Овој процес, одделните негови фази денес не може да бидат предтекст и да бидат искористени за врз нив да се гради одделна „национална" политика, особено не таквата политика да се експлоатира во желбата за создавање поволности во односите на меѓународен план, во најголем обем во однос на соседите.

Исто така, факт е дека политичките елити на оформените државни творби на народите, поставувајќи го јазикот на централниот пиедестал на нивната национална преродба во минатото, сесрдно се залагале за негова поширока меѓународна афирмација, особено во однос на соседните народи. Доколку, пак, последниве едновремено оформиле свои јазични детерминанти (при паралелното формирање национални држави), дискурсот, расправиите и аспирациите биле насочени кон пограничните реони каде дијалектите опстојуваат подолгорочно во однос на централните кодифицирани форми врз кои почива стабилизираниот литературен јазик.

Токму од, и во тоа богатство на дијалекти, своја „аргументација" и податливост за „експресија" извлекуваат националистичките изливи на политичките елити од соседството. Меѓутоа, доколку во нивното непосредно соседство доаѓа до подоцнежно формирање на друга национална држава и официјална кодификација на најзастапените народни изразни средства, подоцна именувани како литературен јазик, во претходно оформените државни творби националистичките изживувања се видни и се водени од елитите. Притоа, своите стереотипни нагони тие ги поткрепуваат со историски реминисценции за различните форми и дејствија на личности, карактеристични за подготвителните и за развојните фази во соседството

при стандардизацијата и кодификацијата на една јазична форма, подоцна оформена како литературна норма на еден јазик на некој народ.

## Корени

Што се однесува до првите рудиментирани отклони во Македонија од старословенската (9 – 11 век) или од црковноловенската основа (12 – 18 век) на јазикот[1], тие изразни средства варирале под влијание на актуелните општествени прилики и на степенот на образовните и интелектуалните потреби и иницијативи (како оние на браќата Кирил и Методиј) на оваа територија во средниот век. Овие варијации биле предизвикани и како интерес на актуелниот владетел, но, главно, се познати текстовите од светиклиментовата црква, што прават напор на народот да му го приближат повисокиот степен на сознанијата за животот, за верата и за опстојувањето. Низ вековите, овие изразни форми се забележани во текстови напишани со веќе етаблираните азбуки на владејачките елити.

За тие изразни средства (искажани и во пишана форма) не може да се зборува дека претставуваат оформена основа на, денес, кодифицираниот македонскиот јазик, исто како и на тогашните изразни средства на, денес, кодифицираните посебни јазици од јужнословенската група јазици. Меѓутоа, без таа светиклиментова „искра“, не можело да следува и „распламтувањето“ на посебната јазична форма на која се изразувале Словените, сè во зависност од: влијанијата на териториите во кои опстојувале, заемните влијанија со соседните народи, од климатските, политичките и социо-економските услови во кои опстојувале.

## Развојни фази

Затоа, во фаза на цивилизациското етаблирање на нациите во Европа научниците ќе се обидат врз пошироки основи да ги дефинираат основите на старословенскиот јазик, а со тоа да го измерат еволутивниот процес на подоцнежното структурирање на модерните јазици. Чешкиот филолог Јозеф Добровски[2] веќе во 1822

1 Народниот јазик во црковнословенскиот се внесува во дамаскините, именувани според проповедникот Дамаскин Студит, а подоцна и во грамотите – официјални документи од надлежните органи.

2 Јозеф Добровски (1753-1829).

година ќе наведе дека старословенскиот јазик потекнува од „бугарско-македонско-српско наречје“.

Но, јазикот како жива материја и потреба за дневна комуникација ги мотивирал луѓето да оставаат траги за своето изразно средство и на ним познатите азбучни графони. Така, да го споменеме само Кониковското евангелие делумно печатено во 1852 година на македонски и на грчки јазик – со грчко писмо[3], а откриено од фински научници во Александриската библиотека во 2003 година.[4] Науката вели дека тој македонски јазик бил јазик на локалното словенско население во македонското село Кониково.

Неспорно е дека современата наука јазикот на централното население во Македонија го смета за основа на македонската национална преродба. За тоа свое тврдење науката се потпира врз појавата на „Четиријазичникот“ на Данаил Мосокополецот (1802), првите книги на Јоаким Крчовски (1814), Кирил Пејчиновиќ (1816) и Ѓорѓија Пулевски (1880 и 1875), печатени на македонски со латинични букви и со кирилица. Самиот Пулевски, со издавањето во Белград, во 1875 година на „Речникот“, тријазичникот и во Софија во 1880 година на „Слогница Речовска“ ја прави првата кирилична промоција на македонскиот говор/јазик надвор од Македонија. Тројазичникот, како што тој наведува – на „С.МАКЕДОНСКИ, АРБАНАСКИ, ТУРСКИ“, а сите зборови во него ги испишува (на сите јазици) со кирилица, со печатарски букви кои биле достапни во Државната печатница во Белград („У Београду у Државној штампарији“). Србија во тоа време сè уште била во специфичен, вазален однос со Портата во Истанбул.


ЋЕРЕМЕТ Д-ЉИ, МУЋЕРЕМЕТ
ДАДЕРИ ЕЉИФ ШАНЛ
СУЛТАН АБДУЛ АЗИС АЗАМЕТ ЕФЕНД-М-З
Саис-нда чикмиш.

| РЕЧНИК | ФЈАЉТОР | ЉУГАТ |
| --- | --- | --- |
| С. МАКЕДОНСКИ | ШКИНИПТ МАКЕДОНИСЕ | МИСНИЈМАНЏЕ |
| АРБАНСКИ | ШКИП | АРНАУДЧЕС |
| ТУРСКИ | ТУРЧИШ | С. МАКЕДОНЛУЏЕС |
| КЊИГА II | Љиберти II | ЋИТАВ II |
| Ђорђе М. Пулевски. | Берђи Пулес. | Ђорђе М. Пулеоглу. |

МИЈАЌ ГАЉИЧЌИ.

У БЕОГРАД
У ДРЖАВНОЈ ШТАМПАРИЈИ
1875

---

3 Види го прилогот на проф. Људмил Спасов на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, одржан во Охрид (3-21.8.2005): „Значењето на Кониковото Евангелие на Павел Божигропски за историјата на македонскиот јазик“ (http://www.ukim.edu.mk/files/seminar-z2005.pdf).

4 http://helsinki.fi/-jslindst/282/.

Паралелно, започнува новата фаза на „меѓународна" афирмација на македонскиот јазик со тоа што македонските дејци на самиот почеток на 20 век објавуваат дела во кои е видна стандардизација на формите на македонскиот јазик (Македонско научно литературно другарство во Русија, во 1902 и Мисирков во Бугарија, во 1903 – „За македонцките работи"). Особено е значајно делото на Крсте Петков Мисирков во кое тој се осврнува на општествено-политичките и социо-културните услови за формирање на македонскиот јазик, утврдувајќи го за негова основа западно-центалното јазично подрачје.

**НЕСПОРНО Е ДЕКА СОВРЕМЕНАТА НАУКА ЈАЗИКОТ НА ЦЕНТРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА ГО СМЕТА ЗА ОСНОВА НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ПРЕРОДБА. ЗА ТОА СВОЕ ТВРДЕЊЕ НАУКАТА СЕ ПОТПИРА ВРЗ ПОЈАВАТА НА: „ЧЕТИРИЈАЗИЧНИКОТ" НА ДАНАИЛ МОСОКОПОЛЕЦОТ, ПРВИТЕ КНИГИ НА ЈОАКИМ КРЧОВСКИ, КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ И ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ, ПЕЧАТЕНИ НА МАКЕДОНСКИ СО ЛАТИНИЧНИ БУКВИ И КИРИЛИЦА.**
**ПУЛЕВСКИ, СО ИЗДАВАЊЕТО ВО БЕЛГРАД, ВО 1875 ГОДИНА, НА „РЕЧНИКОТ", ТРИЈАЗИЧНИКОТ И ВО СОФИЈА, ВО 1880 ГОДИНА, НА „СЛОГНИЦА РЕЧОВСКА", ЈА ПРАВИ ПРВАТА КИРИЛИЧНА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ГОВОР/ЈАЗИК НАДВОР ОД МАКЕДОНИЈА**

Овие пионерски изблици на една јазична и, воедно, етногенетска основа, не биле одминати како случајни во стручниот, научниот интерес на славистите низ Европа. Секако, според расположливите историско-лингвистички извори најзначајна оставнина во оваа смисла има делото на рускиот филолог Петар Драганов.[5] Овој професор во Солунската егзархиска машка гимназија, доаѓајќи во Македонија во 1885 година, се впуштил во етнографски истражувања во Македонија. Тука, овој Бугарин од Бесарабија, иако со поинакви првични сознанија за културниот идентитет на Македонците-Словени, по своите истражувања, формира научно заснована теза, која потоа ја доразработува и во Русија – дека Македонците имаат посебен идентитет, дека Македонија е посебна етно-културна целина, а македонските говори се комплекс од една јазична целина. Заради своите истражувања тој се смета за основоположник на македонистиката, надвор од Македонија, во Русија и пошироко во странство. Врз неговите научни согледувања за македонскиот јазик во голема мерка се засноваат и славистичките и македонистичките студии на руските научници/

5 Петар Драганов (1857-1928)

филолози: Николај Державин, Самуил Бернштајн, Рина Усикова[6], а особено оние посветени на македонскиот јазик. Самата хронолошка низа на научни истражувања на руски лингвисти кои се осврнувале на историјата и развојот на македонскиот јазик, независно од разните општествени и политички системи во Русија во кои дејствувале, е неспорна индикација за темелната основа за постоењето и за развојот на јазикот на македонските Словени.

На теренот во Македонија, особено по првите знаци за можност за самоуправа на македонското население (член 23 од Берлинскиот конгрес, во 1878), многу образовани Македонци вниманието го насочуваат својот интерес кон: собирање, евидентирање и запишување-издавање на дела за народниот фолклор и јазикот, нивните семејни традиции. Овој напор по две-три децении минува и на литературен план, па на кумановски, западномакедонски или струшки говори/наречја[7] се напишани и изведени на театарска сцена првите драми од македонски автори, во и надвор од Македонија.

Значајно „прочистување" на јазикот во 20 век, во меѓувоениот период и издигање на македонскиот говор на ниво на литературен јазик, се доживува со поезијата на: Коста/Кочо Солев (Рацин), Венјамин Тошев (Венко Марковски), Коле Неделковски... . Овој отскок неповратно ја потврди и ја дефинира националната, етно-културната насока за Македонците толку длабоко изнедрена од просветителскиот 19 век, а особено од срцевината на делото на Мисирков: „За македонцките работи". Затоа, литературните дела напишани и издадени на македонски говорен јазик во меѓувоениот период за истражувачите на македонскиот литературен јазик претставува „блескаво книжевно поглавје на македонската литература".[8]

Во овој период, од меѓународно правен аспект, не треба да се занемари обврската на Грција (по договорите од Версај) да издаде буквар за негрчките деца, што го печати на латиница и на леринско-битолски македонски говор насловен како: „Абецедар/Abecedar". Букварот е сочинет од страна на атински лингвисти и е издаден во Атина во 1925 година, а е депониран во Лигата на народите во Женева како

6 Николај Державин (1877-1953), Самуел Бернштајн (1911-1997), Рина Усикова (1933-2018)

7 „Ленче кумановче", на Васил Иљовски, „Печалбари", на Антон Попов, „Парите се отепувачка", на Ристо Крле.

8 Васил Тоциновски: „Македонскиот литературен кружок", Софија, 1938-1941, Документи, Матица Македонска, Скопје, 1995, стр. 20.

исполнување на обврските на грчката држава. Нема многу податоци за неговата практична примена во тогашниот образовен систем.

## Кодификација и меѓународна афирмација

Со создавањето на федералната држава Македонија (по АСНОМ од 2 август 1944), кодифицирањето на македонската азбука (3 мај 1945) и усвојувањето на правописот (7 јуни 1945), македонскиот јазик стапува на светската јазична карта како автохтоно изразно средство на македонскиот народ и официјален јазик во неговата држава. За овој незапирлив процес на стандардизација на македонскиот јазик севкупниот македонски научен потенцијал[9] игра клучна улога, а од 1967 година тој целосно е вклучен и во организацијата на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, односно во изградбата на мрежа на лекторати на дваесетина универзитети во светот. Не помала улога во презентацијата и развојот на македонскиот јазик имаат и меѓународните културни манифестации што редовно се одржуваат во Македонија (како, на пример, од 1961 година, „Струшките вечери на поезијата").

За таа стандардизација на македонскиот јазик веднаш по Втората светска војна, првичен интерес пројавуваат лингвистите од државите со доминантно население од словенските јазични групи. Забележано е дека во овој период првото предавање за современиот македонски јазик го одржал професорот Антонин Фринта, на Карловиот универзитет во Прага, во 1946 година, а следните години и децении македонскиот јазик станал и наставен предмет (преку лекторати и катедри) на преку 25 странски универзитети. Секако, најзастапен е научниот интерес за овој јазик на универзитетите во словенските земји,[10] како посебен предмет или посебна методска целина во рамките на институтите/катедрите за словенски јазици, со проучување на историјата на македонскиот јазик, културата и литературата на тој јазик и преводи на дела на македонски автори.

Меѓутоа, за пошироката меѓународна афирмација на македонскиот јазик, особено се значајни и истражувањата во несловенските

9 Блаже Конески, Божидар Видоески, Благоја Корубин, Александар Спасов, Трајко Стаматовски... .

10 Франтишек Мареш од Прага/Виена, Магдалена Богуславска и Кшиштов Вроцлавски од Варшава, Радомир Ивановиќ од Нови Сад, Горан Калоѓера од Риека, Владислав Илич-Свитич од Москва, Украинката Дина Станишева од Софија, Украинката Ала Шешкен од Москва... .

земји кои датираат уште од 19 век, за после неговата кодификација овој интерес од Европа[11] да се прошири и во прекуокеанските земји. Во овој контекст, треба да се забележи првата Граматика на македонскиот јазик објавена во 1952 година од Хорас Лант, професорот на Универзитетот Харвард, а во низата дела на лингвисти кои се посветиле на научното истражување на македонскиот јазик да ги споменеме: Мајкл Серафинов и Виктор Фридман од САД, Кристина Крамер од Канада, Петер Хил од Германија, а потоа заминува во Австралија... .

**ЗА ПОШИРОКАТА МЕЃУНАРОДНА АФИРМАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ОСОБЕНО СЕ ЗНАЧАЈНИ И ИСТРАЖУВАЊАТА ВО НЕСЛОВЕНСКИТЕ ЗЕМЈИ КОИ ДАТИРААТ УШТЕ ВО 19 ВЕК, ЗА ПО НЕГОВАТА КОДИФИКАЦИЈА ОВОЈ ИНТЕРЕС ОД ЕВРОПА ДА СЕ ПРОШИРИ И ВО ПРЕКУОКЕАНСКИТЕ ЗЕМЈИ. ВО ОВОЈ КОНТЕКСТ, ТРЕБА ДА СЕ ЗАБЕЛЕЖИ ПРВАТА „ГРАМАТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК“, ОБЈАВЕНА ВО 1952 ГОДИНА ОД ХОРАС ЛАНТ, ПРОФЕСОР НА ХАРВАРД, А ВО НИЗАТА ДЕЛА НА ЛИНГВИСТИ КОИ СЕ ПОСВЕТИЛЕ НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ДА ГИ СПОМЕНЕМЕ: МАЈКЛ СЕРАФИНОВ И ВИКТОР ФРИДМАН ОД САД, КРИСТИНА КРАМЕР ОД КАНАДА, ПЕТЕР ХИЛ КОЈ ОД ГЕРМАНИЈА ЗАМИНУВА ВО АВСТРАЛИЈА**

Борбената солидарност и соработка за време на антифашистичката војна на македонските со грчките и бугарските идејни сојузници, во воениот и повоениот период доведе и до состојби на послободна експресија на културните, автохтони потреби на Македонците на територијата на: Грција, Албанија и Бугарија. Помошта на повоените власти на теренот беше особено видна во областа на културата и образованието на македонски јазик и зачувување на традициите. Во оваа смисла, во Бугарија тоа беше утврдено и со Решенија на властите во 1946 година, кога пред локалните органи во Пиринскиот дел беше прокламирано дека „неопходно е систематски да се работи на културното приближување на македонското население од овој крај со НР Македонија, на популаризирањето, во нивната средина, на работата и достигнувањата на НР Македонија, на македонскиот јазик и на македонската литература, на запознавање со историјата на македонскиот народ...“.[12] Таа година во бугарскиот попис официјално како етнични Македонци се изјасниле

11 Волф Ошлис од Гисен, Нуло Миниси во Неапол, Петер Хил од Хамбург, Реџиналд де Бреј од Камбера, Виктор Фридман во Чикаго... .

12 Наведено е под точка 3 во Решението на X пленум на Централниот комитет на БРП(к) од 10 август 1946 година (Преземено од документ во „Македонија низ вековите“, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2001).

252.908 жители на Бугарија,[13] па се донесени и административни одлуки за платите на наставниците и културните работници кои ги спроведувале овие Решенија за „популаризирање на македонскиот јазик и литература“. Паралелно, и на територијата што била под власта на Демократската армија, за време на Граѓанската војна во Грција, се направени првите чекори со експонирање на македонскиот јазик во образовните и во културните активности во едукацијата и за мотивацијата на месното население. Најдолгорочна едукативна пракса на македонски јазик, иако лимитирана на областа Мала Преспа, до денес има во Албанија, со извонреден придонес на наставникот Никола Беровски[14].

Меѓутоа, на стручно, лингвистичко ниво, македонскиот јазик својата меѓународна афирмација континуирано ја остварува преку научните истражувања на лингвистите, како и преку постојаната едукација на кадри во странство преку отворените лекторати или катедрите и другите наставни единици по македонски јазик на универзитетите во странство. Денес, во 2020 година, за жал, само на осум универзитетски центри функционираат овие лекторати, и нашите најодговорни фактори (а преку тоа – и лингвистите и дипломатите) се наоѓаат пред значајната задача да ја прошират оваа мрежа лекторати, која во минатото достигнуваше и дваесет и пет лекторати на реномирани странски универзитети.

Секако, како прв чекор треба да се преиспита нормативното (онака како што е тоа во другите држави, со разгранета мрежа на лекторати) вообликување на системот на лекторатите на Македонија во странство. Тоа е нераздвоен дел од обврските на надлежните органи на државата, како и на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и на Ректоратот при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од не помало значење за афирмација на македонскиот јазик е и дејноста на истакнатите лингвисти во универзитетските центри во странство, од кои дел таа своја научна дејност ја остваруваа и како членови на МАНУ[15].

---

13 Овој податок од официјалните бугарски статистички документи го користи Предраг Вуковиќ во својот текст: „У служби старог“ (објавен во белградска „Политика“ на 7.12.1975).

14 Никола Беровски (1923-1993).

15 Членови на Македонската академија на науките и уметностите со посебен отклон кон словенските и македонскиот јазик се: Виктор Фридман од САД, Рина Усикова од Русија, Зузана Тополињска од Полска.

## Местото на дипломатијата

Во времето и во состојбите на самоидентификување на државната структура на македонскиот субјект, се создавале и услови за формирање на македонски кадри за негово претставување во странство. Историјата бележи дека за прв македонски претставник испратен во Софија бил именуван Кирил Миљовски, уште во октомври 1944 година[16]. Таа одлука била донесена во воени услови, а била произлезена и од искуството на Македонската револуционерна организација од 1895 година, со именување на нивните први задгранични претставници. Миљовски, како и другите дипломати од Македонија во федералната дипломатска служба, во децениите што следуваа дадоа голем придонес во запознавање на светската јавност со реалностите во повоена федерална Македонија, националниот и државниот индивидуалитет на македонскиот народ. Секако, во промоцијата на македонскиот литературен јазик во странство значајна улога имаа и дипломатите – литературни творци[17].

Во текот на следните пет децении тие први македонски државници и дипломати, преку сите свои знаења, способности, па и со фрустрациите, ќе имаат доминантно влијание врз новите генерации Македонци кои ќе се определат за дипломатија, како своја животна професија. Тие имаа можност и да преговараат и да потпишуваат договори на македонски јазик, кога ги водеа сојузните државни делегации, дури и во држави кои имаа резерви и негативен однос кон македонскиот идентитет и јазик.[18]

Таа полувековна борба за стабилизација на македонскиот јазик на меѓународната сцена која се одвиваше преку: научните, културните и особено литературните достртели на македонските автори, не одеше секогаш лесно, особено во непосредното опкружување на (денес Северна) Македонија. Познати се „верификациите на научните достигнувања" на одделни странски лингвисти со коруптивни

16 Овој процес продолжува во 1945 година, кога македонски кадар бил испратен во Амбасадата во Атина (Евгени Димитров) и во Софија (Миљовски бил заменет со Петар Манговски).

17 Ацо Шопов, Коле Чашуле, Владо Малески, Петар Бошковски, и други.

18 Таков е случајот за време на одржувањето на Мешовитиот југословенско-грчки комитет за стопанска соработка во Атина, на 13.3.1979 година, кога шеф на југословенската делегација беше министерот за економија на СФРЈ, Стојан Маткалиев. Тој беше примен и од претседателот Константинос Караманлис.

**СО СОЗДАВАЊЕТО НА ФЕДЕРАЛНАТА ДРЖАВА МАКЕДОНИЈА (ПО АСНОМ ОД 2 АВГУСТ 1944), КОДИФИЦИРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА (3 МАЈ 1945) И УСВОЈУВАЊЕТО НА ПРАВОПИСОТ (7 ЈУНИ 1945), МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СТАПУВА НА СВЕТСКАТА ЈАЗИЧНА КАРТА КАКО АВТОХТОНО ИЗРАЗНО СРЕДСТВО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ОФИЦИЈАЛЕН ЈАЗИК ВО НЕГОВАТА ДРЖАВА. ЗА ОВОЈ НЕЗАПИРЛИВ ПРОЦЕС НА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СЕВКУПНИОТ МАКЕДОНСКИ НАУЧЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ИГРА КЛУЧНА УЛОГА, А ОД 1967 ГОДИНА ТОЈ ЦЕЛОСНО Е ВКЛУЧЕН И ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИОТ СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА, ОДНОСНО ВО ИЗГРАДБАТА НА МРЕЖА НА ЛЕКТОРАТИ НА ДВАЕСЕТИНА УНИВЕРЗИТЕТИ ВО СВЕТОТ**

и лукративни активности на соседните државни структури.[19] но и сѐ помасовното верификување на аргументациите за научната заснованост на процесите во стандардизацијата на македонскиот јазик на релевантните меѓународни форуми.

Така, на повеќе дипломатски/меѓународни конференции се вршеше превод и се користеше македонскиот јазик, рамноправно со другите светски јазици, а на Третата меѓународна конференција на ОН за стандардизација на географските имиња, одржана во Атина во 1977 година, во Резолуцијата за тогашна Југославија се наведува дека Конференцијата „прифаќа дека во Југославија веќе подолго време се користи романизација (латинската азбука) и српско-хрватската и македонската кирилица/кирилска азбука во официјалните изданија и мапите; препорачува системот кој е даден во прилог на оваа Резолуција, да се прифати како меѓународен систем за романизација на српско-хрватските и македонските географски имиња во Југославија“.[20] Ова меѓународно верификување, преку поврзување на: традицијата, културата и географијата со реалноста во една земја е јасен дипломатски заклучок за неспорноста во користењето на етаблиран јазик и неговата писменост (азбука) како најзначајно изразно средство на македонскиот народ во реалниот живот.

19 Да ги наведам само напорите на бугарската држава за експонирање на антинаучните тези на рускиот академик Лихачов, Унгарците Јухас и Тот или Англичанката Мерсија, кои за старословенскиот јазик тврдеа дека е старобугарски, дека бугарското писмо е постаро од кирилското писмо, дека браќата Кирил и Методиј биле Бугари. (Види го и напистот на Бошко Нацевски: „Наука и валкана политика“, објавен во скопскиот дневник: „Слободен печат“, на 24.1.2020 година, стр. 7).

20 http>//unstts.un.org/unsd/geoinfo/UNCSGN-Reports-UNSCGN-Rpt-en.pdf, стр.34.

Со самото осамостојување на Република Македонија при започнувањето на дипломатскиот процес за нејзино зачленување во Обединетите нации, таму, нејзината пријава[21] е прифатена со меѓународните кодови „МК“ (ISO Country alpha-2-code) и „МКД“ (ISO Country alpha-3-code) и наведување дека во примената членка со привремена референца во ОН, официјалниот јазик е македонскиот („Macedonian“).


UNTERM

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Date of Entry into UN | 08 април 1993 | ISO Country alpha-2-code | MK | |
| ISO Currency Code | MKD | ISO Country alpha-3-code | MKD | |

English -->

English

| | | | |
|---|---|---|---|
| Short Name | the former Yugoslav Republic of Macedonia | Capital City | Skopje |
| Formal Name | the former Yugoslav Republic of Macedonia | Capital Inhabitants | |
| Adjective/Nationality | of the former Yugoslav Republic of Macedonia | Languages | Macedonian |
| Note Eng. | - Note from Editorial Control: Style of name based on language of A/RES/47/225 (1993) adopted at the time of admission of the country to the United Nations. Resolution referred to "the former Yugoslav Republic of Macedonia". According to Official Records Editing Section (ORES) procedures, initial "T" not capitalized unless it starts a | | |

На свечениот чин на прием на Република Македонија во Обединетите нации, првиот претседател на државата, Киро Глигоров, од говорницата на Генералното собрание, на 8 април 1993 година, пред делегациите на 171 земја-членка се обрати на македонски јазик. Тоа е првото обраќање на претставник на самостојната и суверена држава под тоа име – на литературниот македонски јазик.

Со приемот во ОН започна и природниот процес на меѓународна верификација на македонскиот јазик како официјален и литературен/стандарден јазик на еден народ. Оваа верификација на македонскиот јазик потоа се проширувaше и во меѓународните владини и невладини организации, како, на пример, во: Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот – IHRA,[22] во интернет пребарувачот GOOGLE, и на други места... .

Select your language, [Македонски ▾] па следува текстот на овој јазик: „Членовите на Работната група со Декларацијата од Меѓународниот форум за холокаустот во Стокхолм сметаат дека: Холокаустот (Shoah) од темел ги разниша основите на цивилизацијата. Неповторливиот карактер на холокаустот засекогаш ќе има универзално значење. По половина век, тој останува како жив спомен што преживеаните ни го пренесоа како доказ за ужасот што го зафати

21 UNTERM

22 https://www.holocaustremembrance.com/mk/node/17.

еврејскиот народ. Страшните страдања на многу милиони други жртви на нацистите, исто така, оставија неизбришлив белег во цела Европа...“.[23]

Во афирмацијата на литературниот македонски јазик на меѓународен план свое видно место имаше и мрежата на дипломатските претставништва на државата. Да го наведеме само преводот на македонски јазик на официјалната публикација: „Св. Климент Рим“ („San Clemente Roma”)[24] на катедралата „Свети Климент“ во Рим, каде се наоѓаат и посмртните останки на сесловенскиот просветител Кирил Филозоф, и каде секоја година делегации на највисоките македонски официјални личности полагаат венци, а највисоки поглавари на христијанските верски заедници, предводени од членовите на Синодот на Македонската православна црква – ОА, одржуваат молебен.

## Прифаќање на реалноста

Заглавени во романтичарските традиции во приодите при оформувањето на сопствените нации, соседните државни структури на Балканот тешко излегуваа од шаблоните на неостварените национални идеали за максималистичко територијално проширување. „Жртви“ на таа политика секогаш беа развојот на регионот во целина, добрососедските односи и, особено, културните односи меѓу народите. Барајќи начини за надминување на разликите во третманот на културните, а со тоа и на јазичните специфики на народите, политичките елити загубија децении во: преговори, тензии и конфронтации од балкански „стил“.

Но, реалноста не можеше да не притиска, па во македонско-бугарските односи се измисли еден дипломатски и уникатен *modus vivendi* за надминување на блокираното потпишување на десетици билатерални договори. По потпишувањето на  Декларацијата за пријателство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија од 22 февруари 1999 година, со формулацијата: „македонскиот јазик, во согласност со Уставот на Република Македонија, и

23 Стокхолмската декларација од 1999 година на македонски јазик.

24 Leonard Boyle O.P.: „Краток водич низ ‚Св. Климент, Рим‘“, Collegio San Clemente, via Labicana95 – Roma.

бугарскиот јазик, во согласност со Уставот на Република Бугарија“,[25] се потпишани сите договори меѓу двете држави. Идентична формулација беше користена и при вклучувањето, во сосема поинакви меѓународни и особено регионални односи (Бугарија членка на НАТО и ЕУ, а Македонија кандидатка за зачленување во овие организации) на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија од 1 август 2017 година.

**МНОГУ МЕЃУНАРОДНИ СТРАТЕЗИ ЌЕ ИСТАКНАТ ДЕКА „ГЕОПОЛИТИКАТА ПОЧНУВА ОД ДОМА“, ОДНОСНО ДЕКА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ, ФАКТИ И ВРЕДНОСТИ НА ЕДЕН ДОМАШЕН СУБЈЕКТ МУ ДАВААТ „ХРАНА“ ВО ВОДЕЊЕТО ПОЛИТИКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ТОЈ СУБЈЕКТ НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН. ОВА Е ОСОБЕНО КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ЕДЕН ЈАЗИК, КОЈ СО СТАБИЛИЗИРАЊЕТО И ОФИЦИЈАЛИЗИРАЊЕТО НА НЕГОВИТЕ ИЗРАЗНИ ФОРМИ ВО СИТЕ СФЕРИ НА ОПСТОЈУВАЊЕТО НА ЕДЕН НАРОД ПРЕТСТАВУВА НАЦИОНАЛНА ВРЕДНОСТ КОЈА ГО ЗРАЧИ НЕГОВОТО ПОСТОЕЊЕ НА ПОШИРОКИОТ МЕЃУНАРОДЕН ПРОСТОР И СОЗДАВА ПОЧИТ И ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА КАЈ СУБЈЕКТИТЕ НА ДРУГИТЕ НАРОДИ**

Требаше да минат 19 години и во грчката општествена јавност да се создадат услови да се прифати дел од реалноста кај нејзиниот северен сосед и да се деблокираат нејзините евроатлански аспирации. За отворање на таа македонска перспектива, беше прифатен болен компромис. На 17 јуни 2018 година беше потпишана: „Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во Резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните“, т.н. Преспански договор меѓу Македонија и Грција. Република Македонија го промени името на државата вметнувајќи „Северна“, по детерминацијата на државното уредување „Република“, а Грција со потпишувањето на овој Договор го прифати освртот за постоење на македонскиот јазик, како дел од јужнословенската група

25 Објавено од страна на МИА на 23.2.1999. Конкретната формулација гласи: „Декларацијата е потпишана во Софија на 22 февруари 1999 година на *официјалните јазици на двете земји – македонскиот, во согласност со Уставот на Република Македонија и бугарскиот, во согласност со Уставот на Република Бугарија*, *при што двата текста имаат еднаква важност*“. Во Договорот од 2017 година се изменети само двата збора: *„двете земји“*, во *„договорните страни“* (https://vlada.mk/sites/default/files/dogovori/Dogovor_Za_Prijatelstvo_Dobrososedstvo_Sorabotka_Megju_Republika_Makedonija_I_Republika_Bugarija.pdf).

јазици.[26] Останува да се вложат дополнителни напори, оваа културно-историска јазична детерминација[27] на македонскиот народ да добие и своја верификација при потпишувањето на следните договори меѓу Северна Македонија, Бугарија и Грција, како што тоа, впрочем, е веќе тридецениска практика во потпишувањето на билатерални договори на Македонија и десетици држави низ целиот свет.

Со потпишувањето и со ратификувањето на овие билатерални договори во нивните највисоки претставнички тела, а со тоа и како дел од односните правни системи, политичката клима се разбранува во сите три земји, што варира во зависност од актуелните интереси на политичките елити. Меѓутоа, со самото нивно усвојување е направен неспорен историски исчекор во насока на затворање на ова македонско идентитетско прашање преку регионална, а со тоа и дефинитивна меѓународна верификација на македонскиот јазик, како етаблирано и литературно изразно средство на македонскиот народ. Тоа и мораше да се случи со оглед на процесот на неминовно интегрирање на Балканот, а со тоа и на државата Северна Македонија, во ЕУ и во НАТО, интеграции во кои сите официјални јазици на државите се рамноправни во употребата (официјална и во писмена форма). Било какви оспорувања се, и ќе бидат со краток здив!

---

26 Членот 7 од Договорот од Преспа гласи: „Страните прифаќаат дека нивното односно разбирање на термините ,Македонија' и ,македонски' се однесува на различен историски контекст и културно наследство.
1. Во однос на Првата страна, овие термини ја означуваат не само областа и народот во северниот регион на Првата страна, туку и нивните одлики, како и елинската цивилизација, историја, култура и наследството на тој регион од антиката до денешен ден. Во однос на Втората страна, овие термини ја означуваат нејзината територија, *јазик*, народ и нивните одлики, со нивната сопствена историја, култура, и наследство кои се особено различни од оние кои се наведени во член 7, став (2).
2. *Втората страна изјавува дека нејзиниот официјален јазик, македонскиот јазик, спаѓа во групата на јужнословенски јазици.* Двете Страни изјавуваат дека официјалниот јазик и останатите одлики на Втората страна не се поврзани со античката елинска цивилизација, историја, култура и наследство од северниот регион на Првата страна.
3. Ниту една одредба од оваа Спогодба нема цел на кој било начин да ја поткопа, измени или да влијае на употребата од страна на граѓаните на двете страни."
(http://mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2780:konechen-dogovor-za-reshavanje-na-makedonsko-grchkiot-spor-za-imeto-i-za-strateshko-partnerstvo&catid=52&Itemid=684&lang=mk).

27 Пред 105 години, во практиката, во грчкиот легален систем (нотарски записи, на пример) при именувањето на јазикот на месното етнички негрчко население бил користен терминот „македонски". Види само еден од тие нотарски записи, легализиран од грчката држава со 125 лепти (Αριθ. 1212, 'ΕνΦλωρινητη 6Μαρτιου 1915).

Многу меѓународни стратези ќе истакнат дека „геополитиката почнува од дома“, односно дека: остварените резултати, факти и вредности на еден домашен субјект му даваат „храна“ во водењето политика и реализација на интересите на тој субјект на меѓународен план. Ова е особено карактеристично за еден јазик, кој со стабилизирањето и официјализирањето на неговите изразни форми во сите сфери на опстојувањето на еден народ претставува национална вредност која го зрачи неговото постоење на поширокиот меѓународен простор и создава почит и интерес за соработка кај субјектите на другите народи.

*(Авторот е магистер по државно-правна историја на Македонија. Тој е кариерен дипломат, бил амбасадор на Република Македонија во Италија и Австралија, а извршувал и други високи функции во Министерството за надворешни работи. Сега е претседател на Дипломатскиот клуб – Скопје)*

# МИСЛЕЊА

Фондацијата Фридрих Еберт – Скопје и уредувачкиот одбор во овој број на списанието „Предизвици" им дадоа можност на студенти од меѓународните и интеркултурни студии при Филозофскиот факултет во Скопје да објават авторски текстови и да ги искажат своите размислувања и ставови по одредени теми.

На овој начин ја стимулираме компонентата за која сите се залагаат - младите преку образованиот процес не само да осознаваат теории, факти и практики, туку самостојно и креативно да размислуваат и да донесуваат заклучоци за она што го изучуваат.

Текстовите од студентите што ги објавуваме во овој број се пуштени интегрално, секако со неопходните редакторски интервенции, како и во сите други текстови во списанието, кои не ги менуваат суштината и поентите.

# МАЛИ ДРЖАВИ СТАНАЛЕ СВЕТСКИ ВЛИЈАТЕЛНИ ПРЕКУ МЕКАТА МОЌ

РИСТО САВЕСКИ
ТЕОДОРА МИЛЕСКА
ДЕНИЦА ШОШОЛЧЕВА

**МНОГУ МАЛИ ДРЖАВИ, КОИ НЕМААТ ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ ВО СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА ИЛИ ВО ТВРДАТА МОЌ, ПОРАДИ ТОА ШТО ГИ НЕМААТ КАПАЦИТЕТИТЕ, ИСТОРИСКИ СЕ РАЗВИЛЕ ВО ЗЕМЈИ И ВО ЦЕНТРИ КОИ ПРОДУЦИРААТ ВРЕДНОСТИ НА МЕКАТА МОЌ. ДУРИ, ОВИЕ ЗЕМЈИ ВО НЕКОИ СФЕРИ ИМААТ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ СО НИВНИТЕ НАДВОРЕШНО-ПОЛИТИЧКИ СТРАТЕГИИ, ОТКОЛКУ ЗЕМЈИТЕ КОИ СЕ СЛУЖАТ СО СВОЈАТА СИЛА ИЛИ СО ФИНАНСИСКИ ПРИТИСОК**

## Вовед

*„Влијанието може да убеди, но моќта може да присили"*

Уште од самиот почеток на проучувањето на општествените појави, моќта била интерес на истражувањата на општествените науки. Како таква е исклучително важен поим и во областа на меѓународните односи. Иако реалистичката школа на мислата ја гради теоријата за меѓународни односи, сепак, моќта е клучна за сите оние научници кои работат во оваа област. Сите главни теории за меѓународни односи во себе ја имаат вградено идејата за моќ, без оглед дали е експлицитна или не. Либералите ја разбираат моќта во смисла на трговија или мека моќ; марксистите во однос на производствените сили и капитал; конструктивистите во однос на нормите; постструктуралистите во однос на дискурсите.[1] Ова ни доловува дека моќта како концепт е многу тешко да се дефинира и утврди.

## Што е мека моќ

Џозеф Нај го популаризира овој израз во својата книга од 1990 година: „Врзано за олово: Променливата природа на американската моќ". Во оваа книга тој пишува: „Кога една земја ќе ги натера другите земји да го сакаат тоа што (таа) го сака, може да се нарече кооперативна, или мека моќ, за разлика од тврдата, или командна моќ да

им се наложува на другите да прават што сакаат“.[2] Главната разлика меѓу тврдата и меката моќ може да се сфати на следниот начин: тврдата моќ ја извлекува усогласеноста, главно, преку потпирање врз опипливи извори на енергија – подиректни и, најчесто, принудни методи (или нивната симболична употреба преку закана или вистинска употреба), меката моќ тоа го култивира преку различни политики, квалитети и дејствија што ги сакаат другите нации – повеќето се индиректни и неконтролабилни методи.[3] Нај мапира три примарни извори на мека моќ: политичките вредности, културата и надворешната политика.

## Зошто мека моќ

Концептот на мека моќ се раѓа во времето на распаѓањето на СССР, но и на блоковската поделба во светски рамки. Светот од времето на Студената војна веќе не постоеше, а со тоа полека почнува да се менува значењето на моќта како доминација на полето на воена опременост и вооруженост, туку се раѓа поимањето на моќта како доминација во: економската, политичката и културната сфера на глобалното општество. Галароти смета дека промените кои во светската политика се издвојуваат како особено трансформативни во подигнувањето на корисноста на меката моќ во однос на тврдата се:

- Глобализацијата и меѓуповрзаноста на целиот свет влијаат за намалување на ефектите од користењето на тврдата моќ. Новите: економски, социјални и политички контексти кои се својствени за процесот на глобализација, направија користењето на принудата да биде еднакво на самозакана. Живееме во време кога степенот на поврзаност и меѓузависност на државните и недржавните актери е толку висока, што еден настан на еден крај од светот и тоа како може да влијае на другата страна на Земјината полутопка;
- Високи се трошоците за употреба или дури и закана со сила меѓу нуклеарните сили. Нуклеарното оружје игра голема улога во одржувањето на безбедносната заедница заради фактот што веќе е незамисливо да се случи војна меѓу големите сили, пред сѐ заради високите трошоци, но и огромните опасности што може да ги предизвика војната;
- Порастот на земјите со демократски системи направи промена во односите на моќта на национално ниво. Народот е оној

од кој се добива легитимитетот за владеење и тој, како таков, многу повеќе може да влијае врз политиките и одлуките на националните лидери, што доведува до приклонување кон либералните принципи;

- Општествените и политичките промени, како: концептот на економска благосостојба, просперитет и соработка, стануваат сè поатрактивни за современите народи, отколку боречкиот дух и жртвувањето за државата;
- Меѓународните организации ги вклучија нациите поцврсто во мрежите на соработка: тие самите се основни компоненти на меката моќ. Како што еволуираа овие мрежи, така се зголемува и меката моќ на нормите и законите што тие ги претставуваат.4 Тие се едни од најголемите промотори на користењето на меката моќ во меѓународните односи.

## Мерење на меката моќ

Со препознавањето на потенцијалот на меката моќ, се поставува и прашањето: како, и дали воопшто таа може да се измери? Ајрин С. Ву е сениор аналитичар во Федералната комисија за комуникации на САД, зборува за мерење на меката моќ во конвенционална и неконвенционална смисла. Во конвенционална смисла, мерките за мека моќ вклучуваат: меѓународни размени, посетители, образование и култура.[5] Преку континуирано прибирање на податоци од овие области се овозможува креирање на транспарентна база на податоци која, со текот на времето, може да се надградува со повторување на процесот на прибирање на податоци.

Постојат сериозни напори за мерење на меката моќ. Може да го истакнеме Годишниот индекс на Џонатан Мек Клори, кој ги рангира првите 30 земји според нивната мека моќ. Овој Индекс комбинира податоци во шест одделни категории (влада, култура, образование, глобален ангажман, претпријатија и дигиталност), како и меѓународни анкети, обезбедувајќи сеопфатна рамка за анализа на меката моќ.[6] Од аспект на категоријата *влада*, се мери заложбата на владите за: слобода, човекови права, демократија и квалитет на политичките институции. Компонентата *култура* се фокусира на глобалниот дострел и привлечноста на културните резултати на една нација. Категоријата *образование* го мери: нивото на човечки капитал во една земја, пристапот до стипендии, како, и колку е при-

влечен образовниот систем на државата за студентите од странство. *Глобалниот ангажман* се фокусира на дипломатската мрежа на една држава, како и нејзиното вклучување на глобалната сцена и развојот. Категоријата *претпријатија* се однесува на атрактивноста на економскиот модел на една земја. *Дигиталноста* се занимава со дигитална инфраструктура на една земја и нејзините можности во дигиталната дипломатија.

Покрај овој Индекс на меката моќ, во 2005 година Корпорацијата РАНД зборува за проценка на недржавни актери и „помеки видови" на моќ. Пристапот до информации, брзината на реакцијата, новите гласови, поевтината консултација, брзата промена, како и променетите граници во времето и просторот, се причини за прераспределба на државната кон недржавна моќ.[7] Во 2010 година, Ернст и Јанг, исто така, објавуваат Индекс за мека моќ, кој е дефиниран во 13 варијабли организирани во три категории: глобален имиџ, глобален интегритет и глобална интеграција.[8] Иако секоја од овие методологии дава увид во меката моќ, сепак, секоја од нив повеќе се фокусира на проекцијата на меката моќ, одошто на приемот на меката моќ, кој може да биде краткорочен или долгорочен.

Како неконвенционален метод на мерење на меката моќ, Ву го посочува мерењето на влијанието на дигиталните текови на комуникација врз меката моќност. Ова е неконвенционално бидејќи значајното мерење на дигиталните податоци сè уште е во рана фаза. И покрај тоа што има голем обем на можни метрики, смислувањето на нив на научен, ригорозен начин, сепак, е нова потрага. Постои посложена врска меѓу заедниците на Интернет и меката моќ, што бара појасно разбирање за тоа како луѓето возвраќаат на Интернет, градат доверба и акумулираат социјален капитал. Иако е предизвик – од голема важност би било да се развие општа рамка за осознавање на состојбата – како влијаат заедниците преку Интернет врз меката моќ на една земја, но воедно, и дали е доволно специфична за решавање и подобрување на проблемите.

Во светот на меѓународните односи, зборот мека моќ е употребуван повеќе од зборот војна, особено во последните дузина години. Концептот на Јосип Њу прераснува во есенцијален дел од политиката и дипломатијата. Главната идеја во оваа кратка фраза е дека една земја може да има инфлуенца врз останатите со помош на харизма, претставување на својата: култура, јазик, вредности и

трговија. Како главна карактеристика на меката моќ е можноста за обликување на преференциите на останатите, преку соработката и заемното разбирање, и на тоа Јосип Њу додава дека „најдобрата пропаганда не е пропаганда“, идеја која, секако, се однесува на американската, односно прозападна мека моќ и како таа може да влијае низ светот.

## Културна дипломатија

Откако војната е прогласена за зло, светската политика се врти околу меката моќ и таа е дел од секојдневната демократска политика. Иако низ годините идејата е потценувана, таа може да има суштинско значење за одредена земја, како стратегиско, така и прагматично. Неодамна, во 2016 година, Тереза Меј изјави: „Глобална Британија е возможна и е на повидок… Ние ја имаме најсилната мека моќ во светот, сместени сме во вистинска временска зона за глобалната трговија и нашиот јазик е јазик на светот“.[9] Овие коментари вреди да бидат забележани и потцртани за да можеме да ја разбереме сериозноста на терминот и неговите последици. Мислата на Тереза Меј повеќе зборува за доминација на британските или прозападните вредности, меѓу кои и: демократијата, слободата на говорот, едукацијата, но исто и за економска добивка за сите актери.

Првичниот термин „мека моќ“, кој е претставен во осумдесеттите години на минатиот век, се фокусира на моќта која би значела влијание на однесувањето на другите за да се добијат посакуваните резултати. Моќта како таква се постигнува со принуда, со давачки или на харизматичен начин да се направи останатите да го посакаат тоа што сте го наумиле. Оттука, меката моќ е безболен начин за остварување на целите, која дејствува преку три гранки:

- Културата;
- Политичките вредности;
- Надворешната политика.

„Една земја може да ги добие резултатите што ги посакува во светската политика затоа што другите земји – восхитувајќи се на нејзините вредности, имитирајќи го нејзиниот пример, тежнеејќи кон нејзиното ниво на просперитет и отвореност – посакуваат да

9 https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.p df 10 https://en.wikipedia.org/wiki/Soft_power

следат".[10] Ова е уште една мисла на Џозеф Нај која го дообјаснува концептот на меката моќ, а политичките лидери веќе долго време ја разбираат моќта што доаѓа од привлечноста. Оваа идеја секогаш стои рамо до рамо со некои од светските сили. Секоја од нив сака да го „покори" светот на свој начин или, барем, да го обликува. Според мене, често, меката моќ во оваа смисла наоѓа замена во зборот глобализација како неутрален термин.

Соединетите Американски Држави и Европа биле постојан извор на влијание и мека моќ. Уметноста, литературата, музиката, дизајнот, модата, па дури и храната од европскиот континент се глобални магнети. Европа и САД честопати тврдат дека ги поддржуваат човековите права и демократија низ целиот свет, а својата доктрина ја шират преку институции за поддршка на развојот, владини и невладини организации и разни фондови. Тие навлегуваат во секоја сфера на постоењето и успехот го припишуваат токму на културата. Употребата на различни културни алатки, кои во ова дигитално време допираат до секого со само еден клик, е лесен начин за промовирање на одредени култури и вредности. Филмската индустрија, музичката индустрија, спортот, модата, кујната односно храната, е бесмртно оружје кое се користи за зголемување на меката моќ и влијанието на Западот.

Клучна промена во дигиталниот свет во кој живееме е огромното намалување на трошоците за: пренесувањето, зачувувањето и, најбитното, достапноста на информациите. Цената на технологијата паѓа толку брзо, што станува сѐ пошироко достапна, а притоа, се намалуваат пречките за поврзување и влез во оваа мрежа. Сеприсутните социјални медиуми создаваат нови транснационални групи и отвораат можности за манипулација од владини и невладини карактери.[11]

Денес, со помош на дигитализацијата народите се поврзуваат преку европскиот фудбал, кој ја зајакнува меката моќ на глобално ниво. Се поврзуваат со европската и американска мода, која секогаш е на насловната страница од секое светско списание, се поврзуваат и со американските филмови, кои се најблиски до целта, бидејќи ги опфаќаат сите досегашни точки, како: храна, музика, мода, вредности, при што голем плус им е јазикот. Во однос на јазикот, може да ја споменеме и музиката која, заедно со филмот, дава идеална слика за европските и американските општества, па тие со години се на врвот на посетени и посакувани земји.

10 https://en.wikipedia.org/wiki/Soft_power

11 Прочитај повеќе на: https://dubaipolicyreview.ae/soft-power-2-0/

Меката моќ отсекогаш била клучен елемент на лидерството. Моќта да привлечете и да ги натерате другите да го сакаат она што го сакате, или планирате, ги има своите корени низ целата човекова историја. Вештите лидери отсекогаш разбирале дека привлечноста произлегува од кредибилитетот и легитимноста. Силата никогаш не течела единствено од цевката на пиштолот. Кога Соединетите Држави не посветуваа доволно внимание на прашањата на легитимноста и кредибилитетот за начинот на кој ја спроведоа својата политика кон Ирак, анкетите покажаа драматичен пад на американската мека моќ. Тоа не ги спречи САД да влезат во Ирак, но тоа значеше дека трошоците во крв и богатство двојно се зголемија.[12]

Втората идеја на меката моќ е застапена во земјите кои не зафаќаат значајна површина, или земји кои се навлезени во спор, конфликт или, едноставно, имаат негативни мисли кон некој од останати народи во светот. Често се зборува за: постконфликтни региони, долгогодишни спорови и историски недоразбирања. И во овој дел зборуваме за меката моќ, чија карактеристика е тоа што таа користи различни средства и нуди можности и привлечни вредности кои се есенцијални за здружен свет.

Од оваа гледна точка, кога главните вредности се мир и соработка, секогаш може за зборуваме за Организацијата на обединетите нации и УНЕСКО. Максимата на УНЕСКО гласи: „Бидејќи војните започнуваат во мислите на човекот, во мислите на човекот треба да започне конструкцијата на мирот". Тоа, всушност, е и највисокиот идеал на меката моќ – прифаќање од другиот. Останатото што следи се само позитивни и пожелни појави.

Нетрпеливоста која го гуши слободното битисување на другиот е глобален проблем. Иако во идејата за меката моќ се опфатени повеќе сфери на дејствување, најистакната е културата, односно пренесувањето на: вредности, идеи и јазици најчесто преку: книжевноста, уметноста, музиката и спортот. Културата се гледа како средство за зближување на народите и претставува една од првите инструменти за ширење на меката моќ. Културната мека моќ често се заменува со терминот културна дипломатија која, исто како и меката моќ, се стреми да поттикне размена на идеи, промовира знаење и запознавање на други култури кои ќе создадат: нови

12 Прочитајте повеќе на: https://www.e-ir.info/2014/05/14/the-effectiveness-of-soft-hard-power-in- contemporary-international-relations/

можности, иновации, разговори и, секако, мир. Меката моќ која се потпира врз економски бенефиции е важна, но особено значење се дава на меката моќ која има за цел да помири два или повеќе меѓусебно гневни народи. Низ историјата се покажало дека, иако можеби војната со децении е завршена, усните преданија, јавните навреди и загорчените емоции можат да бидат клучен непријател во заедничкото живеење. Особено Балканот е пример на разбранувани струи, дволични политики и меѓусебна нетрпеливост.

Програмата на УНЕСКО е одличен пример за постепено прифаќање на другите, дури и во постконфликтни општества, како, на пример, Мостар во Босна и Херцеговина. Тоа е пример кој на сите на Балканот ни е близок или барем познат. Со децении, УНЕСКО ја поддржуваше обновата и реконструкцијата на градот, како и помирувањето меѓу населението. За да се надмине овој јаз, разурнатите општества мора да ја искористат моќта на културната размена за да промовираат развој кој е добредојден, прифатлив за сите. Со таа цел, предводена од УНЕСКО, беше и реконструкцијата на урнатиот мост, кој денес е симбол за соживотот.

УНЕСКО користи и нормативни алатки, односно поттикнува интернационални партнерства со цел намалување на криминалот преку организации, како ИНТЕРПОЛ, но исто така, и меѓународната соработка во културата и уметноста. Денес можеме да зборуваме и за Конвенцијата за светското наследство, која ги охрабрува народите за зачувување на нематеријалното наследство и негова промоција кај другите народи.

Преку својот фонд International Fund for Cultural Diversity, УНЕСКО се труди да овозможи еднаков проток на културни добра и услуги преку своите програми за градење на капацитети, кои вклучуваат различни обуки и работилници. Интеркултурната промоција и почитувањето на различностите се нашите најмоќни алатки за заштита на наследството и промовирање на помирувањето. Денес, глобалната трговија со креативни добра е двојно зголемена. Културните и креативните индустрии претставуваат околу 3% од глобалниот БДП и отвориле 30 милиони работни места.

УНЕСКО се обидува да ја поддржува културата со посебно одбележување на значајни дејности. Пример за тоа е прогласувањето на Меѓународниот ден на џез музиката. Секоја година, на 30 април, музичари и љубители на музиката од целиот свет се здружуваат за

да ја прикажат својата пасија, секој на свој начин, со придонес од своето поднебје. Промовирањето на мобилноста на уметниците, особено од глобалниот југ, е ефективно средство за поттикнување на меѓукултурното разбирање и на економскиот развој.[13]

### Потенцијалот на меката моќ од Македонија

Република Северна Македонија е земја во централниот дел на Балканскиот Полуостров, независна од 1991 година. Што значи независноста? За некои – афирмација на историските пориви за создавање на своја политичка творба. За други, пак – ослободување од рамките на некоја друга констелација. Но, всушност, што значи независноста за еден човек и граѓанин?

Поимот нација се јавува во големите политички процеси на 19 век. Претставува кристализирање на сите елементи на одреден ентитет кој живеел на одредена територија. Ги опфаќа: јазикот, културата, фолклорот, менталитетот, религијата, традицијата, музиката, храната и безброј други обележја кои за секоја нација се различни и уникатни. Формирањето на сите овие обележја дава уникатна шанса за нивна промоција, како и за вмрежување и привлекување на можности, врз основа на сите елементи на нацијата, кои може да бидат предмет на меката моќ.

Република Македонија таа предиспозиција ја имала во рамките на поранешната Југословенска федерација, меѓутоа вистинската шанса ја добива по 8 септември 1991 година. Иредентистичките пориви и ставови ги предизвика фактот за неуспехот на македонскиот развој заради неповолната географска положба и измената на некои историско-етнички граници. Меѓутоа, постои и друга земја која спаѓа во европскиот регион, која не „излегува на море", која е крстопат на многу земји, а е синоним за успех и прогрес – Швајцарија. Како моделот на Швајцарија е поуспешен од македонскиот, ако и двете земји имаат „неповолни" географски услови и околности?

Неколку структурални елементи од нашето општество, навидум „наивни", доколку се овозможи нивен подинамичен развој, инвестирање, негување и афирмација, можат да бидат клучни за дипломатски успех и да спаѓаат во категоријата на мека моќ.

13 Прочитајте повеќе на: http://www.unesco.org/culture/culture-sector-knowledge-management- tools/11_Info%20Sheet_Soft%20Power.pdf и http://www.unesco.org/new/en/media-services/single- view/news/unesco_a_key_actor_in_the_soft_power_agenda/

## Култура

За општество кое е прилично склоно кон негување на традиционалните вредности, можностите во културата се бескрајни. Постоењето на разни: организации, културно-уметнички друштва, игроорни и музички ансамбли, хорови, и слично, се добар канал на пренесување на традицијата и народното творештво на еден префинет начин и вистински амбасадор на македонскиот бренд. Може да бидат исклучиво влијателни во региони кои имаат слични обичаи, претежно во словенски земји. Кинематографијата и поддршката на некои локални и домашни продукциски куќи, може да произведат продукти кои би имале светска публика. Постоењето на дузина вакви филмови и серии во македонска продукција се доказ за големиот потенцијал за успех на ова поле.

Мултикултурализмот, кој има историски наратив од времето на Отоманската империја, до ден денешен, е карактеристика на општеството, која го прави отворено.

## Музика

Освен македонската народна музика, модерните компонирани дела и преработки, го прават мостот на традиционалните вредности и модерноста, оставаат точка во глобализацијата на културата, во која може да се препознае и пронајде Македонецот. Освен тоа, развојот на ова поле може да придонесе за заинтересираност на светски музички куќи, а во краен степен и за формирање на македонски бренд на музичка/издавачка куќа, која би ја направила македонската музика „конкурентна“ на светскиот пазар.

## Туризам

Иако малку поексплоатирано поле во комерцијална смисла, сепак, постојат уште можности туризмот да биде клучот на дипломатијата. Богатото мени на: локации, локалитети, водопади, мали езера, реки и мостови, планини и планински масиви, шуми и долини, со активности, како: планинарење, селски туризам, рекреација и зимско скијање, го привлекуваат окото на туристот, но и многу други фактори. Веќе познатите туристички места во државава се само „врвот на мразот“ на туризмот.

Со промоција во ова поле, може да се стигне и до: привлекување на странски инвестиции, локален инфраструктурен и економски

развој, како и издигната свест за конзервација, здрава животна средина и едно мултидисциплинарно култивирање на екосистемот.

## Јазик

Македонски творби се имаат распослано во сите познати светски литературни правци. Придонесот на творците во периодот на: создавањето на словенската писменост, црковнословенското наследство, просветителството, учебникарството и преродбата, македонскиот романтизам, литературата околу светските војни, социјалниот реализам и постмодерниот период, даваат значаен продукт и печат на сиот овој развој на една жива материја, како што е јазикот.

Исто така, придонесува за создавање на уникатна македонска филозофија со свој белег во светската литература. Големи можности овозможува соработката на полето на јазикот со земјите во кои има македонско малцинство, како и во земји во кои може да го промовира изучувањето на македонскиот јазик, како странски јазик.

Создавањето на информатички алатки, адекватен превод на Интернет услугите, понуда на превод на голем број на дигитални апликации, синхронизација на македонски јазик, прилагодување на многу странски зборови кои немаат превод на македонскиот јазик, се исклучително битни чекори во оваа ера на глобализацијата.

## Наука

Нашето општество продуцира потенцијал и во областа на науката. Има голем број млади луѓе кои се заинтересирани и сакаат да работат, или да го унапредат своето знаење, во научни полиња кои не се доволно застапени во нашата земја. Отворањето на научни центри може да привлече млади од целиот регион.

Сегашниот искусен кадар во оваа сфера може да генерира соработка со колеги од странство. Ваквиот чекор, во крајна смисла, може да придонесе за создавање општество со самоодржлив развој и поволни услови и можности за живеење и со висок животен стандард.

## Спорт

Иако навидум станува збор за поле кое нема допирна точка со дипломатијата и меѓудржавните односи, спортот, исто така, е една сериозна алатка на меката моќ. Преку: спортски натпревари,

размени, соработки, се унапредува спортскиот потенцијал и влијанието на нашите спортски претставници. Дури и да не продуцира успех на полето на спортот, доволна е само промоцијата на македонското име, или спонзорите на репрезентациите. Тука не станува збор само за можноста за привлекување на директни или индиректни инвестиции во спортот.

Дополнително, спортот, во рамките на меката моќ, може да има влијание и на надворешен и на внатрешен план. Градењето на мирот, бодрењето на духот на нацијата, можат да бидат постигнати преку механизмите на спортската дипломатија и политиката: тимска работа, градење на платформа на дијалог, градење на доверба, помирување, интеграција и антирасизам.[14]

### Уметност

Полето кое бара когнитивна комуникација, било да станува збор за уметнички слики, проза или поезија, создава вистинска „харизматична“ слика за една држава. Природно-историски, религиски артефакти, голем број на културно-историски споменици, како и новосоздадени „лични“ творби кои учествуваат во таа визуелна демонстрација, се емитувачи на значајни дипломатски сигнали кон светот, иако резултатите од нив се тешко мерливи. Уметноста може да се „справи“ со теми како, социјална правда, политичка автономија, без, притоа, да делува како пропаганда.[15]

Колоритноста и шарите на македонската традиција, користејќи го сето тоа како визуелен симбол, со модерни дизајнерски методи, може да израснат во препознатлив македонски бренд и „печат“ на македонската култура.

### Граѓански сектор

Влијанието и динамиката на јавното мислење, како и ставовите и перцепциите на јавноста, можат да дојдат директно од третиот сектор. Имено, голем број на невладини организации може да дадат свој придонес во носењето на јавни и други политики во други земји. Степенот во кој може некоја невладина организација да искомуницира некоја порака со пошироката јавност, некои дури го сметаат за мета – мека моќ.

14 Soft power at home and abroad: Sport diplomacy, politics and peace-building

15 How Art Can Operate as Soft Power

„Меката моќ, може лесно да стане флоскула. Во реалноста значи кумулативен, долгорочен фонд на национални средства – морални и културни, кои создаваат предиспозиција луѓето да ја следат земјата“. Секој од овие сегменти, на свој начин може да придонесе за развојот и позицијата на Република Северна Македонија.

Многу мали држави, кои немаат големо влијание во светската политика или во тврдата моќ, заради тоа што ги немаат капацитетите, историски се развиле во земји и во центри кои продуцираат вредности преку меката моќ. Дури, овие земји во некои сфери имаат поголеми успеси во нивните надворешно-политички стратегии, отколку земјите кои се служат со својата сила или финансии.

# ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

АНАМАРИЈА ДАНЕВСКА

**ТАЖНА Е РЕАЛНОСТА ДЕКА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО Е РАСПРОСТРАНЕТА, КАКО НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ, ТАКА И ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, И ИМА МНОГУ ФОРМИ. ГИ КРШИ ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ГИ ПОГОДУВА И КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ, ЗАСНОВАНИ ВРЗ ТЕМИ, ВКЛУЧИТЕЛНО: ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ЗДРАВСТВЕН СТАТУС, ШТЕТНИ СТЕРЕОТИПИ И ДРУГИ ПРЕДРАСУДИ И ПРАКТИКИ.**

Прашањето на квалитетот на здравствена заштита претставува мошне широк и сеопфатен концепт, па оттука и причините заради кои досега се анализирани и истражувани само одделни аспекти од ова право, како и неговата поврзаност и ефектуирање на различни нивоа на здравствена заштита. Најчестите прашања кога станува збор за квалитетот на здравствената заштита, секако, се однесуваат на: пристапноста, достапноста и континуитетот на здравствена заштита, клиничката ефективност, сигурноста и безбедноста на пациентот, задоволството на корисниците од услугите, пристапот до информации, и друго.

Кога се зборува за здравствената заштита, припадниците на маргинализираните групи укажуваат на најразлични повреди на нивните права како пациенти. Здравствените нееднаквости вклучуваат повеќе од нееднаквост во однос на здравствените детерминанти, пристап до ресурсите потребни за подобрување и одржување на здравствената заштита или здравствени исходи. Притоа, исто така, завршуваат со неуспех напорите да се избегнат или да се надминат нееднаквостите што ги нарушуваат правилата и нормите за човекови права.

Намалувањето на здравствената нееднаквост е важно затоа што здравјето е основно човеково право и неговото прогресивно

остварување ќе ги елиминира нееднаквостите кои се резултат на разликите во здравствениот статус, односно во можноста да уживаат во животот и да ги следат нечии животни планови. Заедничка карактеристика за групите кои имаат здравствени нееднаквости е недостатокот на: политичка, социјална или економска моќ. Така, за да бидат ефективни и одржливи, интервенциите што имаат за цел да го надминат овој вид нееднаквости, обично треба да значат отстранување на одредена здравствена нееднаквост и да помогнат во зајакнувањето на соодветната група преку системски промени, како што се реформа на законот или промени во економските или социјалните односи.

Целта на овој текст е да се опфатат различните видови нееднаквости во здравствениот систем во однос на маргинализираните групи, како што се: ромската заедница, корисниците на дрога, лицата што живеат со ХИВ и сексуалните работници, како и препреките на кои тие наидуваат во остварувањето на своите права како пациенти.

### Ромите – најмаргинализирана и најсиромашна етничка заедница – од периферијата

Според пописот од 2002 година, во Република Македонија живеат 53.879 припадници на ромската етничка заедница, што претставува 2.66% од вкупната популација.[1] Во однос на факторите кои влијаат врз нивното здравје и благосостојба, во извештајот од Студијата за ранливоста,[2] подготвена од страна на Програмата за развој при ОН (УНДП) стои дека:

- Од Ромите мажи, 22%, и од жените Ромки, 39%, немаат никакво или имаат нецелосно образование (споредено со 8% од неромското население кое живее во нивната близина);
- Од мажите Роми, 65%, и од жените Ромки, 83%, никогаш не биле вработени (во споредба со 50% од неромското население кое живее во близина на Ромите);

Ромите се сметаат за најмаргинализирана и најсиромашна етничка заедница што живее на периферните делови од населбите и поизолирано од останатите етнички заедници што живеат во Северна Македонија. Повеќето Роми се невработени и немаат постојан извор на средства за егзистенција. Живеат во повеќечлени

семејства, во супстандардни услови, во куќи со недоволен број простории.

Високиот процент на невработеност директно се одразува и врз животниот стандард на Ромите. Сиромаштијата со која се соочува оваа етничка заедница директно влијае и врз нивните можности за рамноправен пристап до законски гарантираните права на социјално и здравствено осигурување. Постојат бројни примери за Роми од населбата Шуто Оризари кои не одат на лекар затоа што немаат пари дури ни за превоз до лекарските ординации.

Во истражувањето спроведено од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ – ЕСЕ, може да се забележи дека мнозинството од испитаниците поседуваат здравствено осигурување (89.6%). Кога ќе се разгледаат одговорите на прашањето дали некогаш биле без здравствено осигурување, може да се забележи дека повеќе од 30% од испитаниците во минатото биле без овој вид осигурување. Речиси една третина од ромската популација нема континуитет во поседувањето на здравствено осигурување, што значи дека во одредени периоди не можеле да го остварат правото на здравствена заштита.

Сепак, остварувањето на правото на здравствена заштита на „помалиот" етнички колектив во земјава е разочарувачко. Уште поразочарувачко е што проблемите од оваа сфера редовно се пикаат под тепих. Недоволно се зборува за сопките на патот кон здравственото осигурување на Ромите, вакцинирањето на Ромчињата, како и за правата при унапредување на репродуктивното здравје кај Ромките. Низ болничките ходници паралелно ровари и прикриената дискриминација кон Ромите.

Истражувањата покажуваат дека Ромите имаат понеповолна здравствена состојба во однос на мнозинското население.[3] Здравјето кај оваа популација се карактеризира, пред сè, со повисока стапка на појава на хронични заболувања, како и пократок животен век за 10 години од останатото население. Дури 27% од мажите Роми и 31% од Ромките заболуваат од хронични заболувања. Загрижува и тоа што Ромите посетуваат лекар или лекар-специјалист само при хронични заболувања, во акутна фаза.

Според истражување реализирано во 2018 година, со релативно позитивни резултати, 97% од испитаничките посетиле матичен гинеколог во текот на последната бременост. Сепак, иако

бремените жени се ослободени од плаќање партиципација на сите нивоа на здравствениот систем, 80% од испитаничките се соочиле со наплата, што е противзаконски чин.

### Не се реализираат ниту скромните издвоени буџетски средства

Според податоците на „Извештај во сенка – Спроведувањето на Стратегијата за Ромите во Република Македонија во 2016 и 2017 година" – документ на Центарот за економски анализи – ЦЕА и Институтот за истражување и анализи на политики – „Ромалитико", бројот на здравствените медијатори за 2017 година е намален и значително изостанува од планираниот таргет за ангажирани 30 медијатори до 2020 година.

Според истиот документ, буџетските средства во Министерството за здравство за поддршка на имплементација на Стратегијата, не се реализираат целосно веќе неколку години. Процентот на реализација е 57%, при што постои можност да се ангажираат здравствени медијатори и во другите општини со ромско население.

Понатаму, во Република Северна Македонија основните услуги за третман на лица со нарушувања од употреба на дрога се нудат во специјализирани центри, во приватни ординации и, делумно, на Клиниката за токсикологија и ургентна медицина. Во некои градови во земјата, и покрај потребата, не се отворени специјализирани центри. Кадарот и обуката на дел од кадарот се недоволни. Третманот со бупренорфин е централизиран само во главниот град. Дел од граѓаните не можат да остварат право на лекување затоа што немаат потребни лични документи.[4]

Сервисите за лекување на злоупотреба и зависност од дроги се дизајнирани, главно, за лекување на опијатна зависност во вонболнички услови, а почетокот на лекувањето со метадон датира од 1979/80 година, во рамките на Психијатриска болница Скопје. Од 2005 година, па сè до денес, Министерството за здравство отвори уште 11 центри за превенција и третман на злоупотреба на дрога и зависност, од кои 9 во други градови во земјата, еден во Скопје и еден во затворот „Идризово" во Скопје, каде што третманот со метадон и претходно постоеше. Клиниката за токсикологија и ургентна медицина започна со лекување, главно, одржување со бупренор-

фин, од 2009 година. Долготраен третман за одржување на апстиненција од дрога се спроведува во тераписката комуна „Покров“, во Струмица.

Покрај ова, малолетните корисници на дроги немаат соодветна здравствена заштита, односно немаат пристап до лекување од зависност, пред сè, заради непостоење национална програма за лекување и третман на малолетните зависници од дроги.

Во дневните центри за лекување и справување со зависност не примаат лица под 18 години. Заради ова, единствена опција е Клиниката за токсикологија, каде што лекувањето е со бупренорфин. Но, за да се добие лекот, прво мора да се обезбеди психијатриска процена потпишана од педијатар. Проблемот е во тоа што Клиниката за токсикологија нема вработен психијатар кој може да ја направи процената, а од Психијатриската болница велат дека не можат да го направат тоа бидејќи не работат со лица под 18 години. Сето ова целосно го оневозможува лекувањето и третманот на малолетните корисници на дроги.

## Дискриминацијата – најголем проблем

Еден од најчестите проблеми со коишто се соочуваат лицата кои употребуваат дроги е дискриминацијата, особено кога станува збор за здравствена заштита и здравствените установи. Според истражувањето спроведено од Мрежа за заштита од дискриминација[5], две третини од корисниците на дрога имаат проблеми поврзани со правото на здравствена заштита. Како најчести проблеми, 38% од анкетираните изјавуваат дека доживеале дискриминаторски практики при давањето на здравствени услуги, како: навреди, омаловажување и вознемирување, а 25% имале тешкотии при изборот на матичен лекар. На 21% им било одбиено лекување при сериозни здравствени проблеми, како: преврска на рани, операција, или прием во болница.

Во 2018 година, од 46 документирани случаи на прекршување на правата на корисници на дрога, 18 се за повреда на здравствени права. Истражувањето наведува 11 случаи на недавање на здравствени услуги, два случаја на вознемирување при добивање на здравствени услуги и повеќе од 5 случаи на друг вид дискриминација во здравството.

Според Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција за 2019 година на Министерство за здравство[6], Македонија е земја со ниско ниво на ХИВ епидемија, но оваа болест е концентрирана кај клучните популации изложени на поголем ризик.

Во периодот од 2005, до 2017 година, најголемиот дел од активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации изложени на повисок ризик беа спроведувани од здруженија на граѓани со средства обезбедени од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија. Во овој период, со координирана поддршка на Министерството за здравство и Глобалниот фонд, се изградија значителни капацитети во јавно-здравствениот сектор за дијагноза и третман, како и капацитети на граѓанските здруженија за спроведување на активности за превенција на ХИВ кај клучните популации.

Почнувајќи од 2018 година, Министерството за здравство во целост ја презеде одговорноста за финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации.

Со цел да се постигне најмногу со вложените ресурси, потребни се: фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и, воопшто, на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги, претставуваат основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и одржување на ниско ниво на епидемијата на ХИВ во земјата.

Според Програмата, почнувајќи од 1987 година, заклучно со декември 2018 година, во Република Македонија се пријавени вкупно 403 случаи, а во истиот период се регистрирани 99 смртни случаи асоцирани со ХИВ. Трендот на нови ХИВ дијагнози е во пораст, а само во последните пет години се регистрирани 206 случаи или повеќе од половина од до сега регистрираните.

Како ресурси за лица што живеат со ХИВ, Центарот за јавно здравје нуди Советувалиште за ХИВ,  наменето за сите лица: на кои ќе им затреба совет и помош во врска со ХИВ/СИДА и кои сакаат да се тестираат на ХИВ инфекција; кои се изложиле на зголемен ризик од ХИВ инфекција; кои мислат дека се изложиле на зголемен ризик од ХИВ инфекција; инфицирани и заболени од ХИВ/СИДА и нивните

6 Достапна на http://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2019/02/2019-Programa-za-zashtita-na-naselenieto-od-HIV-infektsija.pdf

партнери и членови на семејства, како и за сите други лица кои сакаат да се информираат за прашања од областа на ХИВ/СИДА проблематиката.[7]

Покрај ова, Младинските центри „Сакам да знам" на Водно и Шуто Оризари нудат бесплатно тестирање за ХИВ, како и други сексуално преносливи инфекции.

На таа тема, од Здружението за поддршка на лицата кои живеат со ХИВ, „Заедно посилни", велат дека лицата, покрај шокот од сознанието дека се носители на вирусот, се соочуваат и со стравот од: стигматизација, дискриминација, прашањето за потребата од терапија и како може да се живее со вирусот. Истакнуваат дека кога едно лице со ХИВ инфекција има потреба од здравствена грижа надвор од Клиниката за инфективни болести, секојдневно се соочува со ситуации, како: недавање на здравствени услуги, одбивање на хируршки интервенции, навредлив однос, обелоденување на неговиот ХИВ статус пред трети лица без дозвола од пациентот, неоправдани мерки во здравствените институции.[8]

### Најголемиот дел од сексуалните работници сметаат дека законите и системот не се праведни и чесни

Кога станува збор за сексуални работници, полицијата ги третира како криминалци. На пример, неколку сексуални работнички се жртви на насилнички упад од страна на маскирани лица, кои провалуваат во нивниот стан, во јуни, 2011 година, при што дел од нив се здобиваат и со телесни повреди. По апсењето на жртвите на насилство, Министерството за внатрешни работи им соопштува на медиумите дека открила „дувло на проституција" и „бордел во стан", без да им соопшти на медиумите дека, всушност, полицијата била повикана во станот за да ги заштити сексуалните работнички од физичко насилство.

Со оглед на опишаната ситуација, во јануари 2000 година, ХОПС креираше сеопфатна програма за превенција на ХИВ/СИДА и СПИ меѓу сексуалните работници кои работат на отворено во Скопје, а подоцна и меѓу сексуалните работници во ромските населби во Скопје, како и сексуалните работници кои работат во затворен

7 http://www.cph.mk/mk/uslugi/hiv

8 https://www.alsat-m.tv/mk/157956/

простор. Во согласност со утврдените потреби на контактираните сексуални работници, кои постојните институции не можат да ги задоволат, ХОПС ги надгради своите услуги со воведување на услуги за: социјална, здравствена и правна поддршка, разви дроп ин центри за сексуални работници, започна програми, чија целна група се: клиенти на сексуалните работници, но и нивните семејства, партнери и деца, и континуирано работи на зајакнување на заедницата.

Владините и политичките авторитети не сметаат дека сексуалната работа треба да биде прашање за дискусија, освен можеби само како проблем на јавното здравје и превенцијата на ХИВ/СПИ, медиумите го третираат овој проблем само преку неговата поврзаност со криминалот и заради сензационализам, општата јавност е игнорантна и заинтересирана само за моралната перспектива, додека перспективата на човекови и работнички права е отсутна на сите нивоа.

ХОПС нудат услуги за превенција на ХИВ и сексуално преносливи инфекции и тестови, како и бесплатни кондоми, лубриканти и информации за заштита.[9] Покрај ова, ХОПС развиваат програма која опфаќа директна работа со сексуалните работници и нивните семејства на терен што се одвива на територијата на Град Скопје, како и во дневниот центар на ХОПС.

Во однос на здравјето, според едно истражување од ХОПС,[10] 42% од сексуалните работници се соочиле со проблеми при остварување на своето право на здравствена заштита. Здравствено осигурување немаат 13% од сексуалните работници, а 10% биле изложени на дискриминација при избор на матичен лекар. Кога станува збор за дискриминацијата, 38% биле изложени на дискриминација во здравствени установи и 7% биле одбиени од страна на здравствени работници. Заради одбиената здравствена нега, 7% се соочиле со сериозни здравствени проблеми.

Покрај тоа што често се обесправени кога бараат здравствени услуги, сексуалните работници, најчесто, немаат намера да се впуштат во правна постапка за остварување на своите здравствени права. Најчеста причина за избегнување на правна постапка е нивната целосна разочараност и недоверба во правосудниот систем на

9 https://hops.org.mk/uslugi-za-seksualni-rabotnitsi/

10 https://fosm.mk/wp-content/uploads/2019/09/Pravni-potrebi-i-pristap-do-pravda-za-lugje-to-koi-injektiraat- drogi-i-seks.rabotnici_istrazuvanje-2.pdf

Република Северна Македонија, со тоа што 72% од сексуалните работници сметаат дека законите и правниот систем не се праведни и чесни.

Дискриминацијата се спротивставува на глобалните заложби за постигнување универзално здравствено покривање и цели за одржлив социјален развој. Ги поткопува инвестициите во здравствените системи, ги одвраќа луѓето од пристап или да бараат здравствени услуги, ги делат, ослабуваат и ги лишуваат луѓето од основното достоинство.

### Дискриминацијата во здравството ги крши основните човекови права

Поединци кои доживеале дискриминација во минатото може да бидат повеќе неподготвени да бараат здравствена заштита, бидејќи може да ја доживеат како можност за зголемен ризик од дискриминација. Ова може да биде особено точно за оние кои доживеале дискриминација во самата здравствена заштита.

Искуствата со дискриминација во рамките на здравствената заштита може да имаат негативен ефект врз довербата и задоволството на поединците од здравствениот систем, зголемувајќи ја веројатноста за одложување или претходна барање за нега. Понатаму, индивидуите кои комуницираат со здравствениот систем најчесто може, едноставно, со поголема изложеност на околината – да доживеат дискриминација во здравствената заштита и, следствено на тоа, да ја одложат или да се откажат од неа.

Дискриминацијата влијае и врз социјалните детерминанти на здравјето. За многу луѓе, интеракцијата со здравствениот систем е нивната единствена врска со државната институција, директно обликувајќи го нивното непријатно искуство и служат за зајакнување на нивната исклученост од општеството.

Тажна е реалноста дека дискриминацијата во здравството е распространета, всушност, како и во целиот свет, така и во Република Северна Македонија и се манифестира низ многу форми. Ги крши основните човекови права и ги погодува и корисниците на здравствени услуги и здравствените работници. Тоа се прави врз повеќе основи, вклучително и заради: етничката припадност, здравствениот статус, штетните стереотипи, и други предрасуди и практики.

# УЛОГАТА НА ПРЕВЕНТИВНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МЕЛАНИ САВЕВСКА

**МИСИЈАТА НА УНПРЕДЕП СЕ ПОКАЖА КАКО: ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР ЗА ЕДЕН СОВРЕМЕН ПРИСТАП КОН ПРЕВЕНЦИЈА НА КОНФЛИКТИ И СОЗДАВАЊЕ ПОГОДНА ПОЧВА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО, ПРОМОЦИЈА И ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА, ГРАДЕЊЕ ДОБРОСОСЕДСКИ ОДНОСИ, РАЗВОЈ НА МЕЃУПАРТИСКИ ДИЈАЛОГ И ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ КРИМИНАЛ**

Во овој есеј ставам акцент на превентивната дипломатија како средство за да го разреши спорот помеѓу страните пред тој да прерасне во насилство. Превентивната дипломатија вклучува: дипломатско, политичко, воено, економско и хуманитарно делување на: влада, мултилатерални организации, регионални организации, невладини организации и други меѓународни агенции, со основни заеднички цели: спречување спорови и судири меѓу државите, спречување ескалација на спорови и судири во вооружени конфликти, лимитирање на интензитетот на насилството кои произлегуваат од конфликтите, спречување и совладување на хуманитарните кризи, иницирање мерки кои водат до евентуално решавање на кризите и конфликтите. Оттука, превентивната дипломатија, по пат на преговарање, се занимава со решавање на поединечни прашања пред тие да станат проблем и со решавање проблеми пред тие да ескалираат во вооружен судир.

Постои дистинкција меѓу превентивната дипломатија од останатите видови дипломатска акција, заради вклучувањето во: градењето мир (peacebuilding), одржувањето мир (peacekeeping) и создавањето мир (peacemaking). Притоа е значајно да се има предвид дека разликата која постои меѓу превентивната дипломатија и т.н. обична дипломатија, се гледа, пред сѐ, во фактот што превентивната дипломатија има активен а не реактивен пристап.

Според тоа, превентивната дипломатија делува во ситуација пред да се случи „ескалација на криза" која, пак, може да го загрози мирот. Со други зборови, содржината на превентивната дипломатија е амбициозна и нејзината акција е многу побрза отколку акцијата на т.н. обична дипломатија и, според мое мислење, таа повеќе треба да се применува. Превентивната дипломатија има посебно место во современите меѓународни односи. Таа претставува активност која е тесно поврзана со мултилатералната дипломатија и која, истовремено, бара поврзување на различни надворешно-политички инструменти и методи.

## Се вложуваат големи напори да се изгради моќен превентивен концепт

Спречувањето на некоја штетна појава е проблем кој е присутен насекаде во светот. Од тие причини, на планот на превенција се вложуваат многу големи напори со цел да се изгради еден моќен превентивен концепт. На ова поле посебно се истакнува Организацијата на обединетите нации (ООН), како меѓународна организација која има направено многу за превенцијата и сè уште работи на неа.

За да можеме да ја осознаеме и потврдиме улогата што ја има ООН на планот на превенцијата, подетално ќе се задржам на превентивната мисија на ООН во Македонија под името – УНПРЕДЕП. Преку детална разработка на активностите кои ги преземале силите на Обединетите нации (ОН) за време на присуството во Македонија, ќе може да се види улогата на ОН при превенција на конфликтите. Мисијата на УНПРЕДЕП може да се смета како прв позитивен пример на ОН за спречување на конфликти.

Превентивната дипломатија е акција за да се спречат несогласувањата меѓу партии, да се спречи постоечки спорови да ескалираат во конфликти и да се ограничи нивно ширење кога ќе се појават. Мајкл С. Лунд, автор на: „Спречување на насилни конфликти: стратегија за превентивна дипломатија", ја идентификува како „акција преземена во ранливи места и времиња за да се избегне закана та или употребата на вооружените сили и сродни форми на принуда од страна на држави или групи, да ги реши политичките спорови што можат да произлезат од дестабилизирачките ефекти од: економските, социјалните, политичките и меѓународните промени".

Од крајот на Студената војна, меѓународната заедница преку меѓународни институции се фокусира на превентивна дипломатија. Откако Обединетите нации и регионалните организации, како и глобалните и регионалните сили ги откриле огромните трошоци кои се прават за справување со конфликтите, се јавува силна заедничка перцепција за добронамерноста на превентивната дипломатија. Активностите на превентивна дипломатија може да бидат имплементирани од страна на ООН, регионални организации, мрежи на невладини организации (НВО) и поединечни држави.

Еден од примерите за превентивна дипломатија е мировната мисија на ОН во Македонија (УНПРЕДЕП) во периодот 1995-1999 година. Ова беше прва превентивна акција на Светската организација. Превентивните мерки вклучуваат: рано предупредување на конфликти, утврдување на факти, мерки за градење доверба, рано распоредување, хуманитарна помош и демилитаризирани зони. Опсегот на активностите на ЕУ во Мјанмар обезбедува единствена студија на случај за превентивна дипломатија во регионот на АСЕАН.

Терминот ги опфаќа: преземените дејствија за да се спречат несогласувањата меѓу страните, да се оневозможи постојните спорови да ескалираат во конфликти и да се ограничи ширењето, ако тие се појават. Таа вклучува директна примена на повеќе методи од типот на: дипломатија, преговори, истрага, медијација и помирување, како и активности кои се дизајнирани индиректно да го намалат ризикот од конфликт со справување со структурните причини. Превентивната дипломатија од ООН се применува, како за внатрешни, така и за меѓудржавни конфликти. Има настојување во рамките на АСЕАН, употребата на Регионалниот форум на оваа асоцијација да се ограничи на конфликти меѓу државите.

Според Хамаршелд, терминот „превентивна дипломатија" се употребува во врска со оние случаи каде што може да се рече дека првобитниот конфликт е резултат на создаден вакуум на моќ меѓу главните блокови, или онаму каде што постоеше ризик од такво нешто. Според Хенрих Сокалски, пак, оваа дефиниција е рамковна и загуби голем дел од својата легитимност по завршувањето на Студената војна и со слабеењето на кризата меѓу суперсилите, односно меѓу нивните застапници.[1]

Мислењата за улогата на УНПРЕДЕП се различни, во зависност од очекувањата на субјектите. Македонија беше првата земја која

ја имаше можноста на нејзината територија да биде стационирана мисија од ваков вид, односно превентивна мисија. Мисијата на УНПРЕДЕП покажа дека под одредени услови превенцијата може да успее. Присуството на УНПРЕДЕП во Македонија имаше индиректно влијание врз паралелните меѓународни иницијативи за унапредување на односите меѓу Македонија и нејзиниот јужен сосед Грција.

## Мисијата на УНПРЕДЕП – модел за превентивно распоредување и дејствување

На 18 март 1994 година, поранешниот американски претседател Бил Клинтон го назначил Метју Нимиц за специјален пратеник за Македонија. Нимиц, во рамките на својот мандат повеќе пати ги посетил Скопје и Атина, дејствувајќи на начин карактеристичен за шатл-дипломатијата. Двете страни разговарале и предлагале различни предлози и решенија околу името, како и за пошироките грчко-македонски односи. Истовремено и високиот американски функционер, Сајрус Венс, бил многу активен во рамките на својот мандат во Обединетите нации. Во ноември 1994 година, грчките преговарачи се согласиле да дискутираат за „мал пакет" билатерални иницијативи кои го исклучувале прашањето за името. Веќе на 1 август 1995 година, американскиот државен секретар, Ричард Холбрук, објавил дека е постигнат напредок во грчко-македонските односи.

На 13 септември 1995 година, Македонија и Грција ја потпишале Привремената спогодба која ги опфаќа следниве области: пријателски односи и мерки за градење доверба меѓу двете земји, човекови и културни права, меѓународни и регионални институции, и договорни односи. Како дополнителен гест на добра волја, Македонија унилатерално ги укина визите за грчките државјани. Односите на Македонија со Грција беа многу проблематични, бидејќи од самиот почеток Грција настојуваше да ја изолира Македонија на меѓународен план. Меѓутоа, Грција на тој начин ја испушти можноста да биде земја која ќе дава значаен придонес за регионалната соработка на Балканот.

Но, денес, конечно е решен овој триесетгодишен спор со потпишување на Преспанскиот договор и со кој, конечно, се подобрија односите меѓу Република Северна Македонија и Република Грција. Но затоа, пак, денес имаме проблем со Бугарија која има апсурдни

барања за решавање на споровите меѓу двете земји. Што се однесува до западниот сосед на Македонија – Албанија, односите меѓу овие две држави се подобриле како резултат на напорите на УНПРЕДЕП. Во декември 1997 година, тогашниот македонски министер за надворешни работи, Благој Ханџиски, ја посетил Тирана и потпишал шест билатерални договори, од кои четири се однесувале на регулирање на граничниот режим, а два на економската соработка. Договорите околу границата овозможиле да се намалат тензиите по нејзината цела должина, преку спречување и решавање на граничните инциденти, а бил изменет и визниот режим, при што биле намалени цените на визите. Интензивните соработки продолжиле и понатаму и, набргу потоа, за првпат во Македонија допатувал еден премиер на Албанија – Фатос Нано. И тогаш биле склучени осум договори за заемна соработка, кои се однесувале на: судството, финансиите и царината. На тој начин се интензивирале средбите и соработката на министерско ниво меѓу двете земји.

Во однос на нашиот северен сосед, Србија, како резултат на иницијативите на УНПРЕДЕП, преземени во текот на неговиот мандат, можеа да се забележат извесни промени во односите меѓу двете земји. Иако во почетокот на мандатот ситуацијата не беше добра, неизбежно беше да се забележи дека постои напредок во односите меѓу тогашната Сојузна Република Југославија и Македонија. Сè почесто до израз доаѓаше мирољубивата соработка и проширената комуникација, која полека, но сигурно, придонесуваше за надминување на споровите од минатото. Меѓутоа, потребно е да се напомене дека и покрај тоа што односите меѓу овие две земји се подобрени за разлика од периодот по осамостојувањето на Македонија, опасноста не е искоренета во целост. Особено треба да се напомене неповолната ситуација во периодот кога не се продолжи мандатот на УНПРЕДЕП.

Улогата на мисијата на УНПРЕДЕП може да се оцени како позитивна. Сите активности кои се преземени за време на нејзиниот мандат придонесоа за мир во земјата и стабилност на регионот. Бројните состаноци направени на различно ниво, зборуваат за искрените намери на ООН за воспоставување на трајна соработка меѓу повеќе земји. За една држава да може да функционира мора да има воспоставено добри соседски односи. Имајќи предвид дека Македонија наидуваше на тешки проблеми на тоа поле, неизбежна

беше потребата од фактор кој ќе придонесе за подобрување на меѓусоседските односи, за промовирање на соработка и претставување на новата држава.

Во времето на своето осамостојување, Македонија, како нова држава, беше релативно нестабилна и се наоѓаше на самиот почеток на формирање на сè што е потребно за да може една држава да прерасне во функционална држава која ќе стои на цврсти нозе. Се разбира дека тоа ниту е едноставно, ниту се постигнува преку ноќ. Затоа беше потребно да се вложат големи напори. Македонскиот претседател, Киро Глигоров, свесен за тоа, побарал помош од ООН. Залагајќи се за зачувување на мирот и стабилноста, ООН воспостави и испрати превентивна мисија на територијата на Македонија.

Ова покажа дека, и покрај тоа што Македонија во тој момент не беше членка на ООН, тоа за нас претставуваше голем успех, а од друга страна, се потврдија заложбите на Обединетите нации за превентивно дејствување. Мисијата на УНПРЕДЕП претставуваше витален фактор за унапредување на стабилноста во регионот. Оваа мисија треба да послужи како пример за успех на мировните операции на ОН. Мисијата на УНПРЕДЕП претставува модел за превентивно распоредување и дејствување и треба да послужи како инспирација за ОН при решавање на разни кризни ситуации во почетните фази, во различни делови во светот.

Вредноста на мисијата на УНПРЕДЕП не се цени само во однос на нејзината воена компонента и набљудувањето на границата, туку и врз основа на нејзините цивилни активности насочени кон подобро разбирање меѓу различните етнички групи во државата. Првична оцена за достигнувањата на УНПРЕДЕП треба да биде тоа што основната цел за која беше воспоставена мисијата беше остварена, односно УНПРЕДЕП успеа да го спречи прелевањето на насилните конфликти од другите делови на Југославија во Македонија и регионот.

Некои набљудувачи сметале дека мисијата на УНПРЕДЕП не ги заслужува сите овие комплименти. Ваквиот став се заснова врз мислењата дека мисијата на УНПРЕДЕП имала повеќе негативни работи, отколку позитивни. Тука се спомнуваат следниве мислења: дека мисијата на УНПРЕДЕП немала моќ да влијае врз посериозните настани на внатрешен план во земјата, дека била премногу блиска со Владата и дека контингентите со мешани трупи кои ги замениле

американските војници, наводно, биле „често отворено антиалбански настроени“.

Меѓутоа, ваквите обвинувања не се основани, од причина што мисијата на УНПРЕДЕП дејствувала во оние рамки кои беа договорени со македонската Влада и нема место за критики дека силите на ОН немале влијание врз некои посериозни настани во земјата. Дека мисијата на УНПРЕДЕП била премногу блиска до македонската Влада, треба да се гледа од позитивната страна, а не да се третира како негативност. Тоа покажува дека интензивната соработка меѓу политичката гарнитура на власт и претставниците на ОН била неопходна за мисијата да ги оствари своите цели, а со тоа и да биде успешна.

## Превентивната дипломатија – алатка за спречување на ескалација на конфликти

Во текот на шесте години додека дејствуваше, мисијата на УНПРЕДЕП ѝ помагаше на Македонија да ја зајакне својата позиција во меѓународни рамки, поддржувајќи го процесот на нејзиното созревање. Мисијата на УНПРЕДЕП имаше зајакната улога и на внатрешен план, т.е. стана симбол за поттикнување на дијалог меѓу политичките партии. Додека беше присутна мисијата на УНПРЕДЕП, Македонија направи чекор напред во изградба на плуралистичка политичка арена и политичка култура, засновани врз демократските принципи на граѓанското општество. Безбедносната клима по должината на границата на Македонија значително беше подобрена за време на мисијата на УНПРЕДЕП, а првите два столба не само што цврсто и симболично ја поддржуваа сувереноста на Македонија, туку придонесоа неколку цврсти билатерални иницијативи на извесен начин да ги кодификуваат сличните заложби на меѓународната заедница за почитување на принципот на неповредливост на границите.

Наглото прекинување на мисијата на УНПРЕДЕП, се разбира, негативно се одрази врз зацртаните активности во градењето на мирот. Спречувањето на конфликти, преку мисијата на УНПРЕДЕП, се покажа како акција која е многу поевтина и поефикасна. Конфликтите кои не се спречени во раната фаза, резултираат со голем број жртви и поголеми материјални трошоци. Затоа, превентивната операција на ОН во Македонија треба да послужи како инспирација за

меѓународната заедница во насока на натамошно проширување на превентивни концепти, односно на нивната практична примена.

Во овој есеј може да заклучиме дека ефикасноста на превентивната дипломатија се гледа преку дефиницијата дека таа е акција за спречување спорови кои можат да произлезат меѓу држави или меѓу политички партии, како и спречување на ескалација на конфликтите. И на крај, мисијата на УНПРЕДЕП се покажа како позитивен пример: за еден современ пристап кон превенција на конфликти и создавање погодна почва за градење на демократско општество, промоција и почитување на човековите права, градење добрососедски односи, развој на меѓупартиски дијалог и преземање на мерки за откривање и спречување на транснационалниот криминал.

# ПОЧЕТОЦИТЕ НА МОДЕРНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И СУВЕРЕНИТЕТОТ ДЕНЕС

ГОРАН ЛЕФКОВ

**МИРОВНИОТ ДОГОВОР ОД ВЕСТФАЛИЈА, ВО 1648 ГОДИНА, ДОНЕЛ НОВ ПОЛИТИЧКИ ПОРЕДОК ВО ЕВРОПА. СО ВОВЕДУВАЊЕТО НА ПРИНЦИПОТ НА СУВЕРЕНИТЕТ, НА ВЛАДИТЕ НА ДРЖАВИТЕ ПРЕКУ ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ЗАКОН ИМ БИЛО ЗАБРАНЕТО ДА СЕ МЕШААТ ВО ВЛАДИНИТЕ И ДРЖАВНИТЕ РАБОТИ НА ДРУГА ДРЖАВА, ВО СПРОТИВНО СЛЕДУВАЛА КАЗНА**

Вестфалскиот мир претставува серија мировни договори потпишани меѓу мај и октомври 1648 година, во Оснабрик и Минстер, со што бил ставен крај на „Триесетгодишната војна“. Овој Мировен договор има огромно значење бидејќи со него почнува имплементирањето на систем на суверени држави и воспоставувањето на нови меѓународни односи. За да разбереме зошто овој Договор е потпишан и зошто се направени промени во меѓународните односи, треба да ја анализираме причината за самиот Договор, како и за тоа какви биле меѓународните односи и околности пред, и по неговото потпишување.

„Триесетгодишната војна“ претставува религиозен конфликт меѓу католиците и протестантите во Европа, кој почнал во 1618, а завршил во 1648 година. Оваа војна била со огромни деструктивни размери, со над 8 милиони жртви.

Војната започнала во 1618 година како регионален конфликт меѓу протестантите и римокатолиците на територијата на Кралството Бохемија, во рамките на Светата Римска Империја, но наскоро се вклучиле и војските на: Хабсбуршката монархија, Кралството Англија, Кралството Франција, Кралството Холандија, Кралството Шпанија и Кралството Шведска. Поточно, конфликтот почнал кога римокатоличкиот бискуп на Прага уништил неколку

протестантски цркви. Протестантите од Бохемија барале од императорот на Светата Римска Империја да го разреши ова прашање, но неговата интервенција не ги задоволила нивните барања, а војната почнала кога протестантите од палатата на императорот во Прага, преку прозор ги исфрлиле министрите на императорот. Потоа, го собориле римокатоличкиот крал на Бохемија и го назначиле Фредрик како нивен избран владетел.

Римокатоличкиот император, Фердинанд Втори, од династијата Хабсбург, со Шпанија, како воена алијанса, успеал да извојува неколку победи во Централна Европа. Ова уште толку ги разгорело односите меѓу католиците и протестантите, а Франција го искористила овој момент за да склучи алијанси со повеќе држави против Светата Римска Империја. Во Данска, Шведска и Холандија протестанството успеало да победи, но тоа, во исто време, значело војна против Римската Империја, која секоја од овие држави ја губи и завршува со потпишување на договор.

Но, истата година (1635), кога биле потпишани тие договори, Холандија и Шведска се придружуваат на Франција во војната против Светата Римска Империја. Во овој момент војната не наликува на религиозна војна, туку на политички конфликт за надмоќ во Европа. Француските сили, комбинирани најмногу со шведските, но и со силите на другите помали држави, успеале да ја победат Светата Римска Империја.

### Крај на „Триесетгодишната војна“ (1618-1648 година) и воспоставување нов систем на меѓународни односи

По триесет години крвави битки и масакри, „Триесетгодишната војна“ завршува на 24 октомври 1648 година со Мировниот договор на Вестфалија, кој е потпишан двапати, на две различни места: прво во Минстер, а подоцна во Оснабрик (односно, во еден римокатолички град и во еден протестантски град). Договорот, конечно, означил крај на „Триесетгодишната војна“ и, наедно, воспоставил нов систем на меѓународни односи, заснован врз основниот принцип на Договорот – суверенитетот на државата. Договорот ги утврдува правните темели за современиот систем на меѓународни односи, во кои единствени, или главни чинители се суверените држави.

Овој Договор носи територијални промени и независни држави. Франција од Договорот излегува најзадоволна, територијално

се проширува и станува најголема сила во Европа. Шведска, исто така, територијално се проширува, Швајцарија добива независност, а Холандија ја завршува „Осумдесетгодишната војна“ со Шпанија и со овој Договор станува независна и од Шпанија и од Светото Римско Царство. Светата Римска Империја се дели на мали држави или кнежества од кои најдоминантни се Прусија и Хабсбуршката монархија.

Како прво начело на овој Договор е: сите страни да го почитуваат Договорот од Аугсбург од 1555 година. Што значи дека секој владетел има право да ја утврди религијата во својата држава. Се внесува суверенитетот како категорија, што точно го определува авторитетот на одредена територија. Концептот на суверенитет вклучувал територијален интегритет, забрана за напаѓање и политичко самоопределување на државата, како во внатрешната, така и во надворешната политика. Со овој Договор сувереноста станува темел на новиот европски систем во кој на државите, без оглед на религиската определба или големината, им се признава еднаквост.

Овие принципи на суверенитет ѝ нанеле силен удар на Римокатоличката црква во Ватикан и на неговата глава, папата, бидејќи тоа значело дека европските монарси биле во можност да одлучат за сите свои прашања, како што е официјалната државна религија, без никакво надворешно мешање.

Мировниот договор од Вестфалија во 1648 година донел нов политички поредок во Европа, фундаментално заснован врз суверенитетот на државата и независноста на нивните владетели кои добиваат право: да одржуваат постојани војски, да градат одбранбени инфраструктури и да собираат даноци од нивните граѓани. Со воведувањето на принципот на суверенитет, на владите на државите преку интернационален закон им било забрането да се мешаат во владините и државните работи на друга држава, во спротивно следувала казна. Затоа, практиката на вмешување во сечија држава на Ватикан била сериозно ослабена во римокатоличките држави, додека во протестантските држави таа практика била целосно укината.

Како последица на тоа, сè повеќе преминувале во секуларни, национални држави, наместо, како што биле претходно – теократски. Значењето на суверенитетот постепено се менувало, па државите се пренасочиле од владеење на една моќ или династија, на владеење на претставници избрани од народот. Кралскиот совет

бил заменет со повеќе државни органи, како парламент (законодавната институција), влада (извршната институција) и суд (правосудна институција). Овој систем на Вестфалија го утврдува принципот на колективна безбедност. Со тоа, во случај на агресија од една или повеќе држави кон друга, сите други држави треба да усвојат заедничка политика за враќање во ситуацијата пред агресијата, односно пред повредувањето на суверенитетот на другата држава.

**Суверенитетот на државата, промовиран во 1648 година, станал клучен момент за создавање на националните држави**

Принципот на суверенитет на државата, промовиран во 1648 година, наскоро станал и клучен момент за создавање на националните држави, најнапред во Европа, а подоцна и низ целиот свет. Суштината на модерната национална држава е идеја од Вестфалија, каде се наведува дека политичкиот легитимитет треба да потекнува од секуларен правен орган, а не од теолошки државен субјект, како што било практика во средниот век. Овој Договор, исто така, им помогнал на монарсите да ја зацврстат и зачуваат власта и да дејствуваат со нивната моќ над територииите во границите на нивните држави. Со него се поплочува и патот до уставот и уставната влада.

Со создавањето на големи и моќни армии придружени со ефикасен даночен систем, потребно е и функционирање на постабилна државна организација заснована врз централизирана администрација и бирократски апарат. Затоа, станало неопходно да се промени дејствувањето на државата, односно од кралство, во влада. Со други зборови, последиците од„Триесетгодишната војна" го иницирале создавањето на модерната национална држава преку Мировниот договор од Вестфалија.

Во основа, глобалната безбедност и меѓународните односи денес се изградени врз идеите од овој Договор од 1648, со мали промени и модификации направени во периодот по 1945 година. Основните принципи се дека ниту една држава не смее да се меша во внатрешните работи на друга држава, а ако дојде до прекршување на овој закон или повреда на суверенитетот на некоја држава, се активираат меѓународните организации кои дејствуваат против државата агресор.

Денес, за една држава да биде глобално призната или за да влезе во одредени меѓународни организации, потребно е да биде суверена држава. Вестфалскиот договор претставува пресвртница од средновековниот систем на односи. Овој Договор е почетна точка за нова мултилатерална дипломатија и претставува темел на модерните меѓународни односи.

Практикувањето на суверенитетот од 1648 година, па до сега, е променето на многу начини. Некои наведуваат дека тој веќе не постои, а според други тој постои, но во променета смисла. Според првите, суверенитет е веќе изумрена идеја која е разводнета или целосно избришана под влијание на глобализацијата и денешната голема меѓуповрзаност на државите. Според други, суверенитетот не е идеја која е мртва, туку како секоја општествена идеја таа постојано еволуира и се адаптира на модерното време, новите светски случувања и предизвици.

За да разбереме каква е состојбата со суверенитетот денес, треба да ги разгледаме светските трендови, новите предизвици и да разгледаме дали неговото значење е: непостојно, намалено или променето. Денес постојат околу 200 држави, но покрај нив, има и други групи, територии или, пак, влади кои со години се борат за своја држава и кои, дали заради: економски, етнички, религиозни или територијални причини, се стремат за своја независна суверена држава. Но, секој не може да добие суверенитет и затоа има чести несогласувања и недоразбирања во однос на тоа кои држави ги исполнуваат условите за да го добијат статусот суверена држава.

### Светот стана помирен и постабилен со воведувањето на принципот на суверенитет

Нема прецизни правила или процедури за тоа кој сè може да создаде суверена држава. Ова доведува до конфликти и војни на засегнатите територии, а повреди на нечиј суверенитет се случуваат често. Таков случај е анексијата од страна на Русија врз Крим во Украина, во 2014 година или, пак, инвазијата во Кувајт од страна на Ирак во 1990 година. Конфликтната состојба на Блискиот Исток меѓу Палестина и Израел е состојба која е актуелна со години, а е заснована врз идејата и желбата за суверенитет и независност. Според многумина, оваа ситуација претставува повреда на суверенитетот на Палестина од страна на Израел, но според други, тоа не е така,

бидејќи суверенитетот е една од клучните категории на една држава, а Палестина не е држава. Во овој момент, Палестина не претставува држава, туку територија само заради тоа што нема суверенитет и не е светски призната како држава.

Сепак, денес, суверенитетот се прекршува намерно во одредени држави заради: повреда на човековите права, непостоењето демократија, порастот на терористички групи, геноцидот, и слично. Па, така, меѓународни организации прават воени акции со цел да ги зачуваат човековите права и да воведат демократија. Но, и воените акции кои се извршуваат во име на демократијата и човековите права, всушност, значат повреда на суверенитетот на државата. Вакви ситуации постојано се случуваат во држави, како: Сирија, Авганистан и нивната околина.

Како што веќе е споменато, денес нема кристално јасни линии за тоа што претставува прекршување на суверенитетот. Многу критичари на западните земји наведуваат дека тие го користат зачувувањето на човековите права и воведувањето на демократија како изговор за вршење воен терор, за наметнување нивно влијание и користење или исцрпување на ресурсите што ги поседува државата.

Но, има случаи кога државите се одлучуваат да се откажат од суверенитетот или од некои негови аспекти. На пример, голем дел европски земји одлучија да бидат дел од Европската унија, која им нуди голем број политички и економски придобивки. Сепак, членување во ЕУ, исто така, значи и следење на правила наметнати од Унијата, дозволувајќи овие правила да ги надминат националните закони и норми.

Во глобала, светот стана помирен и постабилен со воведувањето на принципот на суверенитет. Но, иако идејата за суверенитет може лесно и кристално јасно да се интерпретира и да се објасни на хартија, воведувањето и практикувањето е многу тешко, особено во денешно време. Што се случува во една држава може да има ефект врз сите, без разлика колку се блиску или далеку од неа. Од бегалците, сајбер просторот, болестите, капиталот. Една работа што се случила на друг континент и која, навидум, не би требало да ги засега другите, може да има ефект врз сите во многу краток период.

Како суверенитетот одговара на овие предизвици, дали милионите бегалци претставуваат напад врз суверенитетот на државите, дали интернетот, информациите што се добиваат и разменуваат

можат да се сметаат за повреда на суверенитетот, дали одредени воени операции од страна на: НАТО, ОН и слични меѓународни организации значат повреда на суверенитетот и дали глобализацијата носи нов бран на државно уредување? Тоа се само дел од прашањата кои се посочуваат како предизвик на суверенитетот денес. Сите овие дилеми ни го изнудуваат прашањето: Што ќе се случува со суверенитетот, дали неговото влијание и значење ќе исчезне, ќе се намали или промени? Денес, преку размена на: стоки, луѓе, економски или културни добра и услуги, светот станува помал, границите на државите помеки, а важноста на суверенитетот помала.

# ПОГЛЕД НА КОНФЛИКТОТ ВО НАГОРНО-КАРАБАХ ОД ЕРМЕНСКА И ОД АЗЕРБЕЈЏАНСКА СТРАНА

БОЈАН ЛАЗАРЕВСКИ

**ИНТЕРВЈУИРАНИТЕ СЕ МАРИАМ И АЛИ, ОД ЕРЕВАН И ОД БАКУ – ГЛАВНИТЕ ГРАДОВИ НА ЕРМЕНИЈА И АЗЕРБЕЈЏАН. МАРИАМ Е РОДЕНА И ЖИВЕЕ ВО ЕРЕВАН, А АЛИ, ИАКО МОМЕНТАЛНО СТУДИРА ВО ИСТАНБУЛ, СЕПАК, СО ДОСТА ГОЛЕМО ПОЗНАВАЊЕ НИ ЈА ОБЈАСНИ СИТУАЦИЈАТА ВО АЗЕРБЕЈЏАН, БИДЕЈЌИ ЦЕЛИОТ СВОЈ ЖИВОТ, ДО ОДЕЊЕТО НА СТУДИИ, ЖИВЕЕЛ ТАМУ**

Кон крајот на септември 2020 година, во светските медиуми се појави една вест којашто не беше многу изненадувачка. За мнозумина беше прашање на време кога повторно ќе се разгори конфликтот на Кавказ меѓу Ерменија и Азербејџан, а заради спорниот регион Нагорно-Карабах, лоциран на територијата на Азербејџан, со претежно ерменско население. Во екот на светската пандемија со Ковид-19, главната тема во овие земји стана војната.

Судирите, коишто приближно траеја шест недели, завршија со неодамнешното потпишување на Договор за прекин на огнот, на 9 ноември 2020 година од страна на двете земји, односно меѓу претседателот на Азербејџан, Илхам Алиев, и премиерот на Ерменија, Никол Пашинин. Договорот, исто така, е потпишан и од рускиот претседател Владимир Путин, во својство на медијатор. Исходот од конфликтот и самиот Договор не беа добредојдени во Ерменија каде што избувнаа демонстрации против таквиот Договор, што го отвора прашањето дали конфликтот и овојпат навистина е решен.

Без да се навлегува во анализа на конфликтот, краткиот вовед служи за оние коишто не се запознаени со скорешната ситуација во тој регион. Темата беше, и сè уште е доста актуелна, особено за студентите коишто имаат предмети од областа на безбедноста, војните и мирот. Токму за таа цел, во текот на случувањата интервјуирав

двајца пријатели кои се наоѓаат од спротивните страни на конфликтот. Нивните одговори укажуваат на дијаметрално спротивни ставови кај граѓаните на двете земји и поларизацијата меѓу нив, но и на сличностите коишто се јавуваат за одредени прашања. Одговорите, кои беа дадени непосредно пред завршување на конфликтот, знаејќи го исходот кој сега го има, се доста интересни за разгледување.

Интервјуираните се Мариам и Али, од Ереван и од Баку – главните градови на Ерменија и Азербејџан. Мариам е родена и живее во Ереван, а Али, иако моментално студира во Истанбул, сепак, со доста големо познавање ни ја објасни ситуацијата во Азербејџан, бидејќи целиот свој живот, до одењето на студии, живеел таму. Наместо посебно да ги пренесам интервјуата со двајцата, ќе се обидам да ги доловам главните сличности и разлики во нивните ставови, споредувајќи ги одговорите на истите прашања коишто им ги поставив. Значи, станува збор за автентично пренесени мислења, притоа да вметнувам мои ставови за конфликтот.

### Нарушени односи

На прашањето, какви беа односите меѓу двете земји до тогаш, и двајцата се согласија дека тие никогаш не биле добри ниту на политички, ниту на воен план. Но, тука доаѓаат големите спротивставувања за причините и нивната релевантност во погледот на другата страна.

Според Мариам, Турција е доста заинтересирана за овој конфликт. Таа е на страната на Азербејџан, а една од причините коишто ги наведува е и фактот дека Ерменија е единствената христијанска земја во тој регион и дека тоа предизвикува желба таа раса и нација да биде избришана од регионот, односно светот. „Не е само Азербејџан, нашиот непријател е токму Турција" – додава во еден дел од интервјуто.

Од друга страна, ставовите на Али се дека Ерменија сака да окупира делови од територијата на Азербејџан коишто се значајни за нив, додавајќи дека Ерменија секогаш ја прекршувала одлуката за прекин на огнот. Тој наведува дека: „По окупацијата на Ерменија од 1992 година, Азербејџан и Турција ги затворија границите со Ерменија." Али вели дека неговиот татко е војник и дека добро знае што се случува, но дека не можат често да контактираат.

Покрај согласувањето дека ставовите меѓу нивните земји никогаш не биле добри, и двајцата сметаат дека спротивната страна сака да им го одземе она коешто и двете страни го сметаат за свое, а интересно е што и двете страни сметаат дека она што го прават – го прават во самоодбрана.

**Меѓународна помош**

На прашањето каква е улогата на другите држави и меѓународните организации во конфликтот, Мариам пројавува скептицизам околу улогата на меѓународните организации. Смета дека Ерменија е сама со својата армија во овој конфликт и дека не добиваат никаква суштинска помош. „Тие само прават некакви формални состаноци, разговараат и ги споделуваат нивните мислења или грижи, но не преземаат ништо и нема никаква акција до сега." На крајот додава: „Заради овој конфликт започнав да размислувам колку бескорисни можат да бидат некои организации".

Али смета дека најголем пријател на Азербејџан е токму Турција – каде што и самиот студира. Тој смета дека Турција е вистински сојузник на неговиот народ. Во однос на меѓународните организации, вели дека често пати, вклучувајќи го меѓународното право или донесувајќи одредени резолуции, тие се обидувале мирно да го решат овој проблем. Сепак, не мисли дека е доволно направено за решавање на конфликтот на мирен начин. „Не можам да кажам дека не прават ништо, бидејќи постојат неколку резолуции на ООН за овој конфликт". „Ако ООН, ЕУ, НАТО и кои било земји сакаат мирен исход, тие мора да вложат повеќе напори за решавање на конфликтот". Тој, исто така, изразува одреден скептицизам во однос на овие прашања.

Од одговорите на ова прашање можеме да заклучиме дека и двајцата имаат слични ставови во однос на меѓународните организации. Али истакнува дека постојат обиди на странски фактори за решавање на конфликтот, но и двајцата не веруваат дека тие значително придонеле до тој момент.

Како потсетување, неколку недели по интервјуто, примирјето беше потпишано со посредништво на Русија.

## Конфликт во услови на ковид пандемијата

Следното прашање се однесуваше на конфликт во услови на пандемија.

Мариам, која живее во Ерменија, одговара: „Во врска со пандемијата, таа ја прави ситуацијата многу потешка, бидејќи сега ние сме во вториот, и до сега најсилен, бран од вирусот. На пример, имавме околу 300-400 случаи дневно во текот на првиот бран, а сега имаме повеќе од 1.000 дневно. Многу е тешко бидејќи, замислете, ако короната пристигне и меѓу војниците на границата каде што се одвива конфликтот. Нема да биде добро, а јас сум сигурна дека веќе има неколку случаи на заразени со вирусот таму, и тоа, секако, не се добри вести".

Мариам додава: „Од друга страна, луѓето одбиваат да носат маски, бидејќи мислат дека, бидејќи сме во војна, маските нема да помогнат, и слично. Луѓето не ја сфаќаат пандемијата сериозно додека, истовремено, го имаме проблемот со овој конфликт".

Али не живее во Азербејџан, па не би било релевантно кога од прва рака не може да ни одговори за ситуацијата со пандемијата. Сепак, можеме да претпоставиме дека ситуацијата е слична, гледајќи ги статистиките за овие две земји. Постоењето на војна, додека постои една светска здравствена криза, навистина е дополнителен проблем кој ја прави ситуацијата уште потешка.

## Небезбеден живот

Прашање до Мариам: Каква е ситуацијата во главниот град на Ерменија? Дали се чувствува страв, несигурност, се чувствувате ли безбедно?

„На никому тука не му е забавно, ние, буквално, не можеме да мислиме на нешто друго освен на конфликтот. Постои страв, се разбира, бидејќи од Азербејџан направија многу неодговорни постапки кон Ерменија, но јас сум убедена дека воените капацитети на мојата држава се доволно силни и ќе направат сè што е во нивна моќ да ја уништат секоја закана по безбедноста за животот тука, во Ереван. Додека сум загрижена, да речеме, им верувам на државата и војниците, како и капацитетот за самоодбрана. Денес, уште после првиот ден на конфликтот, постојат многу организации коишто се

грижат за семејствата кои доаѓаат од Нагорно Карабах во Ерменија, бидејќи тие претставуваат воени бегалци. И јас лично сум инволвирана во волонтерска работа. Она што го работиме е собирање на: храна, хигиенски продукти, медицински помагала и лекови, како и облека. Ние ги обезбедуваме овие семејства со она што им е најпотребно. Некои луѓе донираат пари или носат одредени продукти во нашите мали групи од пријатели и волонтери од каде што ги дистрибуираме до загрозените семејства.

Некои семејства дојдоа во Ерменија само во нивните пижами. Замислете ја таа ситуација, се будите и без ништо со вас морате да го напуштите местото коешто дотогаш било ваш дом и треба да барате засолниште. Уште една работа што би сакала да додадам е дека не се само организациите оние коишто помагаат, покрај семејствата и војниците. Исто така, секој индивидуално во, речиси, целата земја, како и сите Ерменци низ светот, прават сѐ што можат за да помогнат преку: донирање, протестирање, подигање на свеста за конфликтот, повици за мир, доставување на најпотребните ресурси до најзагрозените семејства и војниците, тие извршуваат дури и физичка работа за таа цел. Неверојатно е да се види како една нација се мобилизира за еден огромен проблем, како овој во нашата држава."

На истото прашање Али одговора на поинаков начин: „Не се чувствуваме многу небезбедно". Тој стравува дека проблемот во Баку е во потенцијалната опасност од, како што вели, големиот број на ермански терористички групации коишто би можеле да бидат планирани во Баку или некои други градови во Азербејџан.

### Двете страни сакаат победа

Во врска со прашањето за завршувањето на конфликтот, ги имаме следните одговори коишто, всушност, можеме да ги споредиме и со фактичкото завршување на конфликтот што се случи извесен период по овие интервјуа.

„Се надевам дека овој конфликт ќе заврши што поскоро и повторно ќе се вратиме на нашите нормални животи, бидејќи навистина е невозможно да се живее нормален живот на овој начин. Иако конфликтот не се случува во мојот град, сепак на стотици километри подалеку мои сограѓани секојдневно умираат и тоа воопшто не е фер", одговори Мариам.

За неа крај на конфликтот ќе се случи доколку Нагорно-Карабах, Република Артсах, стане независна: „Тоа е единственото решение што го гледаме, а многу, многу други држави веќе започнаа со признавање на регионот како независна држава (Република Артсах н.з.), па чекор, по чекор, мислам дека тоа би било единственото решение и резултат од конфликтот. Сепак, многу е тешко да се зборува за таа независност и сè уште не сме сигурни, на пример, дека двете страни ќе се согласат на тоа. Азербејџан никогаш не би дозволил тоа да се случи. Само доколку светот застане со нас, ние ќе победиме. Навистина сите треба да го сторат тоа и да застанат на страната против Турција и Азербејџан, што за мене е малку веројатно и е тешко дека ќе се случи. Но, јас навистина се надевам на тоа. Веќе изгубивме премногу, не територијално, туку во смисла на животите на нашите војници, веќе има стотици коишто се загинати, и уште повеќе се во болниците. Дури и победата после ова нема да биде победа."

Според Али, пак, конфликтот и војната ќе завршат кога Азербејџан ќе ги заземе сите историски територии. „Треба да го вратиме нашиот историски интегритет, тоа е сè. Само со таа состојба ќе ставиме крај на војната, азербејџанскиот народ и Владата само на овој начин ќе ја завршат војната. Мислам дека најдобриот исход за Азербејџан е ако ја земеме нашата историска територија".

## Болка и радост од епилогот

После шестнеделниот конфликт, со посредство на рускиот претседател Владимир Путин, Ерменија и Азербејџан се согласија да ги прекинат воените операции во, и околу регионот Нагорно Карабах, со прекин на огнот. Процените се дека околу 2.000 луѓе ги загубиле животите во текот на конфликтот. Според Договорот за примирје, Ерменија се согласи да ги повлече своите трупи од голем дел од териториите околу Нагорно Карабах. Русија ќе испрати околу 2.000 мировници во регионот.

Азербејџан доби територии, но не целиот регион Нагорно Карабах. Ерменија изгуби територии коишто ги контролираше уште од деведесеттите години од минатиот век. Сепак, Ерменија избегна тотален пораз, бидејќи голем дел од Нагорно Карабах ќе остане независен од контролата на Азербејџан. Јадрото на енклавата со ет-

нички Ерменци и главниот град Степанакерт ќе останат надвор од контролата на Азербејџан. Баку ќе изгради пат што ќе ги поврзува новозафатените територии со Накчиван, автономна република на Азербејџан, која беше географски одделена од копното.

Ерменскиот лидер Никол Пашинин ја опиша одлуката за прифаќање на примирјето како „болна", додека претседателот на Азербејџан, Илхам Алиев, поддржан од Турција, прогласи победа. Русија, спроведувајќи го примирјето, ќе го засили своето влијание во Јужен Кавказ, а и дополнително со присуство на свои војници.

# ЧОВЕКОТ КАКО ПОЕДИНЕЦ – СУБЈЕКТ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

АЛЕКСАНДРА КАЛАБАКОВА

**ЧОВЕКОТ КАКО ПОЕДИНЕЦ Е САМО ЕДНА КАПКА ВО МОРЕТО ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ. И ПОКРАЈ ТОА, НЕИЗБЕЖЕН Е ЗАКЛУЧОКОТ ДЕКА И ДРЖАВИТЕ И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НЕ БИ БИЛЕ НИШТО БЕЗ ТИЕ КАПКИ, ОДНОСНО БЕЗ ЧОВЕКОТ. ДРЖАВИТЕ, КАКО И МЕЃУНАРОДНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ БИЛЕ ФОРМИРАНИ И ВОДЕНИ ОД СТРАНА НА ПОЕДИНЦИ. ЗАТОА ДОАЃА ДО ИЗРАЗ ВАЖНОСТА И ВЛИЈАНИЕТО НА ЧОВЕКОТ КАКО ПОЕДИНЕЦ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ**

Зборувајќи за меѓународните односи и политиката, најчесто како најважни субјекти ги посочуваме државите. Секако, во последните неколку децении значајно место заземаат и меѓународните организации. Се вели, големите сили ја кројат светската политика. Дефинитивно, ова претставува факт. Државите склучуваат билатерални и мултилатерални договори, одлучуваат за војната и мирот. Едноставно, нивното влијание во меѓународните односи е огромно. Истото се однесува и за меѓународните организации. Со глобализацијата и развојот на технологијата, меѓународните организации можат да обединат држави и народи кои се на различни краеви од светот, да ја кројат меѓународната соработка и развој. Но, исто така, можат и да предизвикаат војна, да интервенираат, и најопшто кажано, можат директно да ја променат светската политика и текот на меѓународните односи.

Во ова размислување за огромното влијание на државите и меѓународните организации го сфатив влијанието на човекот. Најпрвин, си реков, не, што е човекот во споредба со цела една држава или, пак, во споредба со една меѓународна организација, како: ООН, НАТО, ММФ... . Човекот како поединец е само една капка во морето во меѓународните односи. Меѓутоа, и државите и меѓународните организации не би биле ништо без тие капки, односно

без човекот. Државите, како и меѓународните организации биле формирани и водени од страна на поединци. Затоа, ќе се обидам преку ова истражување да ја елаборирам важноста и влијанието на човекот како поединец во меѓународните односи.

### Кога моќта на институцијата станува моќ на човекот како поединец

Ќе се обидам да објаснам од каде потекнува ова мое размислување за важноста на човекот во меѓународните односи. Кога се зборува за односите меѓу државите, најчесто  се повикува на нив, а не на луѓето кои донеле некоја одлука во име на државата. Еве и пример за тоа: кога станува збор за Втората светска војна, најчесто се вели дека Германија ја анектирала Полска или, пак, Германија го започнала планот Барбароса. Но, всушност, зад двете одлуки стои човек-поединец – Адолф Хитлер. Секако, дури и кога се тврди дека човекот може да има огромно влијание во меѓународните односи, мора да се напомене дека сите оние личности низ историјата кои сега ги класифицираме како маркантни, своевремено морале да ја придобијат поддршката или на народот како гласачи или, пак, на некои институции и организации. Наједноставно кажано, дури и на оние личности кои го смениле текот на политиката и меѓународните односи им била потребна поддршка и потпора од некоја поголема од нив институција или тело. Во оној момент кога ја добиле потребната поддршка, веќе моќта била во нивни раце.

Повторно како пример ќе го посочам токму Адолф Хитлер. За да дојде на власт и да биде прогласен за фирер, тој најпрвин морал да ги придобие гласачите и да ја зајакне Национал-социјалистичката работничка партија. Но, кога веќе целата моќ била во негови раце, тој бил незапирлив. Иако успеал да ја покори цела Европа, неговата најголема грешка бил планот Барбароса и нападот врз СССР. Иако бил предупредуван за последиците од можниот неуспех при нападот, тој одбивал да ги послуша советите на поголемиот дел од неговите соработници, сѐ до неговата смрт (или барем како што целиот свет го прифаќа како негова смрт). Токму од овој пример може да се види на што сѐ може да биде спремен човекот и каква бура од настани во светот може да предизвика. Честопати се прашувам што би било доколку Хитлер не ја презел власта во Германија. Несомнено, сега ќе живеевме во поинаков свет и ќе учевме поинаква историја.

Сличен е случајот и со Јосип Броз Тито. Без оглед на тоа дали тој е поддржуван и се почитува неговиот лик и дело или, пак, спаѓа во редот на недемократски лидери, како што некои го класифицираат, не може да се негира фактот дека бил фантастичен лидер и паметен политичар. Неодамна имав една дебата на оваа тема: дали СФРЈ ќе се распаднела доколку Јосип Броз Тито бил жив? Дали во негово присуство би дошло до крвавите војни на Балканот? Претпоставувам ваквите прашања ќе останат само хипотетички и ќе можат само да се прават теории и хипотези. Ако ги прашаме постарите каков бил животот во времето на СФРЈ, треба да очекуваме долги предавања и сеќавања за ликот и делото на Јосип Броз Тито. Ќе ни раскажат за тоа колку бил поубав животот во времето на Тито, со носталгија ќе зборуваат за југословенскиот пасош, за угледот и почитта која ја уживал Тито.

Веројатно малку е нејасно зошто толку им придавам значење на СФРЈ и Јосип Броз Тито, но ќе се обидам да објаснам. Без разлика на тоа што од денешна призма на гледање методите и начинот на владеење на Тито не се во демократски дух, сепак мора да се признае дека зад моќната Југословенска федерација стоел еден човек, а тоа е Јосип Броз Тито. Според многумина тој е единствениот човек кој успеал да ги обедини и да ги држи во слога и единство сите народи кои живееле во СФРЈ. Некој на ова би рекол дека национализмот постоел и во негово време. Да, дефинитивно, точна е и таа констатација. Но, важно е да се напомене дека тој успеал да го држи национализмот на едно прифатливо ниво, во кое нема да има нетрпеливост и конфликти. Потоа, велиме СФРЈ, Индија и Египет го оформиле Движењето на неврзаните (кое, патем, е многу важно за одржување рамнотежа во поделениот биполарен свет), но, всушност, зад неговото формирање стојат: Јосип Броз Тито, Џавахарлал Нехру и Гамал Абдел Насер.

## И човекот како поединец на некој начин го одредува текот на меѓународните односи

Јасно е од каде доаѓа тој „потценет“ статус на човекот како поединец – субјект во меѓународните односи. Најчесто лидерите на државите се само играчи на политичката сцена на големите сили. На било каков начин и под било какви услови тие, најчесто, потклекнуваат на политиките кои ги спроведуваат големите сили или

мултинационалните корпорации, што на крајот доведува до состојбата – зошто државите и меѓународните организации се далеку повлијателни во меѓународните односи за разлика од човекот како поединец. Сепак, сметам дека не може да се потценат оние личности кои оставиле свој белег врз развојот на настаните на меѓународната политичка сцена, без разлика на притисокот од големите сили или од политиките што ги наметнуваат меѓународните организации. Секако, примерот со Адолф Хитлер не е соодветен за тоа како треба да се однесува една држава на меѓународен план, со оглед на енормните штети што биле предизвикани со Втората светска војна и геноцидот врз Евреите и другите, но е соодветен пример во смисла на тоа како човекот како поединец може да влијае со неговата моќ и неговите постапки.

Во меѓународните односи, личните чувства и ставови на поединецот може да предизвикаат многу турбуленции. Пример за тоа е непријателството меѓу американскиот претседател Труман и советскиот лидер Сталин. Голем број историчари сметаат дека Труман воопшто не го сакал Сталин и ваквите негови чувства во голема мерка влијаеле врз настаните и самиот почеток на Студената војна. Логично, Студената војна е производ на голем број фактори, меѓутоа вреди да се спомене и непријателството меѓу овие личности.

Честопати е поставувано и прашањето во врска со војната во Ирак? Доколку бил некој друг претседател на местото на Џорџ Буш дали ќе започнеше нападот врз Ирак и ќе беше соборен режимот на Садам Хусеин? Покрај другите причини (или изговори, зависи кој како гледа на настаните) кои биле наведени за нападот на САД врз Ирак, сепак, се издвојува и една според која Садам Хусеин планирал атентат врз таткото на претседателот Џорџ Буш, па можеби и затоа Буш одлучил на некој начин да се пресмета со Садам Хусеин. Многумина сметаат дека најзаслужна за падот на Садам Хусеин и војната со Ирак е групата на неоконзервативци, во чијшто состав влегуваат: Џорџ Буш, потпретседателот Ричард Чејни, секретарот за одбрана, Доналд Рамсфелд и потсекретарот за одбрана, Пол Вулфовиц, државниот секретар, Колин Пауел и советникот за национална безбедност, Кондолиза Рајс. Оваа мала група на поединци сосема го менува животот во Ирак и предизвикува долгогодишна војна во која се изгубени огромен број животи. Од овој пример се гледа и како најголемата меѓународна организација, Обединетите

нации, не презема ништо за да ги спречи овие поединци во нивната намера, имајќи предвид дека одлуката за напад врз Ирак не била одобрена од Советот за безбедност. За сево ова сведочи, а патем и потврдува, тогашниот генерален секретар Кофи Анан.

Од овие и многу други примери како во светски рамки, така и во Европа, па и во Македонија, може да се согледа влијанието на човекот како поединец и субјект во меѓународните односи. Овде посочив личности и настани со коишто, верувам, сите сме запознаени. Денес, влијанието на човекот како поединец е доста намалено, за сметка на огромното зголемување на влијанието на: меѓународните организации, невладините организации и мултинационалните корпорации.

Ова елаборирање ќе го завршам со мислата што ја искажав во самиот вовед: човекот како поединец е само една капка во морето во меѓународните односи. Но, сепак, капка по капка, човекот како поединец, на некој начин го формира и го одредува текот на меѓународните односи.




Серијата на книги: Социјална демократија – кратко и јасно, нуди јасен вовед во светот и идеалите на социјалната демократија. Во овие книги ги разгледуваме најважните теми од обласа на политиката. Притоа, со куси текстови и на разбирлив јазик.
Во првата книга од серијата станува збор за основните вредности на социјалната демократија. Од каде потекнуваат зборовите: слобода, еднаквост и солидарност? Какво значење имаат во актуелната политика? Во што се разликува социјалната демократија од останатите политички модели? И, какви одговори нуди на прашањата за иднината? Сето ова – и многу повеќе – ќе го прочитате во оваа книга.

Публикацијата можете да ја најдете на страната на ФЕС Скопје, https://www.fes-skopje.org/mk/publikacii/.

ISSN 2671-3209